**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деветтата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 4 февруари 1999 година**

Седницата се одржа во големата сала на Владата на Република Македонија.

Седницата се одржа со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илинка Митрева и Ристо Тодоров ме известија дека од определени ѕпричини не се во можност да гтрисуствуваат на сед-ницата. Исто така, министерот за развој Милијана Даневска и министе-рот за финансии Борис Стојменов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Државната изборна комисија.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.
2. Предлог на закон за амнестија.

Отворам претрес по Предлогот на дневниот ред. Кој бара збор?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, мислам дека свежо е сеќавањето од минатата седница кога Пратеничката група на ПДП бараше да се стави на дневен ред Предлог-резолуција за Косово и на одговорот на претставникот на Владата беше ветено дека по добивање на став, односно мислење на Владата истата ќе биде ставена на дневен ред на првата наредна седница. Доколку не се лажам прва наредна седница е денешната. Би молел за објаснување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да даде објаснување.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Предлог резолуцијата е примена во Владата, истата е распоредена до надлежните министерства и со оглед на фактот дека Владата во овој меѓупериод нема одржано седница, така што не сме во можност на оваа седница да дадеме конкретен предлог. Затоа по одржување на седница на Владата Резолуцијата ќе биде разгледувана и ќе имате конкретен извештај.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јасно е дека Владата во меѓувреме не одржала седница, меѓутоа согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија за предлози од пратениците Владата може да дава мислење, но тоа не е неопходно, односно тоа не е услов без кој не може Собранието да расправа. Јас мислам дека од ден на ден се повеќе се губи смислата на она што беше намера на Предлогот на резолуцијата од причина што по филмска брзина се менуваат

работите на Косово и на Меѓународната заедница по однос на истото прашање. Доколку сте имале прилика да ја прочитате Резолуцијата, односно текстот сега веќе сите четири точки кои се наброени во текстот на Резолуцијата веќе се работи кои ги прифатила и контакт групата и Европската Унија и со еден збор пошироката Меѓународна заедница и тие веќе се ставови на Европската Унија и контакт групата. Така што јас мислам дека може Собранието да се изјасни и без став на Владата, имајќи во предвид дека од објективни причини истата не можела да се состане, односно да

изгради став тоа е едно. И второ, доколку се сака и намерата е таа да се одолговлече постапката за расправа и за донесување на Резолуцијата со тоа што Владата две, три недели нема да се состане, па откако ќе добиеме ние мислење, односно став на Владата по однос на истата и ние ќе отвориме широка расправа во Собранието, по работни тела, односно комисии, дури после месец, или два да дојде на дневен ред, а ситуацијата на Косово веќе е јасна, канализирани се сите состојби, мислам дека предлогот кој е даден ќе ја изгуби целта.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во врска со овој предлог ние ќе треба да се изјасниме дали ќе рапсправаме на оваа седница, или пак ќе ја чекаме информацијата на Владата и да расправаат и работните тела на Собранието.

Бидејќи инсистира предлагачот да расправаме на оваа седница, морам да го ставам предлогот и да гласаме дали ќе го ставиме на дневен ред, или нема да го ставиме на дневен ред. Претставникот на Владата се изјасни дека на следната, но пратеникот инсистира и деловнички доколку инсистира ние повторно мораме да се изјасниме дали денеска ќе расправаме, или пак ќе го чекаме ставот на Владата и на работните тела на Собранието. Според тоа, имаме предлог по кој што сега треба да се изјасниме. Тоа не значи дека сме го усвоиле дневниот ред. Јас сакам да се изјасниме по овој предлог. Имаме предлог од пратеникот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам треба конечно Владата да биде јасна во својот исказ дали ќе состави мислење и веќе на првата наредна седница ќе го имаме мислењето и ќе имаме можност да расправаме. Јас затоа реков доколку намерата е само да се одолговлече, тогаш навистина нема смисла оваа работа. Доколку има таков став Владата и на наредната седница Собранието да расправа, тогаш го повлекувам предлогот, доколку не, тогаш сакам Собранието да се изјасни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека Владата беше јасна. Таа ќе има предлог и на наредната седница ќе расправаме за тој предлог. Во меѓувреме предлогот на Владата ќе си добие свој тек и во соодветните работни тела на Собранието и на тој начин на првата наредна седница ќе расправаме по предлогот.

Според тоа, мислам дека е повлечен предлогот.

Дали има други предлози за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претсеателе, дами и господа пратеници, јас би сакал во името на пратениците Љубомир Поповски, Стојан Андов, Насер Зибери, Љубисав Иванов и Амди Бајрам кои што доставија барање за свикување на итна седница на Собранието во врска со воспоставувањето на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Тајван, да расправа Собранието.

Би сакал да го чуеме одговорот од страна на Претседателството на Собранието за судбината на ова барање, бидејќи сепак заслужува внимание прашањето и веќе една недела од тоа помина. Кога се размислува да биде ставено на дневен ред?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакам да ве известам дека уште истиот ден, бидејќи се бараше итно да се расправа по тоа прашање, јас предлогот го доставив до Владата. Од Владата до денес немам добиено одговор за да можам да свикам седница. Оној момент кога ќе добијам од Владата одговор, јас ќе свикам итна седница. Таков беше карактерот на барањето. Така што независно дали имаме редовна седница или нема да имаме редовна седница, во моментот кога Владата ќе се произнесе, јас ќе свикам итна седница на Собранието.

Претставникот на Владата може да земе збор и да го каже тоа мислење.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Судбината и за оваа информација и за овој предлог за свикување на итна седница е иста поради

објективни причини Владата нема одржано седница и на прва наредна седница ќе расправа по оваа иницијатива и ќе го извести Собранието и ќе има конкретна информација во врска со барањето на Пратеничката група на СДСМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го слушнавме мислењето на претставникот на Владата.

Дали има други предлози за дополнување или изменување на предложениот дневен ред? (Нема).

Дневниот ред го ставам на гласање.

Кој е за предложениот дневен ред, моламда крене рака? (99 пратеници гласаа за).

Дали има некој против?

(2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Според тоа, констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 - Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Извештаите на Верификационата комисија, ви се поделени.

Отворам претрес по извештаите.

Има збор претседателот на Верификационата комисија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, пред вас е доставен и дополнителниот Извештај на Државната изборна комисија и Извештајот на истата Комисија за промена на пратеник по пропорционалната листа. И едното и другото е законито по оценка на Комисијата и му предлага на Собрание-то да ги верификува мандатите на овие двајца колеги, од причини изнесени во извештаите. Реков ги имате извештаите, меѓутоа од мнозинската листа се работи за господин Назми Кадриу, а од пропорционалната листа Васил Ефтимов.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија за верификација на мандатот на пратеникот Назми Кадриу.

Кој е за Извештајот на Предлогот, молам да крене рака? (100 пратеници гласа за).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Според тоа, констатирам дека за Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија гласаа 10 0 пратеници, против и воздржани не-маше.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Назми Кадриу.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија за верификација на мандатот на пратеникот Васил Ефтимов.

Кој е за извештајот и предлогот, молам да крене рака? (102)

102 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека Извештајот и предлогот на Верификационата комисија со 102 гласови се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Васил Ефтимов.

Им го честитам мандатот и им пожелувам плодна соработка, заедничка, овде во парламентот.

Со тоа ја исцрпивме првата точка.

Минуваме на втората точка - Предлог на закон за амнестија.

Текстот на Законот, дописот и образложението на Петседателот на Република Македонија, ставовите на Владата по повод известувањето на Претседателот на Република Македонија и Извештајот на Комисијата за меѓунационални односи Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Збор има министерот за правда, г-динот Владо Камбовски.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, Постојат феномени како што е казната и казнувањето, чија што природа не бара некое посебно објаснување ниту оправдување, зашто е сама по себе јасна.

Како што за природата на казната не треба да се бара посебно оправдување надвор од тоа дека претставува справедлива одмазда за извршеното дело, така и за амнестијата, како акт на милост не треба да се бара посебно оправдување надвор од тоа дека претставува простување израз на добра волја и благост кон осудените лица како кон луѓе, членови на нашата заедница што општеството ги осудило, но е подготвено да им подаде рака и да го помогне процесот на нивната социјална реадаптација.

Работите се усложнуваат тогаш кога започнуваат да се бараат посебни објаснувања, надвор од таквата природа на амнестија, што ја ставаат под сомнение, всушност, способноста на оној кој сака да биде милостив, кога му се спори правото да биде таков, кога се негира неговиот легитимитет да донесе таква одлука. Тоа, за жал, се случи со оспорувањето од страна на Претседателот на државата на правото на Собранието да дава амнестија.

Основен во неговото објаснување е ставот дека Собранието не требало да даде таква амнестија, зашто таа, според него, требало да претставува исклучителен акт за исклучителни историски прилики, а такви не постојат во 1998 година. Сето друго, и повикувањето на помош на аргументите на казнената политика, потегањето на чувствителните прашања на независноста на судотвото, па дури и крупните политички аргументи за духот на Уставот, континуитетот на државата и слично, претставува само покритие за начелниот негативен став кон новата власт и за непризнавањето, со тоа, на слободно изразената волја на народот на парламентарните избори.

Би сакал да подвлечам, како и повеќепати до сега, дека никој на Претседателот на Република Македонија не му го одзема и не смее да му го одземе правото да има свои ставови по однос на олдуките на Собранието. И, се разбира, да ги соопштува таквите свои ставови. Но, никој не му го дава правото да се однесува како врховен арбитар кој, тогаш кога некој закон или одлука не му се допаѓа, ќе посегне по политички дисквалификации. Таквата позиција на било кој државен орган е непримерена за еден систем на вистинска парламентарна демократија и спротивна на барањето за ограничена и контролирана власт и претставува повреда на Уставот на Република Македонија.

По повод Законот за амнестија избија на површина, всушност, и тоа на еден најлош можен начин, сите вродени мани на функционирањето на нашата држава како демократско-правна држава. Ќе треба ли секогаш одново да ги преиспитуваме јасните надлежности и овластувања, определени со Уставот? Па, според тоа и сувереното право на Собранието да дава амнестија? Или, ни остана навика од долгогодишното минато работите секогаш да ги интерпетираме онака како што ни одговараат, ставајќи ги во контекстот на нашите политички определби, ставови или нетрпеливости?

Едноставно, ако сакаме да градиме дух на толеранција, неминовен за една елементарна демократска култура, мораме да се научиме најпрво да се почитуваме и да ги почитуваме надлежностите, правата и должностите, како и одговорностите на другиот.

Мислам, дека и наспроти сите негови вербални залагања за кохабитација во конкретниов случај Претседателот на Државата не го испочитува Собранието, како и фактот дека е тоа конституирано на легални избори и дека одговара, во прв ред пред оние кои го избрале, пред самите граѓани.

Натаму, кога ни се чини, како што е случајот со негативниот став кон Законот за амнестија усвоен со големо мнозинство, дека не одговара на некаква замислена констелација на политички односи мирно да конфронтираме определени аргументи, тогаш ќе го повикаме на помош стариот "Агипроповски метод" на владеење со кој така успешно се одржуваше системот на владеење во последните години. Ќе поттикнеме некоја група на луѓе да агитираат, да пропагираат против една легална одлука на Собранието, ќе шириме сомнеж кај обичните луѓе дека ете, таму во врвот нешто се договара на штета и зад грбот на народот.

Меѓутоа, овој пат се случи нешто многу интересно, од што треба да се извлечат определени поуки. Никој од тие обични луѓе, опсипани со секојдневните животни проблеми што на големо им ги создаде власта не стана да го критикува законот. А, негови најглавни критичари се, се разбира покрај луѓето кои без никаква политичка заднина ги изнесуваа слободно своите различни погледи и ставови, луѓе од редот на довчерашните властодршци, нивните истомисленици и нивните послушници, ситните манипулатори, интелектуалните пигмејци, што претходно долги години упорно сакаа да не убедат дека живееме во демократија и правна држава, дека сме билиску до Европа, дека напредуваме со реформите и дека сме на самиот праг на економска благосостојба. Меѓу нив има и такви што на најбескруполозоен начин учествуваа во грабежот на општественото богатство, што на најбезобзирен начин успеаја да прелеат огромни државни средства во приватни џебови, што создадоа најневозможни сојузи со криминалното подземје, што го сорозаа духовното и мисловното рамниште, создавајќи тотална збрка на сите вредности, што го контролираа со КГБ-овски методи, полициски и досиеја, секој кој не беше вплетен во нивното оро, што организираа безсмислени полициски акции против сопствените граѓани, имаат на душа повеќе мртви и стотици повредени и понижени луѓе. Акции како "Бит пазар", "Мала речица", "Куклиш", "Горче Петров" конечно и Гостивар, за кои до ден денеска остана нејасно која беше нивната вистинска цел и резултати. Или, јасна е барем една од можните цели дека на тој начин се сакаше да се демонстрира правната држава, наспроти општото беззаконие и општествена аномија, да се демонстрира со методите на прегледна настава во природа дека нашето општество, нашата држава секого од нас поединечно може да не одбрани само"силата на полициските мускули", а не демократијата, правото, заштитата на човековите права во нормална управна или судска процедура.

Доаѓаме, натаму, до симболиката на чинот што толку му недостига на г-динот претседател. Можеби самиот Закон не ја изразил таа симболика, ниту може да ја изрази таквата симболика. Зашто, на крајот на краиштата милоста, како и казната не смее да се инструментализира. Но, неа на еден несомнен начин ја изразуваат сите придружни појави што го следат овој закон и што од еден првостепен казнено-правен и пенолошки институт одеднаш направија една мошне прегреана политичка тема.

Таа симболика е сосема јасна, барем за оние кои се определија за промени. А, такво беше, да потсетам, мнозинството граѓани на нашата земја. Таа симболика се состои во следното:

1998 година мора да значи крај на полициската  и политичката држава, што начелата на владеење на правото, законитост и правда ги супституира со начелата на политичката целесообразност и арбитрарност. Крај за една епоха на владеење со луѓето, во највулгарната смисла на зборот, крај на времето во кое зборот "човекови права" претставуваше повеќе еден обичен украс, а поимот сожителство, само покритие на двојниот однос на власта во кој слаткоречивата форма требаше да ја маскира грубата силеџиска содржина.

Така, можеби и несакајќи, за неговите опоненти, Законот за амнестија се претвори во еден мошне јавен пробен текст за подготвеноста на нашата држава да функционира како правна држава.

Прво, со оглед на тоа дека и самиот претставува инструмент на правната држава, а доживеа страотна и непотребна политизација, но,

Второ, и најважно, расправата за овој закон ги отвори чувствителните и болни прашања на функционирање на нашиот систем во целина, а во негови рамки и системот на казнената правда.

За вториов аспект мислам дека се релевантни повеќе факти чие елаборирање заслужува внимание не само од аспект на минатото, туку, пред се, од аспект на идното остварување на постулатите на правната држава.

Зборуваме најпрвин за независно судство. Па, се наметнува прашањето кога беше конституиран системот на независно судство и, дали тој во овој период  профункционира со целиот свој капацитет?

Да потсетам, Законот за судовите беше усвоен во 1995 година а наредните две години, патем што не е неважно за нашиот предмет на интерес, со мошне нагласени партиски влијанија беше извршен изборот на судиите, а до денеска останаа уште бројни крупни прашаша од кои зависи остварувањето на уставните начела на самостојност и независност на

судовите, како што е начинот на изборот на судиите, што ќе го гарантира исклучително почитувањето на принципот на стручност, самостојниот судски буџет, материјалната положба и статусот на судиите итн.

Колку ефикасно профункционира така споро конституираниот судски систем нема да дадам свои оценки туку ќе ја приведам оценката што пред неколку дена ја чувме од претставниците на Светската банка во разговорите со Владата во рамките на нивните видувања за состојбите во земјата. Накусо - неефикасен судски систем.

Не би сакал сега да го коментирам и прашањето, за што по кој знае кој пат би можел погрешно да бидам интерпретиран, колку и како така изградуваниот судски систем беше или не подложен на влијанијата на тогашната власт и на дневната политика? За тоа, впрочем, се дадени мошне релавантни констатации од страна на меѓународната заедница по повод судењата по гостиварските настани.

И, уште, новото казнено законодавство беше инаугирирано во 1996 година, што значи дека во 1991 година кога беше донесен Законот за амнестија дека таа година не значеше раскин со стариот систем. Тоа е за Република Македонија историска година, еден неповторлив историски датум што го одбележува почетокот на новата ера на самостојност и независност на македонската држава и во тоа нема ништо спорно. Но, во 1991 година Македонија не раскрсти со стариот систем на односи, со старата партиска држава, со 50-годишната инерција на методите на политиката и управувањето со општествените работи, со односот меѓу државата и граѓанинот, со стариот правен систем итн.

Ова Собрание смета деак 1998 година ја изразува таа симболика, на зачекорување на повисок степен на демократија, правна држава, економски развој, граганско општество и стабилни меѓунационални односи. И, тоа Собрание има потполно право да верува дека е така и да се однесува во согласност со своето верување. Зашто, тоа право како легитимно му го предале граѓаните, барајќи промени во општеството и државата токму во изложените правци.

Зборуваме конечно за криминалот и неговото сузбивање, затоа дека наводно, ваквиот акт на амнестија може негативно да се одрази врз состојбите на криминалот и добро е што г-динот Претседател најде за потребно да ги изнесе своите погледи за тие состојби, иако постојано, особено последниве години, по сеопштите предупредувања дека во државата постои организиран криминал по случувањата во ТАТ итн., се очекуваше дека ќе заземе определен подецидиран став наспроти растечката корупција, дрогата, порастот на криминалот и неефикасноста во неговото откривање и спречување.

Но, не можеме сепак да зборуваме само за криминалот што бил судски опсервиран и изразен преку бројка на осудени лица чии казни делумно се намалуваат, освен да повторам по стоти пат, за четворица осудени лица кои се ослободуваат од натамошното издржување на казната, кој познат криминал, како што видовте во ставовите на Владата и нивните прилози, се наоѓа во состојба на стагнација.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:** (Продолжение)

Мораме да фрлиме поглед врз криминалот во целина, инаку разговараме за една недефинирана величина и за две различни работи. Мораме, а тоа наскоро ќе го направиме, да го отвориме пред ова Собрание прашањето на темната бројка на криминалот и причините за него-вото се понеефикасно спречување и откриваље. За криминалот во "белата крагна", за криминалното одлевање на огромни државни средства, за распродажбата на државните вили и службените станови по багателни цени, што не претставува ништо друго освен криминал под заштита на законот. Да гоземеме само примерот со недостигот на над 80 милиони ДМ во Фондот за здравство во текот на минатата година. Поголемиот дел од средствата исчезнаа како резултат на корупција и злоупотреба на службената положба, како и несовесно раскрчмување на средствата што граѓаните се потешко и помачно ги издвојуваат од своите плати. Било која пресметка ќе ни покаже дека кога би ја собрале сета штета предизвикана со сите имотни дела кражби и т.н., на сите осудени лица, па и оние што делумно ги помилуваме односно амнестираме со овој закон во последните 10 години, сосема сум убеден дека таа не е ни приближна до 80-те милиони марки. Ако сето тоа е така, убеден сум дека е така, потребен е одговор на следните прашања.

Како функционираше системот на казнена правда, дали беше ефикасен или не, дали наспроти тоа беше селективен или не и според тоа дали беше справедлив. Се разбира дека расправата за законот за амнестија колку и да ги допира овие прашања за што ги вклучува слабостите во функционирањето на правната држава , ерозијата на начелото на законитост и селективното и неефикасно откривање и гонење, не може да одговори на сите нив. Тие заслужуваат посебно внимание во ова Собрание. Јас се надевам дека Собранието ќе биде во ситуација да расправа и за тие други аспекти на функционирањето на системот на правната држава, за да може со поголема сигурност отколку сме во состојба тоа денеска да го направи да одговори на клучното прашаше.

Дали покрај лицата што се осудени и се наоѓаат во затвор постојат исто така тешки дури и потешки криминалци што се на слобода, амнестирани без закон за амнестија поради фактичкиот имунитет или не ефикасниот и селективен систем на откривање и гонење чија државно-правна основа и рамка беше супституирана со партиски и политички влијанија и блокади.

На крајот нешто и околу односот меѓу Владата и Министерството за правда, од една страна и Претседателот во вршењето на нивните функции.

Морам да истакнам, по кој знае кој пат, дека јас како министер за правда секогаш искажував потребен респект кон функциите на претседателот. Секогаш бев подготвен да ги ставам на располагање сите информации и материјали што му биле потребни за одлучување и по однос на потпишувањето или не потпишувањето на указаот на законот за амнестија. Така на 12 јануари Кабинетот на претседателот побара определени дополнителни податоци што му беа доставени истиот ден. На 14 јануари Кабинетот директно побара дополнителни податоци од казнено поправните установи врз кои врши надзор Министерството заобиколкувајки го патем самото Министерство, соопштувајќи потем дека Министерството наводно не соработувало со Кабинетот. И овој пат повторувам дека нема ништо подалеку од вистината. Министерството за правда не помислува во ниеден момент да одбие било каква соработка со претседателот по прашањата од неговата надлежност.

Ке звучни малку и апсурдно, меѓутоа, јас лично би му се ставил

на претседателот на располагаше ако му беше потребна помош и за подготвување на неговото образложение за непотпишување на указот, само за да се сочува достоинството на ситуацијата - Претседател и да не се доставува до Собранието образложение што изобилува со политички ставови наместо да се правни аргументи. Против сум еден политички или политикантски стил наследен од старите времиња. Не е времето сега една институција на друга да и покажува својата големина и надмоќ или не е време да се опишуваат документи за сторијата. Се надевам дека овој пат претседателот по проучување на ставовите на Владата барем малку ќе го промени своето мислење за потребата од усвојување на законот за амнестија во интерес на развивањето на односите, на взаемно почитување и соработка во системот на поделба на власта.

Почитувани господа пратеници предлагајќи Ви да ги усвоите ставовите на Владата би замолил на крајот да не заборавиме дека денес не расправаме за политичките односи на државата туку за амнестија на осудени лица, за акт на хуманизам кој однапред би требало да ги исклучи политичките жестокости и нетрпеливости и заслужува да биде своја засебна тема независно од политиката. Благодарам.

(Дискусијата беше поздравена со аплауз)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Камбовски.

За збор се јави господинот Арбен Џафери.

**АРБЕН ЏАФЕРИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници и членови на Владата.

Веќе со месеци особено последните три недели во Јавноста се создава впечаток дека коалицијата што ја доби довербата од огромниот дел електроратот за да ја води оваа земја ни најмалку ни најмногу заговарачка уйдурма замислете си, кон сопствениот народ, кон сопствената држава дека овие политички партии без оглед дали се македонски или албански кои се осмелија да го детонизираат едноумието жестоко ќе се обвинат за заговор спрема сопствениот народ, се покажа веќе на првата мачна седница на Парламентот.

Македонските опозициони партнери - пратеници со типична арогантност на политичари кои народот и државата ги третираат како личен имот ги напаѓаат своите позициони колеги од тој нефкусен параден транс на истерувачи на заговорот за предавство наивно, аматерско потклекнување "пред незаситените барања на албанците" додека нивните албански алтернации мртво ладни кон антиалбанството на нивните бивши сојузници во тој ист транс ги напаѓаат своите во столици уште не седнати колеги за предавство на довербата на сопствениот народ.

Гледањето на таквата клима каде ние за острата, бруталната варијанта сме предавници додека во метата шарлатани неодоговрни аматери некакви нови плебејци кои во тој уривачки налет околу рушиме се, продолжува во разни форми. Наводно проблемот не е во тоа што сме ние нападнати, не е голем зијан што некои намќори везден дрдорат, оценуваат и се закануваат. Тоа го имало и ќе го има. Не е проблем и тоа што ова способно дрдорење прераснува во оркестрација, проекција крајна цел е политичка диверзија, оневозможување на промените, исфрлање од колосекот на надежна, нова генерација на политичари кое треба храбро да се соочува со наследените проблеми. Такви сопки имало и ќе ги има.

Значи, не е проблемот во критиката било да е добро регистрирана ниту во проектот да се оневозможат промените, да се запре заветот на една нова политика коај нуди релаксација, смирување, еснафлук во меѓучовечките односи, во стопанисувањето и во водењето на државните работи.

Проблемот, господа пратеници, е во тоа што оваа стара политичка

опсервација со својата политика не нуди ништо ново заправо нуди нови тензии, па сега сосема можни судири во таа мошне чувствителна интеретничка релација, разни девијции и злоупотреби на власта. Сигурно дека нивната понуда базира на тој добро познат инаетчиски менталитет во сферата на обичното живеење би било јадење на корени.

Проектантите на оваа оспорувачка клима свесни дека се неуверливи особено по јавно изнесената поддршка од меѓународниот фактор за новата власт која не очекувано успеја да го исправи кормилото на засуканиот брод во игра го воведуваат големито играч, последната карта претседателот на државата г-динот Глигоров кој презема мисија да биде стожер за изгубените души, стариот машиновозач кој треба да вози рикверц, да не врати таму на работ на поморот каде сите застрашени бевме принудени да се повикуваме на волјата на архитектите на старовласта.

Претседателот на државата што би се рекло на сите граѓани г-динот Глигоров по кој знае пат по стариот манир на непоговорна послушност како еден застрашен ученик се определи да стане на страната на оспорувачите на новата власт, моментот и начинот на неговото активирање е мошне карактеристичен. Тој се вклучува во сега веќе прочитана наивна игра на оспорување на моралниот, политичкиот, професионалниот легитимитет и дигнитет на новата власт пред да завршат стотте дена на нивното владеење најавувајќи ја идната владина на отворени искриени удари. Начинот е уште по провиден. Заземајќи ја страната сега веќе одвише отворена на една политичка опција и структура од мувлосана политичка провиниенција конечно на еден етникум тој ја открива својата целна група која треба да се обработи. Македонскиот народ кој треба да се убеди дека против него се кова завера. Тие што народот ги избра божем расипнички се однесуваат кон државата правниот систем кон сето тоа што е макотрпно изградено. Пораката е дека ако се продолжи вака ќе се случи катастрафа. Во тој посебен миг за да се спречи катастрофата пред тоа се јавува стариот исцелител со своите мевлеми. Навидум повод за да се активизира стариот видар се зема донесувањето на законот за амнестија од страна. на Собранието со кој новата власт не навлегувајки во таа димензија на распаметеноста која циклички се репродуцираат етничките судири кои конечно кулминираат на 9 јули во Гостивар сакаше да стави точка и да ја иницира толку потребната релаксација во меѓуетничките односи.

Видете таа широкоградост, државничка одговорност на новата власт г-динот Глигоров и неговите истомисленици крајно некритички и патетично го нарекуваат упат во правниот систем, нарушување на принципите на поделбата на власта,

вршење на притисок кон судската власт. Тешки обвиненија во согласност на богатата бериевска традиција каде употребата на тешките зборови и обвиненија секогаш прикривало немаше на аргументи. Обвинението е тешко, најтешко. Тоа порано се викаше контрареволуционерна активност, завера и се завршуваше со чистки. Во бившите комунистички системи ваквите завери не ги откриваа институциите, туку шефот на државата Сталин, Хоџа или Тито. Сетете се на неговто писмо. Во поранешниот период шефот на државата како неприкосновен афторитет го имаше тоа право без донесена одлука да ги разниша и патетично разгали толпата не поради некоја голема идеја, туку поради внатрешните дворски сплетки. Носталгијата за тоа време го тера претседателот на државата да ги обзнани своите ставови како воведи во откривање на "тешки девијации" на од народ секогаш омразени носители на власта и конечно да пружи задоволство плебсот да учествува во празнувањето на досегашните моќници. Но, тоа идилично сплеткарење толку погубно за минатото сега веќе во демократското рамниште изгледа како коледарска маска, наивно застрашување.

Нарушувачите на принципот на поделбата на власта значи правниот систем во нашиот случај не се група на одметнати интелктуалци, дисиденти или екстремисти, туку најцврстите столбови на една држава Владата и Парламентот. Со ова тешко обвинение претседателот Глигоров во теркот на поранешните истерувачи на заговорот очекувал дека лесно ќе ја изврши работата, нарушувачите ќе потклекнат , комитите ќе бараат милост, тој ќе им го промени работното место додека потврдокорните ќе ги сотре. Но, сепак постои една фалинка во проценката Не земал предвид дека променето е рамништето дека Македонија е демократска држава, претседателот Глигоров наместо да ја спроведе лесно големата чистка произведува тешка институцијонална криза судир меѓу столбовите на власта што е секако крајната цел на ваквата опструкција.

Господа пратеници одбивањето да се потпише законот за амнестија од страна на претседателот на државата не произлегува од загриженоста од упадот на уставниот поредок на земјата затоа што законот е донесен во согласност со Уставот ниту од неговото лично нетрпение кон некои затвореници, туку од неговата длабока несогласност со промената на структурата на власта и со духот на новата политика. Како последица на тоа длабоко несогласување е ова вештачки намерно произведена иснтитуционална криза. Големиот заговарач за почитување на институциите на системот сега искажувајќи големо непочитување кон нивната самостојност произведува институционална криза и ја анимира јавноста да се собираат околу не паднатиот столб на старата власт. Зошто? Затоа што тие институции функционираат на ново рамниште-демократско, кое инаугурира нова политика, нови визии, нови вредности. Спорот не е околу делото на Османи и Демири, туку околу политиката која тежи да искористи етнички тензии кои беа издашно рециклирани во текот на владеењето на истомислениците на претседателот. Аргументите кои ги употребува претседателот не зборуваат воопшто за некоја грешка на избраниците на народот, туку за неговата внатрешна интенција определена за една политика и конјунктура затоа што досега воопшто не правеше долгорочни анализи и блокажи за донесување на било какви закони, не реагираше против тешките деформации во општеството, корупција, октоподот, ТАТ и т.н., не покажа ни еден гест на несогласување од едноставното потпишување на законот за употреба на знамињата од страна на поранешниот претседател на Собранието г-динот Тито Петковски што ги произведе тешките последици. Едно неуставно игнорирање на институцијата на претседателот на државата друго, трагични настани во Гостивар чија последица е оваа седница и трето, укинување на истиот закон од страна на Уставниот суд по барање на двајца советници од СДСМ во советот на општината Гостивар затоа што бил неуставно потпишан од страна на г-динот Тито Петковски што понатаму отвора засновани сомнежи дека законот за знамињата со предумисла се донесува набрзина не уставно и не обично, итно се декретира, стапува на сила за да овозможи таква брутална интервенција на полицијата со трагични последици и конечно по завршената работа да се укине.

Дали претседателот на државата на сите граѓани на Македонија г-динот Глигоров смееше како риба во

аквариумот на СДСМ да молчи за оваа цинична ујдурма или пак и тој самиот е креатор, соучесник на вакви крајно опасни и валкани игри по стабилноста на државата. Претседателот на државата г-динот Глигоров нема морално право да го оспори легитимитетот на политичката волја на новата власт да ги ублажи последиците на трагичните настани во Гостивар и другите девијантни појави на општеството затоа што имаше можност и да ги спречи и да ги ублажи ,но целосно предаден на структурите и кратковидата политика на СДСМ, не го стори. Сетете се само на јаловата декалрација на Собранието за подобрување на меѓунационалните односи, на Комисијата за меѓунационални односи која не заседаваше година ипол или инаетчискиот молк на претседателот кон добронамерните барања, па и притисоци на меѓународниот фактор да стори нешто да исправи, да ублажи, да спречи нараснување на меѓуетничките тензии. Тој се прикажува дека е загрижен за стабилноста на земјата не е ни свестен колку придонесува за дестабилизација на истата кога вулгарно, отворено се приклонува кон една политичка или етничка опција.

Г-динот Глигоров е длабоко и опасно идеолошко етнички насочена личност. Сега кога на следната активна загриженост за стабилноста на државата, за состојбите внатре за добробит на граѓаните успеавме да ги релаксираме односите, користам прилика да поставам едно директно прашање до претседателот Глигоров, неговите истомисленици и советници. Што барате Вие? Што воопшто нудите Вие, дали сте свесни за последиците на Вашата политика, дали се чувствувате одговорен за било што освен за интересите на Вашата коњунктура и политичка определеност. Стравот што го ширите е последица на старечкото освестување дека односите во едно општество особено демократското се менливи, а не на некаква загриженост за упадот во уставниот систем на земјата.

**АРБЕН ЏАФЕРИ:** (продолжение)

Секако, со новата власт е загрозен поредокот на г-динот Глигоров, неговиот поглед на свет, но никако и самиот систем и интересите на граѓаните. Време е да се ослободат граѓаните на Македонија од личните погледи, стравови и фрустрации, па и желби на граѓанинот Глигоров, сместен во институцијата на претседател на држава. Што ние, соочени по вакво оркестрирано оспорување на легитимитетот на новата власт можеме мудро да правиме? Единствено да укажеме дека Претседателот Глигоров како единствена останата легитимна институција од претходната власт вулгарно се инструментализира од страв на делегитимираните во демократските избори, за да почне со институционално оспорување на легитимитетот на новата власт. Дека е време ние наместо советниците и приврзаниците на Глигоров да го браниме него од неговите, да го браниме државникот Глигоров од граѓанинот Глигоров, претседателот на државата од партискиот апарат, чуварот на социјалната кохезија од затворскиот клучар, мудрецот од дворскот сплеткар. Ние денес не треба да дозволиме да успее неговото вулгарно инструментализирање, ние денес треба со сета почит кон неговите години и институцијата на претседателот на државата, но и со нескриено згрозување од безочната злоупотреба на картата број 01, повторно мирно, свесни дека чиниме добро дело, да ја корегираме нивната грешка и гласаме за законот за амнестија. Да бидеме свесни дека тоа го правиме за доборото на сите граѓани, да бидеме свесни дека со тоа ја подобруваме социјалната кохезија на општеството, што е крајна цел на една државничка политика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Џафери.

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Љупчо Поповски побара збор.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, во името на пратеничката гурпа на СДСМ барам пауза од два часа, после излагањата на претставниците на владината коалиција заради рамноправно учество на нашата пратеничка група во натамошниот тек на сендицата на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Образложете го, ако сакате, малку предлогот.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи побарав, заради натамошниот тек на следење на работата и наше учество, молам да се симнат од стенограмите двете излагања на претставниците на Владината коалиција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има предлог да се симнат излагањата.

Има збор г-ѓа Гулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Починувани пратеници, јас незнам по која топка од Деловникот

г-динот Поповски бараше на една регуларно свикана седница, леги артис исто така почната седница да се симнат дискусии од двајца пратеници. Мислам дека тоа го нема во ниту еден деловник и дека таквото нешто е невозможно. Можеби правото на барање на дискусија, барање Собранието да не заседава во двата часа треба да го образложи и тоа веројатно со добри аргументи, затоа што седницата е почната, секој имаше право на време да се подготви а не гледам причина поради која што бараше истите да бидат симнати од записникот. (аплауз во салата)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот Хисни Шакири бара збор.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, јас сметам дека г-динот Љубомир Поповски не е пратеник без искуство и не треба такво барање.да поставува пред Собранието. Незнам, мислам дека тој сигурно го познава Деловникот и правото на секој пратеник да го каже своето. До колку г-.динот Љубомир Поповски не се согласува со дискусијата, нека повели со аргументите нека го каже своето мислење. Сметам дека е нецивилно, дури да кажам и некако нечовечки да се постави едно такво барање, да се симне од стенограмот дискусијата. Г-динот Љубомир Поповски многу добро ја знае целата процедура на работата на Парламентот. Нека повели со аргументи нека го каже своето што мисли тој во врска со претходното излагање на г-динот Џафери или било кое излагање. А досега ние не сме имале такво барање. Можеби во Деловникот на СДСМ ако има посебен деловник, може таква иницијатива да се поведе и во Собранието. А Собранието не е институција на СДСМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Столе Попов побара збор, но пред тоа за реплика се јави г-динот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Се извинувам, но токму поради искуството што го имам во работата на Собранието во изминатите два мандати, секогаш била вообичаена пракса за барање на пратеничка група да се овозможи пауза, а особено по повод излагање на министрите. Во конкретниов случај можеби е мој лапсус, немислев на излагањето на г-динот Џафери туку на министерот за правда. Тоа го имавме и минатиот пат во ова Собрание, по повод излагањето на г-динот Ѓеорѓиевски. До пред тоа, мислам дека е сосема легитимно и би било, напротив, противењето и оневозможувањето на ова барање сосема задушување на расправата за едно рамноправно учество на нашата пратеничка група. Тоа е, значи експозето на министерот за правда, за да можеме да го погледаме тоа експозе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Уште не го расчистивме ова прашање.

Г-динот Хисни Шакири има реплика.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Првото барање на г-динот Љубомир Поповски беше многу јасно за сите нас пратеници па и за сите новинари. Меѓутоа што се однесува до паузата, мислам дека не е проблем. Но барањето беше многу јасно и децидно, да се симне излагањето од стенограмот, така барем беше. Затоа интервенирав, досега не сме имале такви барања во Собранието и според тоа, мислам дека секој пратеник треба да води сметка не само за дигнитетот на Парламентот, па и за дигнитетот на секој пратеник и за Собранието како институција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор по ова прашање?

Пратеникот Кире Андоновски побара збор.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, барањето во минатите состави - точно, на барање на пратеник обично се даваше пауза, барем ние од екраните гледавме. Меѓутоа, образложениeто на барањето не држи, а инаку како барање е вред.

Затоа, предлагам, вие имавте ставови на Владата, ставовите на Владата малку проширени од министерот за правда имавте можност да ги слушнете и веројатно не се подготвувавте сега туку се подготвувавте порано за овој закон и мислам дека нема потреба поради тоа што

образложениeто не држи, нема потреба да се дава пауза. А веројатно сите се подготвени, барем тие што мислеле да дискутираат се подготвени да дискутираат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Ако никој не бара збор, јас ќе го кажам моето мислење, бидејќи во овој случај јас одлучувам по ова прашање, барем деловнички како што е.

Денес расправаме по Законот за амнестија, ние денес расправаме по ставовите искажани во т.н. суспензивно вето на претседателот на Републиката и расправаме по ставовите на Владата, искажани овде. Според тоа, се она што е друго кажано како дискусија, јас мислам денес се би ни ја одолговлекувало седницата и јас предлагам со седницата да продолжиме со работа.

Ве молам, и овој предлог би сакал демократски да го изнесеме.

Кој е за Предлогот да се одложи седницата - ќе ве молам, неможеме така, во оваа ситуација мислам дека по дискусии може да се врши опструкција на работата на Парламентот.

Повелете, процедурално г-дине Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Точно е дека законот денес го добиваме во потполно иста содржина како што го добивме и минатиот пат и тој за нас не е новина. Точно е дека образложението на претседателот на државата зошто не го потпишува Указот за стапување на сила на овој закон, исто така, на време ни е доставено и тоа не е ништо ново. Точно е дека ставовите на Владата, која повторно го ставила на дневен ред на своја седница овој закон исто така ни се доставени и благовремено имавме можност да ги погледаме и до тука не е ништо спорно.

Меѓутоа, денес г-динот министер за правда, претпоставувам не во својство на приватно лице, ниту пак во својство на пратеник бидејќи не е пратеник, претпоставувам како министер за правда во името на Владата на РМ излезе со свое воведно излагање, односно експозе.

Ако Владата односно министерот за правда сметал дека се што требало да биде кажано како аргументација веќе е кажано во ставовите на Владата,тогаш се поставува прашањето зошто денес зема збор. Претпоставувам дека тој настапи во името на Владата бидејќи само така може да настапи и дека имаше да каже нешто повеќе одколку што е напишано во ставовите на Владата. И тој кажа нешто повеќе, што значи тоа е дополнително образложени од страна на Владата како своја аргументација зошто овој Закон токму во оваа содржина треба повторно пред Собранието да се разгледа и од страна на Собранието да се донесе. Бидејќи тоа е нов момент, ние на таа пракса се повикуваме во изминативе осум години, бидејќи имавем експозе на министерот ха правда во името на Владата како поткрепа на аргументацијата и ставовите на Владата, кои треба да ги погледаме, можеби ќе не увери Експозето на дополнителните аргумети на министерот за правда, ние сакаме да ги добиеме написмено тие образложениеја, да ги погледаме. Инаку, министерот за правда можеше, и тоа било пракса порано, своето експозе по одделни точки одредени министри или Владата ги доставувале и порано, за да бидат на увид на пратениците. Бидејќи тоа не е направено, ние бараме пауза за да можеме како пратеничка група да ги видиме дополнителните аргументации изнесени од страна на министерот за правда во име на Владата и по нив да заземеме став. Тоа е најлегитимно барање од страна на пратеничката група и заради праксата која досега функционирала во ова Собрание и заради тоа да не се случи, во наредниот период, одеднаш да се менуваат ставовите на Владата по одделна проблематика, по одделни акти тука, и да не биде ставано Собранието како целина, можеби пратениците од владината коалиција имале можност на време да ги видат ставовите на министерот за правда. Ние не сме имале можност тоа да го направиме и сакаме таа можност деловнички да ни се овозможи. Мислам дека е легитимно барањето и заради досегашната пракса и заради преседанот што би се направил денес, доколку не се постапи така, го молам претседателот на Собранието да го уважи ова барање на пратеничката група на СДСМ да ни се даде на писмено експозето на министерот за правда, кажано во името на Владата на РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Министерот Камбовски побара збор, па Гулистана Марковска и Котевски.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Попитуван г-дин претседател и г-да пратеници, добро е г-динот Црвенковски што вака елегантно ги објаснува сите тие нови моменти. Сакам едно објаснување да дадам, бидејќи го чувствувам тоа како должнст, како автор на ова дополнително објаснување на ставовите на Владата бидејќи од мене се побара од некој начин едно автентично толкување. А автентично толкување може да даде оној што подготвува некаков материјал. Според тоа, што сака да каже авторот со своето обраќање. Не навлегувам во тоа дали според Деловникот ќе се определи Собранието да продолжи со расправа или ќе бара пауза и тн. Во моето обраќање нема ништо што е надвор од ставовите што ги утврди Владата. Моето обраќање беше во функција на пошироко образложение на истите ставови. После седницата или во било кое време или заедно со мене можам и мојот текст да ви го дадам, ако сакате ќе извршиме конкретна анализа на сите поединечни ставови и оценки ќе видите дека ниедна од тие оценки или ставови не излегува од рамките на образложениеето. Таму се и оценките за движењето на криминалот, за односот кон за сузбивањето на криминалот, таму се и оценките за ефикасноста или неефикасноста на системот на казнено гонење. Според тоа, моето образложение неможе да се третира како некој дополнителен став на Владата независно или покрај ставовите што Владата веќе ги утврдила.

Според тоа ако мислите дека за секоја дискусија или секое образложение што го дал било кој министер а можеби и пратеник треба да се бара после посебна расправа за самото образложение, незнам, ако сакаме да создадеме таква парламентарна практика нова, може да ја создадеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-ѓата Ѓулистана Маркавско. да потоа Љубен Пауновски па Ѓорѓи Котевски па Петар Гошев.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратнеици му благодарам на министерот Камбовски затоа што во најголем дел ја зема мојата дискусија од проста причина што ми се чини дека направивме замена на предметот на расправа на оваа точка од дневниот ред. Ние денеска го имаме Предлог законот за амнестија. Го немаме како што рековте експозето; бидејќи тоа не претставува составен дел на Законот, самиот министер како автор на текстот рече дека дава образложение на ставовите, кои што всушност се ставови на Владата и кои што тој во својство на министер ги образложи така да не гледам причина зошто дури и би се одлагала седницата затоа што барањето на овој текст не беше извршено веднаш после неговото истапување, туку после дискусија на пратеник, што значи дека ние веќе влеговме во материјална расправа за Законот. Така да тоа е основното. Дали сега ќе се направи процедурално во овој случај забелешка од пратеничката гурпа на опозицијата, една пауза, е прашање на добрата волја и дури прашање дали истата треба да трае два часа. За мене е тоа спорно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Несакајќи да го узурпирам правото јас мислам денес да продолжиме *со* работа, јас мислам дека неговото излагање беше во функција на ставовите на Владата и се друго што денес ќе кажуваме и ќе повторува ме не би било вред и би било губење време.

Точно е дека влеговме во расправа, дека пратениците почнаа да расправаат, а за пратеничката група ако сака може да се повлече, ќе им дадеме таму што треба, нека си прочитаат, нека видат и тн. Јас мислам денес да не ја прекинуваме расправата.

Продолжуваме со расправа.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Почитуван г-дин претседател, почитувани г-да пратеници и членови на Владата.

Би сакал безрезервно да го искажам своето длабоко несогласување со ставот на г-динот претседател да не го потпише Указот за прогласување на Законот за амнестија.

**СТОЛЕ ПОПОВ:** (Продолжение)

Фрапантна е мотивацијата и исцрпувачката преокупација на претседателот на Републиката, околу прогласувањето на Законот за амнестија. Толку енергија, памет и мудрост претседателот не вложил во текот на овие осум катаклимзички години на владењето на неговата партија, освен во моментите на неговите по обичај драматични и

визионерски обраќања, од типот на платформата за спас на Југославија, референдумското срочување, убедувањето за тримесечното траење на привременото безиме на Републиката, инспиративните идеи за демилитаризација на Македонија, па се до срцепарателното ронење солзи за повик, за бунт, до сопствениот народ и паничниот страв конечно да не и  се случи нешто добро на сопствената земја. Уште подраматични беа и мудрите  молчења на преседателот во изминатиот период. Молчеше кога се ограбуваше земјата, молчеше кога илјадници остануваа без работа, молчеше кога дел од граѓаните бараа образование на мајчин јазик, молчеше кога премиерот  ловеше октоподи, молчеше кога татнеше Македонија од штедачите, молчеше кога полицијата тепаше, молчеше  кога татковината се приватизираше по специјални СДС формули, молчеше кога се узурпираа медиумите, молчеше кога дрога се продаваше наместо бомбони по основните школи и на крајот прозборе. Прозборе  кога новата легитимно избрана власт сакаше да покаже милост и добра волја и макар симболично да покаже дека во иднина повеќе ќе води сметка за правдата и правната држава.

Претседателот не се уплаши од тоа што на некој несреќници ќе им се подари слободата. Два или три месеци порано. Тој се уплаши од нешто друго, многу поголемо и многу позначајно. Се уплаши од фактот дека е дојден крајот на визуелниот свет на неговата партија и политика. Крај на вештачката стварност создавана осум години, исполнета со лаги, фалсификати, криминал, корупција, неморал, алчност, демагогија и хипокризија. Свати дека извртената чорапа што тербаше да ја глуми благосостојбата  во оазата на мирот е изветвена, полна со дупки и ќе биде фрлена на буништето на историјата. Затоа претседателот драматично повторно се фрли на нему својственото извртување на тезите, барајќо го последниот спас. За жал, не му помогнаа дури ни бројните советници и експерти, кои задоволувајќи ја неговата самовљубеност се однесоа према него како берберот во приказната за царот Трајан и козјите уши. Ако не ја знаете приказната на паузата ќе ви ја раскажам. Па така претседателот пишува дека Законот за амнестија не е во духот на Уставот. Бидејќи Уставот на Република Македонија ги штити слободите и правата на човекот, а правната држава нив ги гарантира со единствена цел да се спречи влијание, наметнување и притисок на еден облик на власт врз друг. Тоа е точно и повторно оваа констатација, пар екселанс ја потврдува демагогијата и лицемерието на претседателот. Тој заборава дека токму овие избори и поразот на неговата политика како член број 1 на СДСМ, ја покажуваат извртената визура и оптика на кажаното.

Ке се обратам директно до претседателот. Господине претседателе изборите ги изгубивте затоа што едно зборувавте а друго правевте. Црното го правевте бело и обратно. Некој веќе спомна дека сталиновиот устав од 1936 година, или во денешно време некои устави во земјите на Јужна Америка, Африка или Азија иако декларативно се демократски во никој случај објективно не ги сместуваат тие земји во кругот на цивилизираните и демократски општества. Рековте дека Законот за амнестија е удар за независното судство, каков нонсенс, да постои удар каков што тврдите, треба да постои и независно судство. А тоа во голема мера не постоеше, па кај народот сеуште опстана старата турско комунистичка максима "кадијата те тужи, кадијата те суди", како парадигма за партиското судство во Републиката. Немојте наивно да ги бркате тезите господине претседателе. Точно е дека Законот за амнестија го нарушува принципот, но не прокламираниот и легален принцип за поделба на власта на законодавна, извршна и судска, туку принципот на единство на власта кој претходната власт успешно и лукаво го користеше во деструкција и демонтажата на општеството и државата во сопствена корист. Наместо да се грижите за остварувањето на високите демократските принципи и комплетна ревитализација на контиминираното судство, вие нарцисоидно стоите на статус кво позиција, која ја фрли Македонија во бездната на политичкиот, социјалниот и економскиот хаос. Верувам дека господинот претседател ја знае универзалната изрека, до чија суштина сигурно дошол и  читајќи го Достоевски дека затворите се најобјективното огледало за општеството во државите во кои се наоѓаат. Тие ја даваат сликата за нивниот општествено-политички систем и цивилизациското ниво, вклучувајќи го менталитетот, социјалата и културата на средината. Дали господинот претседател ги посетил некогаш нашите затвори. Иако го направил тоа во што не верувам, тогаш сигурно знае какви се, и има вистинска

слика за нив. Вистинската слика господине претседателе, е катастрофална и поразителна. Тие се на нивото на турски робијашници од минатиот век. Дехуманизирани до тој степен, што на осудениците им е одземено основното право на човечко достоинство. Дали како претседател на сите граѓани дозволувате мала грижа на совест, што во изминатите осум години не внесовте барем зрак светлина за тие луѓе. Зарем не треба мала доблест, како што вели Волтер луѓето да не ги примаме воглавном како ѓаволови синови и злобници, туку со мислата дека се сите родени добро. Човекот не се раѓа со злоба, тој таков станува, како што може да се разболи во зависност од опкружувањето и условите во кои живее. Зошто претседателот не се запраша што е направено во изминатите осум години на тој план. Зошто власта не се запрашала од каде доаѓа омилената изрека на македонските затвореници: "Менувам една година робија во Идризово за 10 години во било кој затвор во Западна Европа". Еден према десет. Тоа е соодност на квалитетот на животот, кој вие господа од СДС не успеавте да ѓо мрднете од мртва точка, туку го влошувавте и во тоа напредувавте секој ден во секој поглед. Бидете уверени дека било кој објективен меѓународен надзор и увид нема да ги осуди, ако на овие луѓе им дадете олеснување од еден, два или пет месеци. Со оглед на тоа што се сте им одземале на тие луѓе со необезбедувањето на човечки услови за живот, тие на тоа имаат дебело право. Дури и онака амблок. Од друга страна гледано, дури на малите деца им е јасно кој лежи во македонските затвори, како покритие за работата на вашите партиски судови и полиција. Воглавном несрекници, маргиналци, ситни криминалци и нарко зависници, препознатливи во градскиот жаргон како "ситни риби". Кажете ми макар еден пример на голема стопанска финансиска корупциска или нарко афера, каде што била осудена и ставена во затвор некоја "голема риба". Таков пример за жал нема. Тие се надвор, тука негде меѓу нас. Претседателот, а и вие господа од левата страна загрижени сте дека многу наркомани, дилери порано ќе се најдат на улиците. Па зарем и тоа не го знаете дека на тие луѓе не им е местото во затворите туку во болниците. За тоа дека болници не се создадени, дека немало превентива, дека немало вистински полициски акции, а имало корупција на сите нивоа и нарко босовите сеуште шетаат по улиците, за тао господа од бившата власт и господине претседателе, навистина треба да бидете загрижени. Но за тоа треба барем малку совест драги политиканти од СДСМ. На констатацијата на Европскиот Парламент во издадената резолуција дека во нашите затвори се наоѓаат и политички затвореници, господинот претседател реагира со зачуденост и со забелешка дека кривичниот законик не познава политички кривични дела, очигледно не правејќи разлика меѓу законикот и кривичната постапка. На човекот кој толку многу го цени експертскиот европски ум и од чија уста седум години не изостанува прецвакувањето на името на господинот Бадинтер, одеднаш му пречи европската некомпетентност и нестручност. Но има нешто што никогаш не му пречи на господинот претседател. А тоа е императивот на СДСМ, дури и тогаш кога истиот му ја суспендира и претседателската функција за остварување на тесно партиските цели, кои ги испровоцира гостиварските настани, кои резултираа и со човечки жртви. Во наметнатата тотална збрка на вредности, дамнешната доктрина на СДСМ релативизација како систем на одбрана од типот:"Лоповот прв викна, држете го крадецот". До ново промовираната мудрост на негација, априори, најголемаста инвестиција на СДСМ господинот претседател почна да прави отворени превиди во областа на здравата логика. Додека уште старите Римјани наоѓаа поистоветување на здравиот разум и логика со човечноста и чуствителноста, а современите американци дури и во прагматизмот наоѓаа поистоветување со хуманизмот, нашиот претседател за жал заборава и на некои основни човечки начела. Почитувајќи ги годините на претседателот искрено се надевав дека тој ќе го има на ум големото христово начело "проствуај ги гревовите на луѓето, ако сакаш и тебе да ти биде простено". Или барем ќе ја има предвид Аристотеловата дефиниција за благоста, милоста и справедливоста, како златна средина мегу мекоста и гневноста. Немојте да бидете толку гневен господине претседателе. Покажете доблест и почитувајте ја волјата на граѓаните изразена преку апсолутното парламентарно мнозинство, почитувајте ги доминантните партиски ставови по однос на ова прашање, ако грешат, тие се оние кои ќе бидат исправени пред судот и довербата на граѓаните во наедните избори.

Господин претседателе еднаш повикавте не ме оставајте сам. Овој пат имајте предвид дека книгата е веќе прочитана и Македонија повеќе не верува на солзи. Стварноста е премногу горчлива и сурова за евтини приказни. Не се доведувајте во ситуација да останете потполно сам, затоа што сакате да браните нешто што неможе да се одбрани. Не ги повикувајте на бунт граѓаните против легитимната власт. Од тоа ниедна демократија не се офајдила. Со тоа ги навредувате чуствата на мнозинството граѓани на својата земја. Дозволете им на луѓето да запливаат од дното нагоре према површината. Дозволете им еднаш да направат нешто добро за себе и за своите деца на свој ризик. Со чиста совест, убеден во хуманоста и симболичноста на овој чин, го поддржувам Предлог-законот за амнестија и верувам дека тој ќе ја релаксира атмосверата во Република Македонија, ќе ги унапреди демократските процеси и ќе пружи надеж и верба во развивањето и просперитетот на граѓанското цивилно општество и правната држава. (Аплауз)

**АЦЕ САЈКОСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани присутни, најпрво да ја изразам мојата поддршка на ставовите на Владата по известувањето на претседателот на Републиката за непотпишувањето на указот за прогласување на донесениот Закон за амнестија и моето прифаќање на Предлогот за усвојување на Законот за амнестија без никакви измени на веќе донесениот закон. Сметам дека повеќекратно се позитивни ефектите од донесувањето на овој закон, заради што целисходноста и оправданоста од неговото донесување е неоспорна. Пред се, мора да се истакне хуманата димензија на овој закон кој отвори нови хоризонти и дава шанса на лицата кои ги прекршиле законските норми на нашето општество да воспостават нов однос кон нив, да ја прифатат подадената рака од општеството и да станат достојни членови на заедницата, пред се, со давање на знаење дека државните институции знаат и да простуваат, дека основната смисла на нивното функционирање е над се доброто на сите граѓани. Значајна компонента на позитивното влијание на овој закон е и рејсационализаторската функција која може и треба да се остварува низ дадената политика. Често пати и амнестијата придонесува за зацврстување на повисок степен на почитување на етичките и законските норми и издигнувањето на свеста во таа насока на сите граѓани. Значи превентивната функција на овој закон неможе да се занемари.

Исто така сметам дека донесувањето на овој закон за амнестија ја легитимира нашата земја и пред меѓународната и демократска јавност како современа демократски ориентирана и хумана држава и не прави контабилни на современите процеси на развој и заштита на човековите права на сите категории граѓани. Посебно благопријатно и релаксирачко е дјеството кој овој закон ќе го има врз меѓунационалните односи, ставајќи ја во прв план заложбата за правна држава, за вистинска независност на судската власт од законодавната и извршната власт.

Овде би сакал да укажам дека примарната задача на Владата во нејзините заложби, за борба против сите облици на криминал и антисоицијално однесување треба да биде доследно и решително спроведување на економски реформи, со цел излегување од длабоката економска и социјална криза, кое не најпогодно тло за виреење на криминалот. Воедно треба да се започне процес на прилагодување на нашата севкупна законска регулатива, кон европските норми а во прв ред и во оваа област.

Уверен сум дека Законот за амнестија, не само што нема да продуцира никакви негативни ефекти, нема да го наруши ниту чуството на сигурност на граѓаните, ниту промена на односот на државата спрема криминалните дејанија, зашто не задира ниту во процедуралните ниту во материјалните одредби од оваа област. Затоа верувам дека сите пратеници овој пат со акламација ќе го прифатат овој закон, бидејќи прв пат се случува еден ваков закон повторно да се разгледува, кога веќе на јавноста им беше познат, а граѓаните го потврдија и го поздравија однапред пред да биде потпишан од претседателот на државата. Подобро е за сите и од СДСМ да ги кренат рацете да се донесе овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани колеги, пратеници, претставници на Владата, мислам дека сега и мене лично, Вам кои што не сте многу упатени претпоставувам

многу повеќе на македонската јавноста ни е познато поради кои причини му се дава шанса на претседателот на државата да се обрати на пратениците. Едноставно целта била да се сатанизира претседателот на државата овде, а тој да не биде во состојба едноставно да се брани. Нека служи на чест.

Сакам уште нешто да кажам. По однос на Законот да се произнесам. Ние сами рековме и во подготовка на Конгресот на Партијата дека имало демонстрација на ароганција во практицирањето на власта на минатата власт. Меѓутоа, ова денес што се демонстрира од оваа власт ми личи, извинете, споредено со ароганцијата на минатата власт, ми изгледа како постапките на редот на сестрите на Мајка Тереза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (продолжение)

Таква ароганција, навистина не сум очекувал. Но, видете, тоа е составен дел на нашиот менталитет, тоа е Македонија. Тоа сме ние нејѕините граѓани и јас сум уверен дека, навистина ги преживуваме детските болести на политичкиот плурализам, така ќе раснеме и како нација и како држава, бидејќи само осум години имаме зад нас повеќе партиски живот, што е премногу малку да се даваат дефинитивни оценки за политичка зрелост на народот да има сопствена држава, која толку многу се негира и од многу, не само наши соседи, туку и од внатре, од земјата. Па, дали и многумина ќе се прашуваат зошто и не сме направиле држава толку години наназад во историјата. Веројатно, почитувани колеги, демократијата не подразбира во секој случај, подразбира и имање разбирање за туѓо мислење. Демократијата не подразбира сатанизација до истребување. Веројатно дека ќе се научиме да разговараме цивилизирано. Не говорам, не упатувам критики само на една страна, да бидеме на јасно. Веројатно, како луѓе ќе не научи меѓу себе да се почитуваме, да биде сосема нормално различно мислење, да се толерира тоа различно мислење и преку борба на мислења да дојдеме како луѓе до најпрогресивното решение, кое што е од интерес на граѓаните во Македонија, меѓутоа и за македонската држава. Тоа е процес и веројатно дека ќе помине многу повеќе време до овие цели да дојдеме. Не можам да сватам, навистина, толку омраза, толку жестина на една сосема нормална процедура во институциите на системот. Нема да кажам никаква мудрост ако потсетам само дека омразата е многу лош сојузник на човекот и на разумот. Зошто кога се има сосема јасна позиција на секој носител на власта во државата, туку жестина, Ве молам. Се дрзнал претседателот на државата, шефот на државата да не го потпиши Указот на парламентарното мнозинство. А, замислете ако се дрзне некој обичен човек да направи нешто против власта. Споредете го тоа. Правото на претседателот на државата е во Уставот содржано, до колку оцени дека нешто не е во склад по неговите сваќања на демократијата, на уредувањето на работите во определена област да не го потпише Указот. Меѓутоа, има исто така инструмент, како што еве денес по него расправаме по Уставот, кој кажува дека доколку парламентарното мнозинство по втор пат го изгласа законот со 61 глас, претседателот е должен да го потпише. Зошто, не наоѓам причина за толку истурање на жестина, на толкава доза на омраза за нешто што сосема нормално денес ќе се заврши. Меѓусебно треба да се почитуваме. Јас не најдов никаде во образложението во причините на претседателот зошто не го потпишува Указот, некој да се навредува. А, замислете, овде колку навреди се истурија врз личноста на човекот и не само врз неговата функција како шеф на државата, меѓутоа, тоа нека послужи и на некои луѓе кои што се во власта од основањето некогашна Југославија, па да им послужи како перење на совеста пред македонскиот народ за она што не успеале во еден период да го направат. И, тоа ми е разбирливо. Меѓутоа, не смее да се посегнува по моралниот интегритет на некој човек, а на шефот на државата уште најмалку. А, особено, ако се знае, почитувани колеги, ако се знае дека во Уставот има јасно поделена функција на носители на власта, која е законодавна извршна и судска власт. Дури имавме можност од еден министер да слушнеме бисер дека претседателот на државата не е дел на извршната власт. Тоа го пишува во Уставот дека Владата и претседателот на државата ја делат извршната власт. Собранието е носител на законодавна, судовите си имаат самостојна судска власт. Според тоа, релациите, односите се многу прецизно утврдени. Само да го почитуваме Уставот и меѓусебе ќе се почитуваме многу повеќе. Според тоа, јас навистина

разбирам потребата да се искаже несогласување, меѓутоа, никако не можам да се согласам со постапките на сатанизација на било која личност, а уште најмалку на шефот на државата. И, веднаш ми паѓа на памет, да ми простите, една прекрасна песна на бардот на македонската поезија Гане Тодоровски "Ој Македонијо", што ја напиша пред многу години."Уште колку години ќе ни требаат да те помакедончиме". Ако меѓусебе, навистина, истураме толку отрови едни на други, незнам дали на тој начин ќе успееме основната идеја да направиме стабилна македонска држава и да ја реализираме. Бидејќи таа тема се начна, не случајно ние побаравме како пратеничка група да го видиме експозето на министерот за правда. Лично не очекував од министер за правда таква жестина, морам да признам. Можеби е тоа човечки, но министерот за правда треба да има и некои други особини.

Мислам дека, бидејќи навистина беше наметната една таква тема, јас немав намера за тоа да говорам, едноставно бев испровоциран од претходните дискутанти и мотивиран да го кажам она што го кажав.

Што се однесува до законот, сакав да речам дека периодот од Нова година, еве пред Нова година расправавме за овој закон го изгласавме како Собрание и интервалот од донесувањето на тој закон до денес уште повеќе го зацврсти уверувањето кај мене лично и кај мојата пратеничка група дека овој закон не треба да го поддржиме. Не само што во целост ги прифаќаме причините што ги наведе претседателот на државата и што многу од овие причини ги кажавме овде во расправата по тој закон пред Нова година, туку уште повеќе што од компетентната и друга јавност, која што ги артикулираше своите погледи од периодот од првата расправа по овој закон до денес, се зацврсти уверувањето дека и овој е лош закон. Дека овој закон не треба да го донесе ова Собрание. Ќе кажам поради кој причини.

Навистина, имавме можност да слушнеме и спротивставени мислења, особено во стручната јавност, за него, па се јавуваа и преку медиумите кои што се потпишуваа и јавно го кажуваа своето мислење. Меѓутоа, упорното стоење на власта, односно на Владата на првичниот текст на Законот, ми дава за право, дека навистина, сме во право и ние да истраеме и да не го поддржиме овој закон. Мислам дека и јас лично не се срамам тоа да го признаам пред вас почитувани колеги, кога се носеше законот јас говорев по него во првата расправа и реков дека овој закон има само единствен мотив, политички, затоа што е резултат на договорот меѓу коалиционите партнери за промени и другата политичка партија односно, двете што влегоја во власта за ослободувањето на двајца, тројца, односно четворица или петмина граѓани, кои наводно биле политички осудени, иако нашето кривично законодавство, тоа е општо познато не на експертите по кривично право или по правото воопшто, им е познато дека такви кривични дела во нашето законодавство не постојат, меѓутоа, бидејќи и тука се создаде таква тензија во државата, се даде на ова судење политичка боја. Не навлегувам колку е оправдано судот да изрекува такви драконски казни, дали е тоа под влијание политичко или не, меѓутоа, уверен сум дека нема кривични дела, политички кривични дела според нашето кривично законодавство. И, притисокот од надвор, како што овде беше спомнат и во експозето на министерот на првата расправа по овој закон, јас ги сфатив само, а тоа имавме можност и сношти да го слушнеме преку независните медиуми дека, и нивна претстава била дека овој закон за амнестија, за тоа била и сугестијата, г-га Пак ја слушавме синоќа претпоставувам сите, дека да се донесе закон со кој ќе се индивидуализираат само овие затвореници, дали се тоа само двајцата градоначалници, председавачите на советите или уште еден граѓанин, вкупно пет, а не колку што се овде со овој закон наведени. Ако се имаше таа намера, како што овде се подвлекува да се релаксираат меѓуетничките односи, логично беше Владата да излезе со таков предлог. А, не со предлог да се амнестираат низа затвореници по разни основи. Кога реков дека јас бев во заблуда и јас не се срамам да признаам пред вас, навистина мислев дека е така. Меѓутоа, развојот на настаните, мислев дека тоа е основната причина за донесување на овој закон. Но, развојот на настаните од донесувањето на законот па до денес, до денешнава расправа ни дава за право да размислувам во една друга насока. Дека целта на новата власт не е само да се ослободат овие наводно политички затвореници, туку во Македонија се врши редефинирање на системот, преуредување

на македонската држава, на македонското општество во основата. А, ќе кажам кој се аргументите. Добро, тоа е точно, некои признаваат. Според тоа, ако мислите, навистина ако мислите, дека со доагањето на секоја нова власт во Македонија се врши промена на режимот и на таа основа да се ослободуваат затвореници мислам дека легализираат една многу опасна пракса. Прво, тоа не е така. Со доаѓањето на власт на било која партија или коалиции не значи и промена на режинмот, промена општествено-економските, на политичките односи во државата. Власта, во секој случај, е менлива категорија, Тоа сум го кажал и јавно. Меѓутоа, националните, државните интереси се константа и треба да бидат константа во делувањето на оние што се бават со политика, било тоа да се пратеници, министри, особено носителите на власта. Според тоа, ако навистина мислите дека закон ќе носи секоја победничка коалиција, рачунајте дека утре кога ќе дојде некоја друга власт, нели секоја власт е менлива, нема шанса некоја власт да се задржи 50 години, иако еден министер кажува дека 100 години оваа власт ќе биде во Македонија. Дај боже да биде 100 години белким ќе постои македонската држава 100 години, во што јас не сум сигурен. Тоа е опасноста. Ако мислите така, тогаш новата власт што ќе дојде во Македонија, таа исто ќе посегне да донесе нов закон за амнестија. Па, таа ќе амнестира некој кој што наводно се осудени од поранешната власт. Тогаш, почитувани колеги, нема од држава ништо, не говорам за правна држава. Нема од држава, нема од стабилна држава ништо. Ништо во Македонија. А, ако сите се заколнавме овде кога не избраа било на пропорционалните листи или мнозински, мислам дека тие изворните интереси, националните интереси интересите на граѓаните мораме да ги почитуваме. Тие да бидат идејата водилја овдека за нашето работење. А, ако се тесно партиски интереси, веројатно, дека тие калкулации се од времен карактер и тие се контрапродуктивни за секој што се бави со политика. Тоа е мое мислење.

Зошто мислам дека се прави, практички промена на општествено економскиот и политичкиот систем во државата? Не е само понижување, како што рече некој овде на судството, и казнената политика врз основа на една политичка одлука, причините се и последиците се мислам многу подлабоки и многу потешки за оваа држава. Причините односно елементите врз кои јас, навистина, доаѓам до заклучок дека се има такви цели, а не само да се ослободат овие затвореници и да се релаксираат меѓуетничките односи во Република Македонија. Се гради нов вредносен систем, кој што по мое длабоко убедување, има многу сомнителна содржина. Се менуваат стандардите во сите свери на нашето општествено живеење. Тоа имавме можност да го слушаме во досегашната дискусија. Значи, навистина, уште од самиот старт се промовираше со доагањето на претседавачот на парламентарното мнозинство по неговиот избор во Македонија, се најави темелна промена на Уставот на Република Македонија. Значи, не е тоа измена на некои елементи од Уставот, туку темелни промени на Уставот на Република Македонија, кој што во основа ќе резултираат со промена на општествено економските и политичките односи во државата. Тоа се заговара, иако точно не се кажува во кој насоки ќе се менува Уставот. Се заговара и суспензија на претседателот на државата. Нечуена и невидена работа ако сакате во диктаторските режими. Немаше врска и она што го говореа пред малку претходните говорници. Се заговара нов однос на носителите на власта меѓу законодавната и извршната власт. Се заговара и официјализација на повеќе службени јазици во Република Македонија. Тоа македонската јавност го знае и тоа не е еднаш повторено во континуитет неколку настапи.

Се проектира нов однос меѓу етнички во Република Македонија, а тоа е со редефиниција на државотворноста на македонскиот народ. Исто и тоа е факт. Отворено се заговара ново читање на македонската историја. Тоа, исто така, имавме можност овдека да го слушнеме. (гласно реагирање од пратениците) Ве молам, јас имав трпение да Ве слушам сите вас, дозволете ми моето деловничко право да го искористам. Се проблематизира јазикот, односно граматиката и јазикот македонски. Ве молам, тоа претставници од луѓе од власта се проблематизира. А, тоа знаете што значи? Тоа значи директно доведување во прашање на Македонската нација и на нејзините корени. Бидејќи јазикот, позната работа е основното обележје на секоја нација, на секој народ. Се канат на државна сметка луѓе овде во оваа држава, кој во потрага по

сопствениот идентитет нас сакаат национално да не освестат. И, тоа, исто така со луѓе од оваа власт. На идеолошка и партиска основа се делат граѓаните во Република Македонија.

Основниот критериум некој да се вработи денес во Република Македонија не е стручноста, компетентноста, знаењето и умеењето, туку неговата партиска припадност. Неговата партиска припадност е не само, никој тоа не го оспорува, во министерствата, во подрачните единици, првите ешалони. Меѓутоа, да биде тоа критериум за вработување секаде, не "само во државната администрација, каде што огромен број на луѓе се надвор, тоа се прави во стопанството, дами и господа, се донесуваат некомпетентни, не стручни луѓе и во системот, во Електростопанство и во другите јавни системи, од кои системите ќе имаат големи последици.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, сега не е предмет на расправа општествената состојба. Ве молам да се држите за темата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали мене ме предупредувате?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не, и Вас и другите, да се држите до тоа, а и овдека малку да се ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Видете, јас знам дека ова јас што го говорам за вас е научна фантастика. (Аплауз од пратениците). И, тоа ми е разбирливо. Меѓутоа, јас реков дека ќе изнесам аргументи врз основа на кои заклучувам дека причините за донесување на овој закон не се релаксирање на меѓуетничките односи, туку нешто сосема друго, и образованието, и здравството итн., а ако сакате дури и во полицијата. Веројатно, не го доведувам во прашање, ќе кажам отворено, партиската на министерот тоа и така треба да биде. Освен тоа и по мое убедување компетентна личност е министерот за внатрешни работи, затоа што цел живот таму работи во таа служба. Меѓутоа, донесување на луѓе по разни места во внатрешни само врз основа на партиска обоеност и припадност, веројатно, не треба многу ум и разум да заклучиме каква таа полиција ќе биде утре.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Во медиумите, кога беше тука изборот на директор на МРТ, јас укажав, сега уште повеќе се потврдува, бидејќи само ако гледаме низ примерот колку се проектира партиско политичко новинарство, диригирано новинарство во оваа држава е како уште еден доказ дека во РМ се нема сериозни намери да се гради демократско општество. Само една илустрација ќе ви кажам. Синојка на централниот дневник на МТВ 10 минути се говореше за претседателот на Собранието, 10 минути за министерот за внатрешни работи, 10 минути за директорот на Агенцијата за, како ја викаат незнам, а тоа никогаш не било порано кога станува збор за правата на опозицијата. Јас за тоа можам да ве уверам и со аргументи. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ повеќе имаше простор од претседателот на поранешната Влада, на МРТ, а сега Прес конференцијата на СДСМ која што ја водеше лидерот на опозицијата не доби ни 2 минути простор во централниот дневник на МТВ. Ако така мислиме да создаваме јавно мислење и така ако се сфаќа слободното новинарство, сакам да ви кажам дека исто така од оваа држава, веројатно, тешко можеме да замислиме дека ќе има извесна иднина. Дури и луѓе кои се една или две години пред пензија а се водржавната адмнинистрација и целиот живот го провеле таму, сега се бркаат од работните места, заради тоа што биле, наводно, инсталирани во управата од поранешната власт. Јас сакам во нешто да ве убедам, во она што вие го знаете. Голем дел од нив, државната администрација ги поддржа промените, не за друго, туку заради сопствениот економски и социјален статус, сакаа да им се подобри. Сега, истите тие луѓе се надвор од работнтие места, заради тоа што се претпоставува дека така мислат. Со еден збор, основните причини зошто се носи овој закон не е релаксираноста на меѓуетничките односи. Несакам да зборувам, бидејќи тука во причините што ги изнесе претседателот има многу аргументирано кажано до каков тип луѓе се затворени. Оваа власт се декларира дека ќе се бори жестоко против дрогата, а се ослободуваат такви луѓе. Се ослободуваат луѓе, класични убијци кои во суд пукаа и во судница убија луѓе. Дали е тоа казнената политика што треба да има превентивна функција, социјализација и тн. Според тоа, почитувани колеги навистина треба добро да се осмисли и да се обмисли донесувањето на еден ваков закон кој ќе треба да има селективен приод. Она што е општествено штетно

уште пожестоко и многу постргрупо да се казнува, а она пред што нема општествена опасност нема потреба ниту да се казнува. Според тоа, нашиот став, врз основа на ова што го кажав, повеќе е сигурно и оди во прилог на тезата дека нема ниту еден аргумент овој закон да се поддржи.

Мене ми е жал, навистина, бидејќи реагирате многу, жал ми е што еден сегмент од практицирирањето на власта, кој што е исто во функција на она што го раслраваме денес, немам време повеќе да кажам, бидејќи немате трпение, а тоа е, се воведуваат нови стандарди и во сферата на надворешанта политика на РМ.

Но, за тоа ќе раслраваме на следната седница. Мене ми е жал што вам ви се обраќам, вам како пратеници, бидејќе вие сте најмалку виновни за тоа, бидејќи ги видовме зачудените лица и на министрите и на пратениците кога новинарите сите не прашуваа овде дали знаеме нешто што се случува со Тајван. Тоа значи дека ова, за жал, меѓутоа, тоа не е новост. Изгледа дека тоа е наша судбина. Ова Собранеито потврдува уште еднаш дека гласачката машина од домашно производство има неограничен рок на траење.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Денес дебатираме и ќе гласаме повторно за предложениот закон за амнестија. Во тој контекст најпрвин сакам уште еднаш да потсетам на правните причини зошто е тоа така.

Ние го усвоиме законот за амнестија, предложен од Владата на РМ, на 29 декември 1998 година, закон кој има уставна основа во член 68 став 1 алинеја 18 од Уставот на РМ. За указот да биде правосилен требаше да биде потпишан и од претседателот на државата кој е еден дел од извршната власт во делбата на државната власт. Но, претседателот корситејќи ја, исто така, уставната можност не го потпиша указот, со едно свое образложение.

Како Собрание ние денес исто така користејќи ја уставната можност ќе гласаме уште еднаш и тогаш уставно претседателот е должен да го потпише указот и тој указ тогаш ќе биде правосилен.

Јас сега овде можам да го завршам мојот говор и да гласам као што гласав, но минатиот пат кога расправавме за овој закон јас не се произнесов, бидејќи претпоставив дека ќе се најдеме во оваа ситуација, па моето предвидување лесно се оствари. Погодив сепак, претседателот нема да смогне сили и да направи добро за крај, иако многу граѓани, особено Албанци потајно се надеваа дека сепак здравиот разум ќе надвладее и најпосле ќе направи нешто што вистински ќе помогне во релаксацијата на меѓунационалните односи.

За ова што го кажав имам премногу аргументи, но ќе се обидам да ги изнесам основните.

Прво, законот за амнестија има неспорна уставна основа, па во образложениeто на претседателот стои дека законот не е во духот на Уставот на РМ. Јас можеби не сум лингвист по мекедонистика, но поимот дух, духови, мислам дека е нешто друго. Ако грешам, тогаш образложението на претседателот односно неговото мислење е напишан во една друга ера. Значи, кога се нема правна причина за некое пишување на указот, тогаш ќе се брани со сведување на сето ова под еден поим државен интерес. Таа логика се применува затоа што претседателот нема сили да постапи како институција, туку како дисциплиниран партиски и по инерција на една влада која меѓуетничките и некои други проблеми ги решаваше потпирајќи се на поимот државен интерес со кој поим ги застрашуваа и Албанците и Македонците и токму со такво сатанизирање на барањето ја продолжува. власта. Но, ако ви беше до државен интерес таканаречената позитивна дискриминација на Албанците и позицијата, давање - недавање права, користејќи ја дневната политика, често пати применувајќи и репресивни мерки, тогаш јас отворено велам дека сум против тој државен интерес. Немојте да ме фаќате за збор, можеби е тоа државен интерес, но кажете ми на која држава. Ова го кажувам, бидејќи минатиот пат кога дебатиравме по законот за амнестија еден пратеник од СДСМ рече дека така требаше да се постапи за тие кои не ги почитуваа државните институции. Пак со тој заплашувачки тон за државен интрес.

Јас сметам, ако ние бевме на левата страна, а вие на десната, како што сонуваше еден мој колега, не дај боже

да беше така, зошто со водење на една таква меѓуетничка политика бидете сигурни дека никој од Албанците така дискриминиран немаше да ја почитува таа власт и можеби ако сонувавме понатаму за иднината на Македонија, ќе се разговараше во Рамбуе II и во некои Дејтон III.

Видете, до каде не однесоа тие начини на политичко поставување. Не однесоа до работ на егзистенцијата на граганите на РМ со многу нерешени проблеми од сите сфери. Еден од тие проблеми беше и системот на двојна вредност, што, за жал се рефлектираше и во судството.

Спорот околу Законот за знамиљата и репресивниот одговор беа во тој контекст. Ако сакате аргументи за тоа. Целиот случај беше бомбардиран со политика, проследено со политички одговор и една трагикомедична судска расправа и пресуда. Жално, но сетоа тао беше направено бидејќи државниот интерес беше и на правото и на правната држава. Од другата страна, ќе ми извинете, градоначалникот на Битола кој беше замешан во една "ситна афера" од 20 милиони ДЕМ украдени од граѓаните или некои градоначалници кои имаа спорови со Уставниот суд, не се никои осудени, а камоли да интервенира полицијата, зошто тоа не е и не беше државен интерес.

За вас господине претседателе или екс влада не беше државен интерес градењето на пари од граѓаните, не беше државен интерес стандардот на обичниот граѓанин, семејната благосостојба и тн. Сите овие факти наведуваат да помислам дека државен интерес беше да се зачува една политичка олигархија, да ги калиме и им благодариме за овој економски крш што го оставија. Не личи ли тоа на двојна вредност.

Овие избори покажаа дека овој приод беше погрешен. На ова се надоврзува препораката донесена од Резолуцијата донесена од Европскиот парламент или Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа, или извештајот на комитетот на Комитетот за човекови права во ООН, а сигурно ако не го донесевме овој закон ќе имаше и други такви предупредувања, за кои мислам дека не се во интерес на државата.

Во првичната дебата за овој закон некои пратеници до опозицијата рекоа дека резолуцијата на Европарламентот, препораката на Конгресот на Советот на Европа или Комитетот за човекови права на ООН не се ништо за нас, не минимизирајќи ја улогата на евроинституциите. Токму ова потценување на евро органите и преценување на тогашната политичка елита придонесе РМ да не се инкорпорира во агендата 2000 и да биде зона на висок ризик за инвестирање на странски капитал.

Овде би сакал да се надоврзам и со обраќањето на господинот Глигоров во врска со воспоставувањето на дипломатските односи со Тајван. Ќе нагласам само два момента кои се во склоп на ова што го дискутираме.

Прво, јас мислам дека г-дин Глигоров не треба да плаче за интересите на Кина или билатералните и мултилатералните врски со заплашување во име на државниот интерес, туку треба да плаче за економската катастрофа, резултат на која граѓаните на оваа држава се доведени до работ на егзистенција.

Второ, мислам дека непотпишувањето на указот од господинот Глигоров, каде и спаѓа амнестијата што тие повикаа на бунт и отпор значи дека и на господинот Глигоров треба да му се суди што пред камерите отворено ги повика граѓаните на еден втор или трет начин го искажа незадоволството, што според мене е повик на бунт, само за да ги заплаши граѓаните и ако се може повторно неговите чеда да дојдат на власт. Тој ги троши сите можности за да се направи една атмосфера на несигурност и страв кај граѓаните, заплашувајќи ги во име на државниот интерес.

Во контекст на ова јас незнам каде екс Владата заедно со претседателот намеравaат да стигнат, каде водеше тоа, што ли им беше целта.

Јас мислам дека суверенитетот на РМ веќе е реалност и сега државен интерес треба да биде економскиот подем, подоброто живеење на запоставените граѓани, реалниот приод во сите сфери во подем на економски просперитет и внатрешната стабилност со релаксација на меѓуетничките релации. Само така можеме да се избориме за појака позиција во регионот и да ги зголемиме шансите реално кон приближување со ЕУ. Ова го кажувам за да ве уверам дека г-дин Глигоров оваа реалност не сака и не може да ја сфати. Тој неможе да се адаптира на искажаната

доверба на граѓаните на РМ за опцијата за промени и врз овие аспекти што ги потенцирав до сега, но тој не мора на ваков начин да реагира. Не, во првите 100 дена од работењето на една влада да се запираат на ваков начин иницијативите за остварување на програмата која е во интерес на оваа држава, со непотпишување на указ и повикување на бунт, тоа не можам да го сфатам. Тоа не е добро. Сметам дека овие факти го натераа г-дин Глигоров да даде политички одговор на законот за амнестија, а не правен одговор. Токму тоа ме наведе на ваков начин да дискутрам.

Не сакам многу да должам, но за крај сакам да го искажам своето мислење за предложениот закон за амнестија.

Прво, овој закон коренспондира со основната заложба на оваа коалиција за демократизација на општеството за еднакви можности за сите, покажаната волја е компатибилна со напорите за интеграција во глобалните процеси каде што нема категорија политички затвореници. Со ова се придонесува да се зајакне довербата во правниот систем, довербата во заложбите за меѓусебно почитување и толеранција што придонесува за понатамошна внатрешна стабилизација, заложбата за разговор и десатанизирање на отворените прашања. Ова незначи дека ја минимизирам категоријата амнестија за сторителите на кривични дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и тн., сторителите на кривични дела недозволено држење на оружје или распрскувачки материјали, туку сметам дека образложението на претседателот има чиста политичка заднина, затоа криминалитетот не се сузбива во затвор која е последната истанца, туку се сузбива надвор од затворот, таму каде што бевте вие г-дин Глигоров и вашата власт и каде што не успеавте во оваа сфера. Овде нема да одолжам, бидејќи е даден прав одговор во образложението на Владата.

За крај сакам да порачам дека овој камиказа обид на г-дин Глигоров нема да успее бидејќи во оваа коалиција е акумулирана надеж да на граѓаните е акумулирана една фантастична енергија и интелектуален потенцијал со дефинирана и јасна визија. Затоа ве молам не трошете џабе енергија за брз кам бег, туку да се нафатиме со реалностите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, доста се расправаше и во минатиот наврат во врска со законот за амнестија, на 29 декември 1998 година и ми се чини тогаш ова парламентарно мнозинство си ја кажа својата волја.

Не би сакал да полемизиран понатака во врска со ставовите на г-динот претседател на државата што беа искажани во врска со законот за амнестија, но ми се чини дека е прекината онаа врска што беше меѓу претседателот на државата како институт и Владата. Меѓутоа, на жалост составот на овој Парламент е таков што претседателот неможе повеќе да ја има таа улога што ја имаше во РМ заради тао што сега од една страна има пратеници кои се големо мнозинство, а кои што заради водење на ваквата политика на минатата политичка олигархија на минатата влада, народот овој пат не им ја даде довербата.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:** (продолжение)

Фактички во Република Македонија не се чувствуваше поделбата на власта на законодавна, судска и извршна, но власта беше концентрирана во една личност, во личноста на господинот Глигоров кој што благодарение на Владата во сите институции на системот едноставно доминираше. Поддршката од Владата на претседателот на институцијата претседател беше таква да го воздигна и се создаде една култ на личност. Таквото однесување доведе до една вулгаризација на институциите на системот до таа мерка што тие беа тотално блокирани и воопшто не функционираа. Државата беше инструмент на власта со која што се тероризираше сопствениот народ, наместо да биде сервис на власта за која што власт народот гласал. Во овие моменти кога Република Македонија се наоѓа во една длабока економска и социјална криза чии што продуктори се екс олигархијата во Република Македонија на чело со култната личност господинот Глигоров, ми се чини дека се чувствува една потреба од демократизација на институциите на системот која што деморкатизација на институции на системот исто така е потребна заради релаксирање на меѓуетничките тензии во Република Македонија, заради релаксирање на сите тензии и сите оние

притисоци кои што се создадоа во овој изминат период во нашата држава. Мене ми се чини дека бившата олигархија во овие моменти гледајќи ги новите промени кои што ги прави актуелната власт во Република Македонија не дека не верува во тоа што ќе се направи на економски и на политички, или друг смисол во државата, но повеќе чувствува страв заради тоа што тие не го направиле како што треба и заради тоа што тоа не знаеле да го направат како што треба. Заради тоа претседателот Глигоров неќни видно потресен дојде и во една констелација како нивни адвокат овде не само со нас пратениците, туку и граѓаните на Република Македонија да ги убеди дека бившата Влада многу добро ја водела Република Македонија, дека тогаш Македонија просперирала во сите сфери, а ние самите сме сведоци каков просперитет доживеа нашата Република и во внатрешнополитичките односи и во надворешно-политичките односи и во економијата и во другите сфери на животот. Таквата негова нервоза многу добро ни е позната уште од времeното кога во 1990 година се распаѓаше Југославија, кога плачеше и кога не убедуваше овде дека било многу добро да се задржи Југославија. На сите нас ни е познато дека тој даваше изјави од типот дека болката на Југославија не се болки на држава која што се распаѓа,  но дека е болест на држава која што се возобновува. Сите добро се сеќаваме на платформите кои што ги градеа со господинот Изетбеговиќ, а сите добро потоа видовме што се случи во Босна и Херцеговина. Исто така, неговото отсуство кога се донесе Законот за употреба на знамињата што резултираше со трагични настани, со брутална злоупотреба на полицијата, потоа вербата во него граѓаните ја изгубија кога беше продадено името на Република Македонија кое само по негово најавување беше само за неколку месеци, но поминаа веќе пет години. Исто така, за изненадување е како господинот Глигоров не можеше да го види тоа што се одигрува пред неговите очи во изминатиот период додека Социјалдемократскиот сојуз го пустошеше македонскиот народ и македонската држава кога во пазувите на СДС се инкубираа октоподи кои што го разрушија македонското стопанство и ги разнишаа темелите на македонската држава. Зошто господинот Глигоров молчеше во 1997 година кога неговата мудра дипломатија не успеа во програмата, во документот Агенда 2000 да влезе Република Македонија. Тогаш кога не убедуваа дека се многу мудри, дека секое доаѓање на некои второразредни политичари од високо развиените земји ги прикажуваа пред македонската јавност како да се тоа нивни мудри потези, како тоа да се некои големи победи и тн. Знаеме дека во документот Агенда 2000 во кој што се содржани погледите на Европската Унија за првите години од XXI-от век во однос на нејзиното внатрешно интегрирање и проширување со нови членки дека Република Македонија во придружното членство кое што е од 10 члена не успеа да влезе. Сето тоа значи дека Република Македонија не ги исполнила основните критериуми кои што требаше да се исполнат за приближување како придружно членство кон Европската Унија. Тоа значеше дека покрај другите критериуми и македонското законодавство дека требаше да стане компатибилно со европското законодавство, потоа во смисла на внатрешната политика, човековите права и тн. Сите тие работи и сите оние институции во Република Македонија кои што во тој период не успеаа да станат компатибилни со европските критериуми ги дистанцираа Македонија од Европската Унија од придружно членство. Не се изврши хармонизација на законодавството. Заради сите овие штети ми се чини дека солзите не помагаат. Мене ми се чини дека за законот за амнестија доста долго се дискутираше од оваа трибина, од оваа говорница, но ми се чини дека во Република Македонија постоеја одредени тензии поготово на меѓунационална основа и ми се чини дека со доаѓањето на новата Влада во Република Македонија треба и покрај сите разлики и дистанци по разни основи кои што постојат помеѓу граѓаните во Република Македонија да се направат напори сите хумани и добронамерни луѓе кои што живеат во Република Македонија да се надминат тие недоразбирања. Заради тоа што и покрај сите тие разлики ние мораме овде заедно да живееме. Но, за тоа е потребно на сите граѓани во Република Македонија да им дадеме подеднакви можности и шанси да се бранат, да ја чувствуваат Република Македонија како нивна татковина, а не

како туѓа и да се однесуваат во неа како спрема непријателска земја.

Во врска со законот за амнестија би кажал дека јас го поддржувам законот за амнестија, дека ќе гласам за законот за амнестија.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, јас не сакам да држам многу долги говори и без потреба да го злоупотребам вашето внимание. Искрено речено не ја гледам потребата од повторното разгледување на оваа точка, но на тоа не принуди претседателот на државата со решението да не го потпише Указот за законот за амнестија кој ни го понуди на усвојување Владата на Република Македонија. Сигурен сум дека денес само ќе биде потврдена одлуката веќе донесена на 29 декември 1998 година. Јас го поздравувам решението на Владата како една од приоритетните одлуки да го донесе Предлогот на законот за амнестија. Со овој закон и со ослободувањето на градоначалниците и претседавачите на Гостивар и Тетово ќе се придонесе за додатно хармонизирање на меѓунационалните односи кое веќе започна со формирањето на владината коалиција во која активно се вклучи и ДПА. Во насока на овој закон се и препораките содржани во Резо-луцијата на Европскиот Парламент, од Конгресот на локалните и регионалните власти на Европа, како и барањата на други меѓународни организации кои не би сакале Македонија како цивилизирана држава на почетокот на XXI-от век се уште да има политички затвореници. Сигурен сум дека на Македонија не и е потребен таков имиџ. Македонија мора, како што повеќе пати истакна и нашиот премиер кон светот да зрачи позитивни сигнали, пред се во внатрешните мегунационални односи. Ние се наоѓаме во еден немирен регион и било какво решение кое ги нарушува внатрешните односи во државата придонесува критичкиот поглед на Меѓународната заедница да се насочува кон нас. Како не треба да се решаваат проблемите добар пример ни е нашиот северен сосед кој со заострувањето на внатрешните проблеми дојде до момент кога Меѓународната заедница се доведе во состојба да интервенира, дури проблематизирајќи го целосниот суверенитет на државата Југославија. Ние со овој закон сакаме превентивно да делуваме за никогаш да не ни се случи таква непријатна ситуација. Му честитам на нашиот министер за правда кој со овој Предлог-закон ни нуди решение кое ќе ја зголеми довербата мегу нас македонците и меѓу албанското население во нашата држава. Јас сум сигурен дека ефектите од овој закон најдобро ќе се почувствуваат баш во Гостивар и Тетово, чии што граѓани од различна национална припадност живееја поделени со јаз кој без потреба меѓу нив го ископа СДСМ. Се надевам дека новата Влада на Република Македонија и посебно овој Парламент со својата работа ќе се потрудат максимално да ги отворат и да ги разрешат сите проблеми кои ги оптоваруваат односите меѓу двете најбројни национални заедници во Република Македонија. Сметам дека ова Собрание нема да се плаши да отвори и успешно политички да го реши било кој проблем затоа што со политика на ној, со политика каде одбиваме да ги гледаме проблемите кои реално постојат, нема да решиме ништо. Тоа беше политика на СДСМ каде проблемите се покриваа со празни фрази за соживот кои без реално соочување на проблемите не значат баш апсолутно ништо. Промените мора да се почувствуваат во сите области на животот. Па се разбира и во чувствителната сфера на меѓунационалните односи. Се надевам на позитивни промени. Ослободувањето на политичките затвореници е еден од тие чекори на подобро. Ги молам претставниците на опозицијата да се воздржат од драматизирањето на било кое позитивно решение на овој парламентарен состав. На граганите на Република Македонија потребен им е мир за да се справат со сите животни проблеми кои вие господа од СДСМ со вашето несовесно работење во минатиот период им ги натоваривте на врат. Владата и парламентарното мнозинство веќе се заморени од занимавањето со вашите нервозни реакции на позитивните промени во државава.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Пред да започнам само сакам да одговорам на едно нешто што го кажа пратеникот Тито Петковски дека можеби десната страна денеска го потсеќа на гласачка машина со неограничен рок на траење. Ми се чини дека веројатно мислеше на СДС кога ги узурпираше изборите 1994 година, ама згреши, рокот не беше неограничен, сетете се на

изборите од 1998 година.

Јас веке еднаш го поддржав законот за амнестија, но за разлика од денеска, тогаш не дискутирав, мислејќи дека она што беше пред нас како предлог е сосема нормално предложено и издржано за да не мора да се навлегува во некое посебно детализирање. Но, непотпишувањето на законот и образложението за тоа од страна на претседателот мене ме натера да реагирам, односно денеска јавно да дадам поддршка на овој закон. Законот за амнестија е неопходен почитувани колеги за модерна Македонија која што се подготвува за новиот милениум. Со него наследената од претходната власт меѓуетничка констелација на односи да не речам тензија ќе се изрелаксира до една прифатлива, до една нормална ситуација. Усвојувањето на овој закон според мое мислење ќе има и значајна превентивна воспитна улога врз осудените лица. Знаете, не мора секогаш само казната да биде начин на превоспитување. Милоста на државата и тоа како може да биде и од самите осуденици позитивно разбрана. Што не значи дека амнестијата е целосна рехабилитација, односно еднаш за секогаш дадена слобода. Понатаму, низ директни размисли за образложението на претседателот ќе видиме дека овој закон навистина и ја заслужува нашата, а и на пошироката јавност поддршка.

Би тргнал прво од забелешката дека поделбата на власта на законодавна, извршна и судска наводно со овој закон била нарушена. Напротив, сметам дека со овој потег се афирмира судството како независно како што навистина и би требало да биде изрелаксирано од дневна политика. Се поставува прашањето дали Глигоров навистина смета дека судството беше независно за време на владеењето на партијата чија што книшка со реден број 001 е токму тој, според изјави на ваши високи функционери за време на кампањата.

Второ, се тврди дека искуството што има претседателот во врска со ваши случаи покажувало дека ваквите случаи не давале позитивни ефекти. Исто така, како поткрепа се наведува дека криминалитетот е во пораст во Република Македонија во последниот период. Напротив податоците кои што ние ги добивме, а во кои што јас немам зошто да се сомневам говорев дека тој е во благо опаѓање. Но на крајот на краиштата поентата да ја побараме во нешто друго. Се поставува прашањето зошто Глигоров ако мислеше дека криминалитетот е во нагорна линија, односно дека системот е во распаѓање на било кој начин не му се спротивстави, или спротивставуваше на претходниот владин состав, односно на господинот Бранко Црвенковски. Поставувајќи ги овие прашања исто вака драматично како што ги поставува минатата недела пред македонската јавност.

Трето, претседателот ни укажува на загрижувачкиот пораст на зависници од дрога и на недозволената трговија со наркотички средства. Повторно се поставува прашањето дали тој мисли дека во Македонија, односно во македонските затвори се наоѓаат главните нарко дилери, или пак најнебитните шрафови кои во вакви случаи нужно се жртвуваат поради создавање на привид на правна држава.

Четврто, и самиот претседател признава дека во исклучителни случаи но сепак го користел правото на помилување. Бројките говорат дека по сите основи дали ослободување, дали намалување на казна, дали заменување на казната со условна, или пак парично се опфатени вкупно 1290 лица во периодот од 1992 до 1998 година. Се поставува прашањето што значи тоа исклучителен случај ако се има во предвид дека бројката на помилувани престапници од страна на претседателот е погоелма од бројката на осуденици кои што во моментот се наоѓаат во затворите во Република Македонија. Можеби за него исклучителни случаи се лицата што беа помилувани за да ги обезбедуваат мктинзи-те на неговата партија и да го тепаат незадоволниот народ кога се појавуваше на тие митинзи.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:** (Продолжение)

Претседателот укажува дека не бил информиран ниту пак консултиран при донесувањето на овој Закон. Се поставува прашањето дали Претседателот не знае или напросто не сака да знае дека донесувањето закони, согласно Уставот на Република Македонија е во надлежност на Собранието на Република Македонија, член 68 став 1, тоа е многу јасно. Помилувањето и амнестијата, во истиот устав, се јасно разграничени и не оставаат простор за

сомнеж што е што, освен ако се сака на некој начин тоталитарно да се контролира се.

Акт на амнестија, според Претседателот, можело да се примени при значајни општествено-политички промени во општеството, а во овој случај тоа не е така, бидејќи дошло единствено до промена на власта по пат на парламентарни избори.

Уште еднаш се поставува прашањето, дали Глигоров заборавил дека на овие избори победи коалиција на вонпарламентарни партии, освојувајќи 62 мандати, односно партии што не беа на никаков начин во институциите на системот. Дали е тоа мала демократска промена или конечно, дефинитивно напуштање на континуитетот на со поранешниот систем, најубаво ќе си одговорат самите граѓани.

На крајот, не ни останува ништо друго, туку да изнесам уште неколку прашања што ни се поставуваат како дилеми за последните потези на македонскиот претседател и на неговата партија.

Ми се чини дека граѓанинот, кога веќе зборуваме за принципиелност, доследност и искреност треба да ги има одговорите и на следниве неколку прашања:

Зошто Глигоров не реагираше вака "принципиелно" кога Тито Петковски потпиша закон во негово име што, знаеме, Уставниот суд го укина, а понатаму знаеме до какви последици доведе тоа потпишување. И, зошто барем еднаш не излезе јавно пред македонските граѓани, принципелно, до крај, од претходната владеачка гарнитура да го побара одговорот кој го изврши атентатот на 3 октомври 1995, што мене попрво ми личи на државен удар и тоа не мал, за разлика од било кој потег на оваа Влада во овој кус период што го има направено до сега.

Ете, тоа би сакал да го знам јас, дами и господа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Филип Петровски.

Реплика побара г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Навистина се извинувам, останав должен и после настапот на г-динот Џафери, пропуштив на тој дел да одговорам, еве, господинот Петровски сега ме потсети.

Неколку пати јавно кажав зошто го потпишав Указот за прогласување на тој Закон и се разбира, затоа што тоа беше резултат и на отсуството на Претседателот на државата на нејасното уставно решение кога се смета претседателот за отсутен од државата. И, се разбира, врз основа на консултации со стручната служба на Собранието. Значи, јас не правев никаква селекција. Ги потпишав сите акти што тогаш ги донесе, на таа седница Собранието и други закони, некои одлуки, па меѓу другото и овој закон.

Според тоа, не постоела никаква тенденција. Уставниот суд тоа го поништи, односно укина. Одлуките на Уставниот суд ниту се толкуваат ниту се објаснуваат. Едноставно, само се почитуваат. Ве молам Уставниот суд ја има таа функција, според Уставот, па да го укинеме ако сметаме дека сите одлуки што ги носи Собранието Владата или другите органи и што ги потпишуваат нсоителите на тие функции се секогаш во согласност со законот.

Според тоа, сакам да укажам само на тоа дека таа одлука и тој Указ немаа негативни импликации во пракса. Да ве потсетам, заради тоа што интервенцијата на полицијата во Гостивар беше врз основа на Одлуката на Уставниот суд, не врз основа на тој Закон, според тоа никакви штетни послеидци не предизвика тој закон. А, право е на Претседателот на држвата дали ќе се спротивстави, на потпишување на таков Указ или не.

Во праксата порано и од првиот состав на Парламентот, дури имаше интерпелација од ВМРО-ДПМНЕ против тогашниот претседател на Собранието, исто така за потпишување на Указ. Мислам дека сега, после интервенцијата на Уставниот суд е сосема јасно дека претседателот на Собранието не може да потпишува указ во случај кога Претседателот на државата е на службен пат. Според тоа, една празнина во Уставот се пополнува со став на Уставниот суд. Тоа е сосема јасно и од тоа нема причини да се прават никакви скандали.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Господинот Филип Петровски побара збор, исто така за реплика, сето тоа

се реплики, па потоа г-динот Џафери. Има збор г-динто Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас побарав реплика за да бидам до крај јасен.

Прашањето не ви го поставив Вам, господине Тито Петковски, туку му го поставив на Претседателот на државата зошто тој не се спротивстави или да даде свое видување кога станува збор за тој закон. Меѓутоа, кога се однесува до Вас, треба да знаете дека постои и категорија одговорност, а тоа не можеме тука да го расправаме бидејќи излегува од нашите ингеренции, меѓутоа, народот е тој кој цени каква одговорност повлекуваат некои потези и до каде стигнавме со тие потези.

Ете, само толку.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Џафери.

Не повеќе, тој се повлече.

Има збор г-динот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас, оваа реплика ја зимам за да не се направат збрки околу тоа.

Навистина, имаше интерпелација и за еден случај кога јас го заменував претседателот на Републиката во првиот состав на Собранието. Но, јас тогаш потпишав укази, имав претходна согласност до претседателот. Тоа тој го потврди со писмо што беше поделено на пратениците и јас не гласав за тие закони кога ја водев седницата.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека можеме да продолжиме со расправата.

Ако нема реплика, збор побара г-динот Билал Лутфиу.

(Пратеникот Сејфедин Харуни бара реплика)

Ако е по ова прашање, повелете.

Но, ќе ве молам, вие не бевте спомнати. Тоа што имате да го кажете, можете да го кажете во дискусија, а не во форма на реплика.

Има збор г-динот Билал Лутфиу.

**БИЛАЛ ЛУТФИУ:**

Почитуван претседателе на Собранието, уважени колеги пратеници,

Не посакував мојот прв настап во новиов состав на овој највисок претставнички и законодавен дом да биде по ваков или нему сличен, а длабоко сериозен повод. Од мала полза е да се служиме со симпозиумска и на неа својствена реторика и стилистика. Но, морам да кажам дека текстот што го добивме на читање од Претседателот на Републиката, како образложение за непотпишувањето на Указот за прогласување на Законот за амнестија до 29 декември 1998 година изгласан од ова Собрание, личи на нешто подолг политичко правен есеј.

Претпочита образложувачот дека тој, како таков, еден убав ден ќе најде мериторно место во неговите собрани дела, стартувајќи со оние што ги создал во далечните 40-ти, па вклучително со завршетокот на ова столетие.

Колку и да сакав да се оттргнам од личниот впечаток на пет страници препознатливи се и извесни експонирани правни коавтори, во политичка смисла се знае, блиски до дворовите, кон крајот на 80-тите, чии флустрации традицонално генерираат патолошко албанофобство. Но, во случајов сето тоа е гарнирано со прекрасната правна реторика за да се аргументира тезата на Претседателот, што всушност е очекувана освен за релативно наивните.

Кога сакав да обрнам внимание на реторичноста, дозволете за миг да се задржам на четвртиот пасус од образложението на Претседателот.

Неспорно е, вели претседателот, уставната основа на Парламентот да дава амнестија. Но, ценам дека Законот за амнестија не е во духот на Уставот на Република Македонија. Недостасува да каже дека а пред се, не е во духот на патот што го истрасирав јас, за овие 9 господови години, оти во тој Устав опстојува мојот дух, со тој дух морате да коабитирате, оти само така е можен соживотот меѓу мене и Вас.

Една сосема куса дигресија. Прилично бројната советничка свита на Претседателот, час поскоро би требала да би стави на маса, барем за компарирање, амнестиите потпишани од некои шефови на држави на бившите ЈУ-простори. Оние на Булатовиќ Црногорски, оние на Туџман, во духот на фразата дека "ние балакнците сме родени компаративисти, најчесто по лошото".

Одеднаш, вели претседателот, сега сме сведоци на дискусии, изјави, пред се од политички причини итн., и одредени лица зборуваат за наводни политички затвореници.

И, пак втора, куса дигресија.

Најголемиот шеф на една бивша ЈУ-република, запрашан пред неколку години дали во неговата држава има паравоени формации, одговори. Нема, затоа што тие со закон се забранети. Нашиот претседател ќе рече - Нема политички затвореници, затоа што такво нешто не пишува во Кривичниот закон. Руфи Османи, Рефик Даути, Аладин Демири, Веби Беџети тоа не се.

Резолуцијата на Европскиот парламент или слични европски и паневропски институции и организации грубо се мешаат во нашите внатрешни работи. Тие, без малку не ги знаат"македонските работи". Тие што ги знаат не се ни Владата, ни Парламнетарното мнозинство, туку аргументацијата ја има, за жал, бившата Влада, бившиот Парламент и за среќа, актуелниот шеф на државата.

Длабоко сум свесен дека образложениeто на Претседателот, во целина, со една синтеза на неговата политичка филозофија, дефинитивно по тој повод е јасно заокружена, читлива и до баналност разбирлива дури и за нашите заблудени чеда. Текстот и пораката доволно ме убедија да не го прифаќам текстот на образложението. Текстот и неговата порака доволно ме убедија да гласам повторно за Законот за амнестија. Би се осврнал на крајот и на нешто што нема некоја директн врска со содржината на образложнеието, а тоа се однесува на една изјава на претседателот дадена во разговор со еден негов сограѓанин пред неколку години, а објавена во неделникот "Македонско дело".

Во слободна интерпретација таа негова изјава, што патем, никогаш не е демантирана, гласи - "Да не се делиме на комунисти, ВМР-овци итн. Не ни се потребни делби. Сите ние сме Мкаедонци. Наши непријатели се Албанците". Можат да се кажат уште низа работи, што би рекол шефот на државата. Би ценел, ако барем интимно во некое катче на својата совест испочитува дел од нашите забелешки јавно искажани преку домашни и странски медиуми и тоа упорно 8 години и повеќе. Ќе манифестираше навистина искрена доблест, барем во оваа година кога заминува од така престижната функција претседател. Беше, да даде господ повеќе никогаш да не се повтори.

Правдата е првата вредност на општествените институции, како што е вистината за мисловните системи. Која било теорија, колку да е елегантна и корисна мора да биде отфрлена, доколку не е вистинита. Исто така законите и институциите, колку и да се делотворни и добро уредени, ако не се праведни, мора да се реформираат и напуштат. Мудро го рекол ова Џон Рос - "Мудроста и лукавството се знае, не одат заедно".

Јас, почитувани колеги, со ова би завршил. А, на крајот би сакал да истакнам дека поранешниот претседател на Собранието, добро што го цитира писателот Гане Тодоровски, но јас би му предложил да прочита уште еден албански писател Исмаил Кадаре, кој за нашите состојби, а конкретно за претседател на државата, пишува еден роман, не се сеќавам за времето, приближно, кога Тито Петковски бил во детска градинка го напишал овој роман, а се вика "(насловот на романсп го чита на албански)", што во превод значи "генерал на мртва армија" така се преведува, иако не сум добар преведувач. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Билали Лутфиу.

Јас би предложил да го слушнеме уште пратеникто Илија Пранговски, па потоа да дадеме пауза за ручек, потоа да продолжиме, ако немате ништо против или да работиме до крај.

(Пратениците бараат да работат до крај)

Да работиме, добро.

Ако предлагате да работиме, му давам збор на г-динот Илија Прангоски.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата.

По вторпат пред нас се наоѓа истиот предлог на закон за амнестија, еднаш веќе изгласан во овој законодавен дом.

На седницата одржана на 29 декември 1998 година јас бев од мнозинството пратеници кој со својата согласност на законот му дадов зелено светло. Причините за донесување на овој закон, според мене се многубројни.

Главната причина по мое длабоко убедување не лежи во потребата за задоволување на барањата искажани во Резолуцијата на Европскиот парламент или на Конгресот на локалните или регионални власти на Европа или во некое друго барање искажано од меѓународните организации и асоцијации.

Главната причина, сепак и првенствено е во внатрешната потреба на Република Македонија од една вистинска релаксација на меѓуетничките односи во нашата држва. Со отстранување на причините за постоење на недовербата помеѓу македонскиот народ и албанската националност, а во случајов таква причина е издржување на затворските казни на поранешните градоначалници на Тетово и Гостивар и на поранешните претседавачи на советите во овие градови и нивно пуштање на слобода, јас сум сигурен дека ќе се ослбооди големо количество позитивна енергија, што толку често е спомнувана последниве месеци во нашава држава, што ќе може да се насочи кон разрешување на многубројните, многу посуштински проблеми што ги погаѓаат сите граѓани од нашава држава, без оглед на нивната етничка припадност какви што се: невработеноста, социјалната беда и општата економска бесперспективност на нашите граѓани.

Дека, навистина се работи за суштинско релаксирање на меѓуетничките односи се гледа и во фактот дека овој закон е прифатливо решение и за ВМРО-ДПМНЕ и за Демократска алтернатива, но и за двете релевантни политички партии на македонските албанци ДПА и ПДП, без оглед на фактот што втората не е директно вклучена во владината коалиција. Се работи за заедничка одлука на претставниците на најголем дел на граѓаните на Република Македонија кои својата суверена волја, убедливо ја докажаа на минатогодишните парламентарни избори.

Втората причина заради која не смееме да се откажеме од донесувањето на овој закон е поддршката на тенденцијата на новата Влада на Република Македонија да се соочи со суштинското разрешување на сите реални проблеми во нашава држава, без користење на политичиот театар кон кој, очигледно, беше склона најбројната партија во минатата владина коалиција како средство за свртување на вниманиет на јавноста од вистинските проблеми кон исфабрикуваните, надуени квази проблеми.

На што се однесува оваа забелешка? На неспорниот факт дека полициската акција со која се ставија во затвор луѓето за чие ослободување денеска се залагаме, неспорно, коинцидираше со решението за девалвација на националната валута. За да се покрие политички еден проблем, Владата не водејќи доволно сметка за внатрешните и надворешните импликации од своето однесување ја испрати полицијата во продукција на нов политички проблем. Тоа е политичкиот театар, во случајов, за жал крвав, за кој се надевам за секогаш замина. од политичката историја.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:** (Продолжение)

Третата причина за поддршка на овој закон е делумното намалување на затворските казни на луѓето кои се огрешиле во однос на македонските закони, како залагање на новата власт во Република Македонија да се изврши брза ресоцијализација на осудените лица и нивно превоспитување заради очекуваното одговорно прифаќање од страна на овие лица на актот на милост на новата власт и желбата на овие лица да се вклучат во општеството како одговорни граѓани кои ќе избегнуваат нови скршнувања од словото на законот.

Воопшто не стои објаснувањето дека дел од овие осудени лица се осудени за дела кај кои е често повратништвото во истоветни или слични престапки. Дали тоа значи дека лицата осудени за вакви дела и по целосното издржување на затворската казна не треба да се ослободат од затвори само затоа што статистикаа ги оквалификувала како потенцијални повратници во криминалот.

Како човек од медицинската професија не можам да се согласам со фактот дека за криминалните тенденции овде квалификувани како болест или тенденција кон повратништво нема и не може да се пронајде лек. Општеството, ако се однесува одговорно кон судбината на сите свои граѓани, мора да пронајде начин во своите прегратки да ги врати сите свои чеда, без оглед дали тие можеби некогаш не по нивна вина се огрешиле кон него.

Од друга страна, почитувани пратеници овде треба да си се истакнат и следните факти.

Прво, сосема е јасно дека во борбата за ефикасно спречување на криминалитетот се поголемо значење во современите општества му се придава не само на тежината на изречените казни, туку уште повеќе на извесноста и сигурноста во откривањето на сторителите на казниви дела.

Второ, не само од увидот во податоците за висината на казната и структурата на сторителите, туку уште повеќе што целата македонска јавност знае дека вистинските босови-извршители и креатори на криминалитетот односно на криминалот во Македонија не се во затворите, туку се на слобода. Некои се поблиску некои се подалеку од нас. Крупните риби, господа, се на слобода. Сите ние сме сведоци дека значаен број на извршители за тешки кривични дела дури и на убиства извршени сред бел ден и во присуство на сведоци-граѓани поради низа слабости дури ступидни одредби во Законот за кривична постапка, но и поради не ефикасноста на органите на прогонот, па на некои дури и намерно им беше во изминатите години, овозможувано никогаш да не одговараат за своите недела, обратно, им беше овозможувано на мистериозен начин да пребегаат преку граница.

Четвртиот ноторен факт кој заслужува посебно внимание господа, со Законот за амнестија ќе бидат целосно ослободени само 5 лица, а на сите други казните ќе им бидат намалени, но секако според тежината на кривичните дела односно од сите осудени доминира бројот на оние кои со законот ќе добијат намалување на висината на казната која треба да ја издржуваат помеѓу еден до три месеци.

Според тоа, навистина заради дезинформациите кои во изминатиот период се шират меѓу граѓаните на Македонија треба во оваа прилика да се каже дека законот не содржи никакво спектакуларно ослободување на огромен број на криминалци ниту спектакуларно намалување на висината на нивните казни. Сепак претседателот на државата реши да не ја почитува желбата на мнозинството пратеници во ова Собрание да се донесе овој закон и ни ја соопшти својата одлука со писмо до претседателот на Собранието да не го потпише указот за прогласување на законот. Почитувајќи ја длабоко институцијата Претседател на Републиката јас со внимание го прочитав образложението по повод ваквото непочитување од страна на претседателот на државата за решавање на решението на ова Собрание донесено со мнозинство гласови. Радува определбата на претседателот со огромно внимание да ја разгледа содржината на законот пред да се реши да го потпише односно во случајот да не го потпише указот со кој законот се става во сила. Притоа разбрав се консултирал со врвни правни експерти во државата. Сепак во образложението не се наведува дали со истото такво внимание се пристапуваше и кон анализа на многубројните закони кои ги донесуваше ова Собрание во минатите состави на предлози на Владата на г-динот Црвенковски пред да ги потпише указите за нивното стапување во сила затоа што фрустрирачки голем процент на тие закони завршуваа неславно во Уставниот суд на Република Македонија и дали тогаш беа консултирани врвни правни експерти.

Оваа информација ќе беше добредојдена за да знаеме за, какви врвни правни експерти се работи затоа што очигледно за претседателот нашиот министер за правда како еден од предлагачите на законот, како и сите пратеници кои се правници по професија, а гласаа за донесување на овој закон се некомпетентни.

Претседателот во своето образложение штитејќи не нас самите од нас не подучува дека со донесувањето на овој закон го злоупотребуваме односно вршиме изопачување на институтот-амнестија дури излегуваме надвор од рамките на законската регулатива и со овој закон значајно го нарушуваме остварувањето на казнената политика. Очигледна е намерата донесувањето на еден сепак обичен закон, акт на милост, за да се подигне до драматичен степен на закана за безбедноста на државата од само една единствена причина, а таа е дека за овој закон од сопствени политички причини не гласаа претставниците на партијата која до вчера беше на власт во Република Македонија.

Со горчина го отфрлам ова образложение со кое пратениците од владината коалиција се третираат како

неодговорни, не доветни и некомпетентни авантуристи кои се во состојба да донесат закони со кои се нарушува безбедноста на безбедносната состојба на нашата држава и се загрозува сигурноста на граѓантие. Навистина морам да протестирам против сериозната тенденција секој законски проект на новата Влада да се дочекува на нож, секое воспоставување на меѓународни односи со други држави да се етикетира како државен удар, а секој закон кој ќе го усвои ова Собрание да ни се враќа во нова собраниска процедура со што пратениците губат време во ново непотребно анализирање на веќе анализираното и гласање на веќе изгласаното. Сепак и ова Собрание и нашата Влада имаат премногу одговорни задачи за да можат да дозволат постојано да го губат скапоценото време и да е за кохабитација, многу е.

На крајот морам во оваа прилика да Ве потсетам на една и веројатно единствена извонредна комедија од генијалниот Вилјам Шекспир кој, како што знаете, скоро беше прогласен за личност на милениумот во Велика Британија. Насловот на таа комедија на англиски јазик е "мач едоу вау натинг", што во превод сигурно знаете значи "Многу галама скоро за ништо".

Ви благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Прангоски

Збор побара пратеникот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници. Ќе бидам краток и сакам со внимание да ме сослушате.

На една од минатите собраниски седници имавме прилика да го разгледаме Предлогот за донесување на законот за амнестија, со предлог на закон. Во таа прилика имавме можност да видиме кои се причините за донесувањето на овој закон и кои цели со него се сакаат да се постигнат. И тоа забележавме дека причините за донесување на овој закон се содржани и во Резолуцијата на Европскиот парламент доенсена во декември 1998 година. Донесувањето на овој закон се поклопува и со одбележувањето на 50-ет годишнината од Универзалната декларација на човековите права на ООН според чии одредби секој има право на живот, слобода и сигурност и сите луѓе се еднакви пред законот што одговара на концептот кај нас според кој осудените лица ги уживаат сите човекови права утврдени со Уставот, законите и меѓународните акти освен правото на слободно движење.

Значи, се ценело, меѓу другото дека и по повод спомнатиот јубилеј на Светската организација е целисходно донесувањето на закон за амнестија како акт на оживотворување на хуманата димензија на казната и нејзиното извршување. Вам Ви е познато дека Собранието на РМ на 29 декември 1998 година фактички го донесе овој закон. Исто така Ви е познато дека претседателот на Републиката го извести претседателот на Собранието дека не може да го потпише указот за прогласување на законот. Во образложението на претседателот што сите го имате добиено со материјалите можевте да ги видите причините зошто тој смета дека не треба да се потпише указот.

Сакам да напоменам дека на страница 2 од образложението и самиот претседател укажува дека не е спорно дека некој прашања кои се опфатени со овој предложен закон ги оптоваруваат меѓунационалните односи во државата и има свои политички импликации заради познатите гостиварски настани.

Имајќи го предвид аспектот низ кој се разгледуваат предложените закони во собраниските комисии овој закон задира во правата на националностите, а Комисијата за меѓуетнички односи го разгледа и му даде поддршка на предложениот закон и му предлага на Собранието истиот да биде донесен.

Исто така нам ни е познато дека Владата на РМ претходно на седницата одржана на 26 јануари 1999 година повторно го разгледа законот за амнестија и го извести Собранието дека не се предлагаат никакви измени на веќе донесениот закон од Собранието на Република Македонија. Никакви измени во она што е заправо доставено од Владата.

Како што знаеме со оглед на фазата на неговото донесување предложениот закон се наоѓа на дневен ред и на денешната седница на Собранието. Идејата заради која сметав дека треба да го гледаме овој закон при што ја имав предвид фазата на неговото доенсување, Комисијата за

меѓунационални односи даде поддршка за негово донесување оценувајќи дека преку примената на амнестијата како државно-правен институт и криминално политичка мерка ќе се изрази начелно на хуманост, а воедно со неговото донесување ќе се даде уште еден придонес во градењето на меѓанционалните односи во Република Македонија.

Амнестијата е уставна категорија која не навлегува во правосудниот систем. Истата е предвидена и со Кривичниот законик на Република Македонија по законски пат со Закон донесен во Собранието се дава амнестија на не одреден број сторители на кривични дела или се амнестирале сторителите на одредени кривични дела.

Конкретно, донесениот закон за амнестија ниту е против уставен ниту е во спротивност со важечкиот кривичен законик и нема апсолутно никакви пречки истиот да биде потпишан со указ на Претседателот на Република Македонија како и сите други закони што се прогласуваат со указ на Претседателот на РМ. Не држи ставот на Претседателот на Републиката ниту ставот на неговите консултанти и тоа од Судскиот совет на Република Македонија од Републичкото јавно обвинителство на Република Македонија и од Врховниот суд на Република Македонија дека со овој закон наводно се навлегува во судската независност на независната власт, дека тоа е единствена причина и образложение не сум сигурен. Напротив. Со предлагањето на овој закон по мое убедување и по мое мислење се афирмира судството како независна и самостојна ефикасна власт која во иднина не смеее да се користи како инструмент на дневна политика, а во гостиварските настани тоа беше евидентно и присутно.

Непристрасноста на казненост правосудството е доведено под сомневање со постапките во гостиварсктие настани. На тоа укажува атмосферата на судските постапки. Притворањето на граѓаните албанци што не биле нужни, брзината на постапките на кои им е даден посебен приоритет, бројните ограничувања на правата на одбраната и невообичаената строгост на казните. Тоа го реков по повод 9-то јулските настани во Гостивар 1997 година. Ваквите постапки значително ја разнишуваат довербата што судовите во демократското општество мора да ја имаат во јавноста во казнените постапки и кај обвинетите. Право на таканаречените природен судија според кој случајот мора да биде распределен според однапред утврден објективен критериум. Сеуште во повеќе судови за жал, не се почитува доследно ова слово на правото. Кој суд, да ми се одговори, и кое Јавно обвинителство е склоно да ги санкционира нерегуларностите на полициското настапување. Човек се убива, волјата на полицајците е да се обвинуваат луѓе кои воопшто немаат врска со тоа убиство.

Ќе напоменам на говорницата во септември 1997 година се задржав нешто повеќе и го потенцирав чиста коициденција настан случен 1948 година истиот да се повтори иста слика и плашт 1997 година. Сали Реџмати роден 1957 година граѓанин на Република Албанија е осуден на доживотна робија додека неговиот сограѓанин Шкзи Малили роден 1982 година казнет е со 15 години строг затвор. Овој настан е случајот од 30 август 1997 година во село Дебреше гостиварско по повод убиството на командирот на полициската станица Јордан Стојковски.

Судските органи во конкретниот случај наместо да ја гледаат првенствено заштитата на правата и слободите на граѓаните и на законитоста и праведноста , судиите се поставија како партнери на обвинителството. До кога полицијата ќе биде не допрена за дела кои се гледаат со голо око. За овој случај ќе се задржам во една друга прилика на долго и широко.

(Реакција меѓу пратениците)

Би било потребно да се земат забелешки и да ми се реплицира, а јас пред малку сакав да реплицирам, но ми се оневозможи затоа што не бев спомнат.

Напротив, со непотпишувањето на указот се врши само една политичка опструкција на Парламентот што не е во ред и што нема потреба од таква опструкција. Не е точно дека се амнестираат сите осудени лица за кривични дела, туку напротив се намалува само мал дел од неиздржаниот дел на казната и тоа 10 - 15 и 25% кој е многу мал дел од нивната казна, но сепак претставува импулс за ресоцијализација на осудените лица што ќе рече и државата односно Парламентот води сметка за нивната ресоцијализација и нивното враќање во нормалниот живот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Законот за амнестија имал за цел што побрза ресоцијализација на осудените лица, а единствена цел на казната е иста, ресоцијализаци.

Не е точно дека во РМ нема политички затвореници, а на Собранието му е познато кои се тие. Мојот контакт со тројцата бранители на

г-динот што денес лежи во затвор, Руфи Османи, е остварен и сум известен, самиот сум контактирал, сум ја следел таа состојба, не дека мене ми изгледаат добри професионалци, туку луѓе од професија неговите бранители, како што беше и нашиот став како пратеничка група на ПДП дека се работи исклучиво за монтиран процес со политичко влијание на тогашната власт и тогашното судство. Едно е точно и нотoрно познато дека политички затвореници неможе да има во вистинска демократска држава. Политички затвореници има само во тоталитарни држави, а таква сметам дека не е РМ. Впрочем, таков е ставот и на Европската заедница, изнесен во Резолуцијата во однос на политички затвореници во РМ.

Оценките на Меѓународната заедница што треба да се уважат како објективни ставови, имплицираат поинакви заклучоци за постоење притисоци во Судот во водењето на кривичните постапки. Тие кривични постапки се предизвикани со политичка пресметка со носителите на локалната власт во Гостивар и Тетово. Се работи за обратен процес, наместо во затвор да се егзекуторите на настаните во Гостивар, полицајците и оние што дадоа наредба тоа да се изведе, наместо тие да излезат пред лицето на правдата, излегоа други што денес се во "ќорка", Руфи Османи, Рефик Даути, Аладин Демири и Веби Беџети. Ова беше и заклучок на Извештајот на Анкетната комисија на Собранието на РМ за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар по повод 9-то јунските настани 1997 година, и тоа точка 4. Цитирам: "Надлежните служби да ги продолжат и интензивираат активностите за идентификација на вистинските причини и носители на несаканите појави во врска со настаните во Гостивар на 9 јули 1997 година, со преземање на законски мерки на одговорност, особено во поглед на околностите кои доведоа до несакани жртви".

Тоа што сакав да реплицирам пред малку со претходниот дискутант што од тој заклучок излезе на виделина? Тоа беше обврска не само на Владата и на соодветните органи, туку и на Собранието на РМ.

Министерството за внатрешни работи до крајот на својот мандат не ги идентифицира поединците кои ги пречекориле овластувањата и да ги изнесат пред лицето на правдата. Со тоа ќе се оправдуваше и ќе поверувавме дека фукционира правната држава. Применувањето на исти аршини кон сите национални колективитети во полна мера ќе ја врати довербата на државата.

Сепак, мислам во оваа расправа на сите што сме тука присутни е да најдеме сили и да најдеме зборови да излеземе со одредени надежи за нас и за оние што не слушаат. Тука сите сме заморени и тешко е да слушаме било кој. Но сакам следното да го кажам. И до Законот за амнестија, и со Законот за амнестија, и по донесувањето на Законот за амнестија продолжуваме на еден одреден начин со дезинтеграционите процеси на државата. За тоа кој колку е виновен е проблем на посебна анализа. Факт е дека непридонесуваме за поголема интегративна кохезија во нашето општество, позиција и опозиција треба да се консултираме не само од овој аспект или некој друг, туку од аспект на нашето битие и за нашата перспектива. Тука секоја позиција, било која да е, а сега и од десната страна, секогаш најдува за потребно да се удира во гради "еве, кои сме ние" и се она што беше воопшто нема никаква логика со она што го имаме ние. Или обратно, опозицијата се што може позицијата да направи, значи во тој однос, тие се незналици, знаењето и умот се на наша страна. И секако ќе најдеме зборови, тие се неспособни, незналици и до бескрај други навреди и што не друго.

Мислам, до колку најдеме сили овие оптужувања да ги отстраниме, да ги надминеме, тогаш ќе имаме поголема можност за јакнење на она што е заедничко. А тоа заедничкото со посебностите станува уште посилно ако тоа е реалност, бидејќи такви разлики ние и така имаме. Тие разлики ќе станат до толку силни само до колку станат свест на нашето однесување. Јас мислам дека таков потенцијал имаме и тој потенцијал треба да се држи и не смее да се запостави. Се друго нема да не води кон

она кон кое заправо се стремиме да дојдеме. Не заборавете никој ниту од десната ниту од другата страна, господа пратеници, ние сме балканци и во балкански стил се однесуваме. А однесувањето со такоз стил со нималку џентламентност во тоа, ние ќе се вратиме пак на онаа прва точка од каде доаѓаме.

Да завршам, треба за натаму да собереме повеќе кондиција за да ги афирмираме оние работи и вредности кои не зближуваат, а не оние кои не разединуваат. Инаку, ние од мене ни од никого дека од се ова што го кажувам на говорница тече мед и млеко. Камо таа среќа од едната или другата страна да го искуси народот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Сејфедин Харуни.

Молам, кој бара збор, или да ја приврошиме расправата.

Г-динот Ѓорѓи Спасов побара збор.

Ве молам, ако има повеќе што се јавуваат за дискусија, после вашата дискусија ќе дадеме пауза.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дин претседател, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата.

Пратеничката група на СДСМ во врска со овој закон ги изложи сите свои аргументи. Претседателот на Републиката, г-динот Киро Глигоров, исто така во своето образложение за непотпишувањето на Законот изнесе низа аргументи во прилог на тоа дека овој закон не треба да се донесе или пак нетреба да се донесе во овој вид во кој ни се предлага.

Благодарение на независните медиуми на Македонија, имавме можност во текот на синоќешните емисии да го слушнеме и мислењето на

г-ѓата Дорис Пак, која исто така вели дека кога некои институции на Европа сугерирале ослободување од натамошно издржување на казните на градоначалниците на Тетопво и Гостивар, воопшто не мислеле на амнестија со која ќе бидат опфатени над 900 лица од затворите на Македонија и дека тие воопшто не и го препорачуваат на Македонија тоа, или барем не да се направи со ист закон.

Да беше прифатен барем еден од тие аргументи кои и беа понудени на опозицијата, можеби денес пратеничката група на СДСМ ќе гласаше и поинаку. Но што вредат аргументите за вас од Парламентарната коалиција, дами и господо? Од сето ваше однесување во овој Парламент досега, поаѓајќи од воведното излагање на г-динот Камбовски, станува јасно дека до вас не допира силата на аргументите. Вие едноставно располагате со аргументот на силата, односно со силата на мускулите со кои кревате два прста за се што ќе смислат лидерите на вашата коалиција.

Дозволетеми, во стилот на она што го кажуваа г-динот Камбовски, Џафери и Столе Попов, за жал, да дадам едно идеолошко политичко образложение зошто се противиме на сето ова.

Аргументот на силата, дами и господа, го користите за донесување на закони во духот на некакво народно ослободително движење, кое не признава политичка конкуренција, туку само непријатели, остатоци од некаков окупаторски режим. Си дозволувате да кажете, и тоа беше кажано на претходната седница, дека претходната власт и нанела повеќе штета на Македонија од сите окупаторски власти досега. Останува уште да го повикате народот на линч и да организирате процеси на судење на луѓете од ненародниот режим, како што го нарековте во вашите изборни програми и на неговите соработници, без право на одбрана. Денес, пред малку беше речено дека треба да му се суди на претседателот на Републиката. Се надевам дека тоа е патот што го одбравте за остварување на националното помирување во Македонија и за остварување на македонското национално единство. Само треба да знаете нешто.Тоа што ВМРО-ДПМНЕ се прогласи самото за партија од народот и за народот и тоа што Демократската алтернатива се прогласи за движење и што двете партии му ветија на народот дека ќе му донесат некаква слобода тоа не е доволно за да се прогласите за некакво народноослободително движење од афирикански вид, кое смета дека за остварување на неговите револуционерни цели му се дозволени сите средства.

Почитувани дами и господа од владината коалиција, вие денес ќе го донесете овој закон. Со него ќе бидат ослободени голем број лица осудени за тешки кражби, за шверц на оружје, за продавање на дрога и за други кривични дела. Јас сум длабоко убеден дека сите

тие во знак на благодарност ќе станат членови на вашите партии. Но тоа не е единственото ослободување кое вие го правите во нашата држава. Досега ослободивте и многу работни места за вашите роднини и приврзаници, а што е најважно, започнувате систематски да го ослободувате народот од илузијата дека сте способни да направите било што добро за него.

Не е случајно што токму денес го предложивте одново по итна постапка овој закон за амнестија. Токму денес истекува рокот за пријавување на кандидати за избор на градоначалници во Тетово и во Гостивар.

Во Тетово е веќе поставен за началник на Полицијата човек од редовите на Партијата за демократски просперитет на албанците, против кого постојат неколку кривични пријави за нарушување на законот, а роднината на г-динот Мендух Тачи е поставен веќе за директор на Здравствениот дом во Тетово. Значи, се е подготвено за битката за албанското знаме да започне во Македонија, во интерес на релаксација на меѓуетничките односи.

Но да се осврнам накусо и на ставовите на Владата што ни ги доставивте за оваа седница, во кои се содржани причините заради кои сметате дека предлагате добар закон. Во овие ставови не постои правна аргументација. Тие се обичен идеолошко политички памфлет, во кои се содржани бројни обвиненија против претходната Влада. Го слушнавме и обвинителниот акт од страна на г-динот Владо Камбовски и г-динот Џафери во однос на претходната власт во Македонија. Потребата од амнестија во овие ставови се брани, меѓу другото, со тврдењето дека луѓето треба да бидат ослободени затоа што, наводно судството во Македонија во време на владеење на претходната власт било користено како инструмент на дневната политика.

Второ, постоеле притисоци врз судот во воедењето на кривичните псотапки предизвикани со политичка пресметка, со цитирам "носителите на локалната власт во Гостивар и Тетово", што значи дека власта во Македонија политички се пресметувала со мирните градоначалници на Тетово и Гостивар и заа таа цел ги користела судовите.

И трето, дека судството во Македонија било корумпирано, дека селективно функционирал системот на откривање и гонење на сторителите на казнените дела, при што вистинските криминалци не се во казнено поправните домови, туку се на слобода. Но ако е така, тогаш се поставува прашањето, зошто не се ослободат сите затвореници одеднаш.

Овој закон всушност не е закон за амнестија, туку е закон со кој и се суди на претходната власт и му се суди на целокупното судство во Македонија. Тоа нашето судство не го заслужува. Не го заслужува, но новата власт сака и од него да направи своја слугинка. Таа веќе изврши целосна партизација на полицијата, која почна да се пресметува со политичките противници, се подготвува свилен гајтан за обвинителите, и потребно и е сега судството. Државните сервиси за информирање се веќе во фукција на новата Влада и се што прави таа го оправдува и се пресметува со нејзините политички неистомисленици. Но ставовите на Владата се содржани и други попатни оптужби на сметка на претходната власт. Така на пр, како што разбравме од образложенијата што беа дадени и на комисиите, со донесувањето на овој закон полициската интервенција во Гостивар се прогласува за незаконска. Меѓу другото, ова значи, и како што пред малку беше споменато дека меѓу коалицијата е договорено по донесувањето на овој закон да започне истрагата за незаконската интервенција и судењата на они што и нарeдиле на полицијата со сила да ги симне незаконски истакнатите знамиња и да употреби сила во одбраната на својот живот од оние што немилосрдно ги напаѓаа во Гостивар. Морам да кажам, никој не сакаше да дојде до таа интервенција и ние искрено жалиме што до неа дојде. Но за тоа најмалку беа одговорни власта и полицајците што беа пратени таму да интервенираат. За тоа беа одговорни оние што не ја почитуваа Одлуката за судот, што велеа со крв ќе го бранат истакнатото знаме наспроти Уставот и што го туркаа населението во конфликт со полицијата. Денес го слушнавме г-динот Џафери кој што ни држи тирада за заштита на човековите права. Тој истиот Џафери е можеби најодговорен што во тоа време доаѓаше до такви конфликти со македонското население, со сеење страв меѓу македонското население и со интервенцијата на полицијата. Сетете се само на Конгресот на Демократската партија на албанците во Гостивар, на кој што беше исполнувана само химната на албанците, се вееја само албански

знамиња, се шеташе војска во црни униформи низ улиците на Гостивар која го застрашуваше македонското население и на Конгресот се донесе резолуција во која се бараше формирање на сеалбански парламент во Македонија од сите делови на албанците, сеалбанска Влада итн. Тие беа луѓето што одеа на чело на колоните на кои што пишуваше "сите сме ослободителна армина на Косово". Денес го гледаме и во улога на дипломат, кој во Софија изјавува дека независно Косово е во интерес на стабилноста на Македонија. Се надевам дека како еден од влијателните коалициони партнери ќе и признае на оваа Влада да го признаеме Косово и да воспоставиме полни дипломатски односи, како што тоа го направивме со Тајван.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Пред да завршам, ќе потсетам само на една работа. Господинот Васил Тупурковски што туку не скара со четвртина од светското население. Во еден свој говор во Кавадарци рече: "И тие што лажат на овие избори, по изборите ќе одговараат како криминалци". Време е навистина да одговараат како криминалци. А главното обвинение во Партијата ВМРО-ДПМНЕ, кој што многу го поддржува овој закон и сите овие потези кон СДСМ сите овие години беше дека СДСМ води политика на национално предавство, затоа што во владина коалиција со една од партиите на Албанците. Дека Владата на СДСМ не е способна да воспостави контрола на целата територија на Македонија и бараше да интервенира полицијата. И дозволува да се вејат знамиња на странски држави и дека СДСМ се одржува на власт само со политиката на постојано попуштање на Албанците. Цитирам Љубчо Георгиевски. И дека тоа нема да го прави ВМРО-ДПМНЕ доколку дојде на власт во Македонија. Потсетете се што кажа господинот Тупурковски. Нормално се прашувам што е тоа што остана од таа партија што сето тоа го говореше.

На крајот од целиот овој контекс многу често се спомнуваше претседателот и се обидуваше да се навреди со трајно недолични зборови, потсетувајќи се на неговата улога наводно врз паѓањето на Југославија. Зошто господа дами и пратеници не спомнавте каква беше улогата на господинот Васил Тупурковски кој што во последниот момент ја бранеше антидемократската револуција во Белград и ставовите на Душан Шкребиќ, наспроти непринципелната коалиција на Албанците, Хрватите и Словенците на последните конгреси.

И на крајот само една опаска. Слушнавме едно мислење од господинот Столе Попов како експерт за затворските услови во кој што кажа дека една од причините за тоа што треба да се пуштат затворениците од Македонија се лошите услови во затворите. И секако ако се пак такви условите во затворите, тоа не е причина сигурно таквите услови не се создени во последните пет години, туку се можеби од времето кога господинот Владо Камбовски беше сојузен министер за правда на Сојузната држава.

Второ, што е најважно што се однесува, дали од турско ќе проверите сами компетентни за давање на условите во затворите е Комитетот, против тортурата и понижувањето на Советот за Европа, кој што секоја година ги посетува затворите во Македонија. Редно ќе беше ако веќе некој имаше забелешка на затворите, да го изнесе последниот извештај на тој комитет, кој што е мошне позитивен и кој што добр ги оценил условите во нашите затвори, споредувајќи го со нивото на животниот стандард на населението, со нивото на економските можности и со состојбата во која што се наоѓа вкупната македонска држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ѓорѓи Спасов, господинот Камбовски бараше реплика.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Може да зборувам долго, но ќе бидам краток, бидејќи ме спомна колегата Спасов, малку колегата Спасов нека не ми замери се подзаборавил. Не се ова предизборните негови настапи кога од елементарна култура не сакавме да одговориме на некои груби екцеси што беа дури под нивото на една нормална комуникација. Меѓутоа, јас би го запрашал колегата Спасов кога толку се повикува на минатото да ми одговори пред ова Собрание и пред јавноста на следново прашање: "Во времето на гостиварските настани господинот Спасов беше колку што се сеќавам министер за правда и треба многу добро да ја познава целата правна процедура што претходеше на интервенцијата на полицијата во Гостивар и мошне добро треба да знае кој донесе одлука за таква интервенција, како гласаше таа одлука, какви овластувања и

беа дадени на полицијата и така натаму и дали тој како министер за правда бил должен да внимава на принципите на правната држава, бидејќи тука доаѓаше до колизија меѓу силата и човековите слободи и права. Така да, ни должи едно такво елементарно објаснување.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Како министер за правда направив се во оваа Република да се донесе закон, со кој што ќе се реши еден правен вакум во Република Македонија, кој што несомнено предизвикуваше политички конфликт, независ но од донесувањето на тој закон. Законот што се донесе не беше основата за било каква политичка интервенција. Политичката интервенција беше во надлежност на одлуката на Владата односно на премиерот и тоа во согласност врз основа на Одлуката на Уставниот суд. Врз основа на притисокот од огромната јавност, меѓу кои и од страна на ВМРО-ДПМНЕ, Владата со интервенција да воспостави контрола на целата територија на Македонија и да не дозволи незаконски повеќе да се вејат знамиња на странски држави пред општинските згради во Тетово и Гостивар.Со одлуката за интервенцијата бев исто толку запознат колку што ја запознат господинот Владо Камбовски со одлуката за воспоставување на дипломатски односи во Тајван.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Проучувајќи ја целата документација околу гостиварските настани, затоа што Министерството треба да биде сериозно кога подготвува некои предлози, јас се обидов да ги пронајдам сите тие одлуки на Владата. Не успеав да пронајдам никаква одлука на Владата, ниту пак судска одлука која претходеше на интервенцијата на полицијата. Не зборувам за одлуката на Уставниот суд. Би сакал да бидам демантиран, ако сум демантиран и ако ми се презентира таква одлука на Владата, или судска одлука, ќе се извинам јавно пред сите.

**БИЛАЛ ЛУТФИУ:**

Во принцип само кога се споменува името се бара реплика, но бидејќи овде беа споменати имиња на луѓе кои овие денови беа именувани од страна на Владата во Медицинскиот центар во Тетово, заправо градоначалникот во Тетово, не за да ги убедувам колегите пратеници од СДСМ кои се тие, бидејќи добро тие ги знаат, но мислат дека се во предизборна кампања, па ова го кажувам само заради граѓаните надвор од Тетово, во Штип или во Битола, каде за тие луѓе што ќе размислуваат имајќи  го предвид фактот дека од говорницата на Собранието нема право пратеникот сешто да кажува.

Што се однесува до Конгресот, бидете колеги уверени дека претходната власт да би била сигурна дека тие луѓе, тие млади, што многумина од тие имале и право да гласаат на тој конгрес со тие униформи, да би била Владата сигурна дека тие носеле оружје, или пак биле наоружани, јас сум убеден дека правеле уште полошо во Македонија, би ги уапсиле тие луѓе и би ја прекинале работата на конгресот.

Што се однесува до ОВК нема да ве прашам господа пратеници од СДСМ, ако затреба на Косово, а има таму луѓе кои се занимаваат со политика, ако тие бараат, еве јас ќе си одам ќе ја облечам униформата и ќе одам таму и нема да те прашувам тебе. Што се однесува до криминалот, зарем има поголем криминал вие да убивате албанци, а во истата Влада да имате албанец.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господинот Спасов ме потсети на една друга состојба во врска со настаните во Гостивар. Бидејќи е тука екс премиерот на Владата господинот Бранко Црвенковски по повод интервенцијата на полицијата во Гостивар, тоа било 5 јули сабота 1997 година. На тој разговор како што имам сознание до исцрпеност дискутираа околу повлекувањето на знамето во Гостивар и Тетово и тоа  во присуство на господин Алајдин Демири, Арбен Џафери и Руфи Османи. Од тој разговор што е воден тогаш во сабота на 5 јули 1997 година, наспроти гостиварските настани, ние и ден денеска немаме воопшто сознание за интервенцијата во Гостивар, за насилството што е таму употребено. Евидентни се и денеска. Полицијата не дека прекорачила, господине Спасов, туку таа почна да влегува по куќи што ден денеска внатрешноста на куќите и таваните се демолирани. Фасадите на куќите на улицата Браќа Џиноски, Кочи Ѕоци, Слаткарницата "Мињони", дуќаните на Али Ѓега, куќите на Агаи Шурбани, Ќазим Џаковица, и ред други. Тие за жал и ден денеска ја покажуваат бруталноста на тој поход во Гостивар.

Пак би го замолил екс министерот од тој разговор што било нам ни е потребно за наше сознание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, со оглед на тоа што досега имаме четворица пријавени а сигурно дека има и други, ќе ве молам господинот Џафери да го слушнеме за реплика.

**АРБЕН ЏАФЕРИ:**

Јас сум тука во функција за давање на една прецизна информација што било на тој разговор кај бившиот премиер господинот Црвенковски. Беше таа посета по иницијатива на градоначалникот, ние баравме со еден прецизен текст на премиерот да има еден коректен став према законите во земјата и баравме Законот за знамињата да се почитува и премисата која се употребува за употреба на јазиците во општините Тетово, Гостивар и другите. Тоа беше нашето барање кај него, баравме од него да не извести каков ќе биде нивниот став. Не бевме известени и ги имавме настаните во Гостивар.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако нема реплики јас би дал пауза до 17,00 часот, а потоа ќе продолжиме со расправата.

(Пауза до 17,00 часот.)

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,20 часот)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Го повикувам г-динот Ризван Сулејмани како нареден дискутант.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, искрено да Ви кажам долго се двоумев уште на првата расправа дали да учествувам во оваа расправа или да не учествувам. Сепак, се решив нешто да кажам, а уште повеќе бев предизвикан од дискусиите кои се водеа до сега во текот на расправата.

Според тоа, мојот прв апел овде пред вас е веднаш да престанеме со овие дискусии и дефинитивно да ставиме крај на една игра без граници, каде што секогаш имаме две улоги, тужител и спасител, но за жал секогаш жртвата е Албанец.

Јас после искажаниот многу за мене непознат збор кохабитација морав да прочитам во лексикони, па да видам што значи тоа, иако значењето на овој збор, искрено да Ви кажам, го најдов во текот на нештата што се случија после тој искажан збор. Конечно сфатив дека кохабитацијата во наши услови не значи ништо друго, туку сменување на улогите на тужителот и спасителот. Долго време на овие простори во оваа Република Македонија една таква улога, за жал се игра и секогаш на сметка на албанците.

Република Македонија, условите, околностите во кои се наоѓа не само таа, туку целиот регион неминовно бара од нас многу посовесно, многу по одговорно да одговориме на многуте прашања, кои се отворени пред нас. Впрочем, тоа многу јасно го кажаа и граѓаните на изборите. Тие првенствено гласаа за промени. Промени, во смисла позитивни. Додека албанските гласачи јасно ставија до знаење што значи за нив и за што гласаа. Тие гласаа за наведените точки во заедничката платформа на двете политички партии на албанците во Република Македонија. Тие точки наведени во таа платформа, почитувани пратеници, не се ни максимумот, дури ни оптимумот, туку се минимум нешта за кои што ние треба да се залагаме ако сакаме дефинитивно да ги релаксираме меѓунационалните односи. Тогаш, за жал, и ако првите впечатоци беа дека новата Влада искрено, навистина, ќе се залага за реализирање на таквите барања на албанците, но за жал, веднаш после тоа следеа дисонални тонови дури и внатре коалиционите партнери. А, да не зборуваме за другите политички партии, без оглед дали тие се во Влада или не се.

Мојот апел дефинитивно, кога се уште има време, кога се уште играчите се на игралиште, а не влегла публиката да игра да почнеме да разговараме за тие проблеми. Да почнеме и заеднички, без оглед на политичката провициенција, без оглед на нивната политичка позиција дали тие се во Влада, дали се тие опозиција да фатиме темелно за овие проблеми да разговараме. Во спротивно ќе се најдеме во една бескрајна игра, односно игра без граница, со кои одредени политички партии сакаат да ја убедуваат јавноста односно и албанците дека се решаваат нивните проблеми.

Јас искрено да ви кажам, Македонија по се она што се случува во последно време, имам впечаток дека се претвора во еден брод во бурно море, со кој управуваат четири кормилари, кои се

еден спрема друг свртени со грб и еден гледа спрема исток, вториот спрема запад, третиот спрема север и четвртиот спрема југ и секој убеден во себе дека правецот во кој тој гледа е најдобриот правец за иднината на Република Македонија.' За жал, во тој брод со четири кормилари се наоѓаат и албанците кои немаат свој правец. Тие, напротив, во овој момент водат жестока дебата околу тоа дали треба да им се верува на некои ветувања, дали треба да им се верува на некои кажувања или тие од другите кои имаат некои сеќавања од минатото се потсетуваат дека вака и слични ветувања имало и порано и тоа секогаш кога на Република Македонија и требало стабилност, кога на Република Македонија и требало лојалност на граѓаните, кога на Република Македонија и требало единство.

Околностите во кои денес живееме не потсетуваат на некои времиња кога се создаваше една држава и таогаш, господа пратеници, имавме амнестија. И, тогаш, господа пратеници, многу од албанците беа приклучени во системот. И, тогаш, господа пратеници многу нешта им се ветуваше на албанците. Дури паролата со која се градеше таа држава беше уште поприфатлива, уште поубедлива од денешната парола за промени. Таа парола гласеше братство и единство. Но, за жал, чекорите преземени потоа таа парола братство и единство ја претворија во братство и убиство. Ако и понатаму продолжиме со овој тек, навистин се плашам дека Република Македонија ќе плива во бурни времиња.

Затоа, мислам дека е крајно време денеска да седнеме и заеднички да ги погледнеме сите отворени прашања, затоа што албанците во Република Македонија, навистина имаат многу проблеми, прво, пред своите гласачи, пред своите сонародници, пред своите роднини ако сакате, да ја оправдаат нивната историска околност во која се наоѓаат.

Само да се потсетиме, денеска односно пред само неколку години на Балканот се отворија многу прашања, за кои сите народи како што се албаницте во Република Македонија јасно си ги искажаа своите ставови како тие ја гледаат иднината. Единствено, албанците во Република Македонија многу вложија, многу дадоа за стабилноста на оваа држава, но за жал, сеуште на повидок нема ништо.

Искрено да Ви кажам ќе можам тоа овде отворено да го прашам. Нема одговор на едно прашање кое ми го постави еден мој избирач. Дали господине Сулејмани вие не се осеќате историски одговорен? Па, јас реков за кои прашања зборувате. Зборуваме за тоа, затоа што сите други на Балканот денеска во обични вакви промени кои се случуваат денеска на 30 или 40 години ги поставуваат своите барања темелно и долгорочно. Така постапија србите во Босна. Така постапија србите во Хрватска. Така постапија албанците во Косово. Единствено албанците во Република Македонија се задоволија со минимални барања. И, за сите тие минимални барања, Вие ништо не добивте. Јас се прашувам дали навистина ние ќе имаме одговор на тие прашања. (Реакција од пратениците). Јас сакам, да Ве убедам Вас господа пратеници од десната страна, дека не сте ги релаксирале до крај меѓунационалните односи само со еден закон за амнестија. Со тоа сакате да ги релаксирате односите и на долг план да кажете дека се решени меѓунационалните односи. Не се решени меѓунационалните односи, затоа што и амнестијата не значи ништо друго, туку ставање во заборав и истото го велам врз основа на лексикон на една грешка наводно како албанците да направиле некоја грешка, па некој сега се милости и им простува за таа грешка и ги остава на немилост. Проблемите и околностите во кои живеат бараат сосема поинаков пристап. Да Ве потсетам, данците се горди на нивниот Устав, кој издржа и векови, затоа што викаат дека тој е демократски, а беше донесен во околности во кои денеска Република Македонија се наоѓа и се наоѓа Балканот. Во Данска ми беше кажано, дека во ситуација кога на Данска и претстоеше реална опасност да биде нападната од Германија, данскиот крал за да ја добие лојалноста кон државата мораше да направи огромни реформи, почнувајќи со создавање и давање дури и од својот имот, и својата тврдина за употребата на Палараментот за создавање на судови, за создавање на сите инструменти на една демократска држава. Република Македонија по сите стратези и теоретичари денеска после се ова што се случува во Косово, кои предвидуваат дека секоја ескалација на Косово неминовно ќе биде префрлена во Република Македонија, редно е да преземе одлучни чекори во решавање на тие проблеми. Инаку, стратегијата која долго време се игра во

Република Македонија, дека решавањето на проблемите на албанците во Република Македонија ќе може да се реши со сваќање на албанците меѓу себе не е решение. Тоа, евентуално, само може да го одложи решавањето на проблемот. Инаку, решението е сосема друго.

Според тоа, повикувам денеска ние да прекинеме со ова, да го направиме првиот и најмал чекор можен за релаксација на меѓунационалните односи за да пристапиме кон решавањето на клучните проблеми на албанците во Република Македонија. Инаку, можеме да бидеме во илузија дека ние ги имаме решено проблемите. Затоа што, господа пратеници, ние можеме овие хартии така да ги држиме, но нормалната положба на овие е вака да стојат. Се додека ние не ги пуштиме во нормална положба односите во Република Македонија, не сме ги решиле проблемите на албанците во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас се извинувам г-дине претседавач, вакви екскурзии во иднина не смеете да дозволувате. Не е темата меѓунационални односи. Имаме конкретна точка и дајте затоа да говориме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако обратите внимание ќе биде така, а ако не обратите внимание нема да биде така.

За збор се јави Фадиљ Бајрами.

**ФАДИЉ БАЈРАМИ:**

Почитуван подпретседателе, почитувани колеги,

По донесувањето на законот за амнестија од страна на Собранието со полно право по широката јавност го очекуваше реализирање во пракса на овој закон, кој беше неопходен, имајќи ги во предвид одржувањата на парламентарните избори и промена на политичката структура во Република Македонија. Но, изгледа дека претседателот на државата не мисли така, што е логично, затоа што спаѓа во екипа која секогаш ги отвораше и ги компликираше проблемите, за да никогаш не ги реши. Впрочем, за ова собирање денеска е тој заслужен, веројатно со намера да ја праодолжиме старата навика на поранешниот парламентарен состав за секој настан и решен проблем да се вратиме на почеток и тие проблеми да не зависат од волјата на претставниците на граѓаните кои законот за амнестија го прифатија добронамерно и со олеснување како добар почеток и како пример дека политичките проблеми можат да се решат со политички средства и методи, а не обратно како што беше обратно со комунистичката пракса викано пандорско решавање на проблемите. Иако, претседателот на државата во неговиот одговор тврди дека Уставот на Република Македонија ги брани правата и слободите на граѓаните, со жал можам да констатирам дека ова не е точно. Мислам дека луѓето со тоталитарните рецидиви за своите држави секогаш мислат и се самопофалуваат дека нивните држави се најдемократичните во светот.

Историјата покажува дека овие самопофалби не пијат вода пред слободоумната јавност, затоа што многу светски организации што се грижат за степенот на човековите права во овие држави го покажуваат спротивното. Во нивната листа, впрочем, Република Македонија се наоѓа на претпоследните места. За жал, претседателот е насочен кон другата страна, односно е свртен во поглед на демократичноста кон оние државници што своите земји ги ставаат на прво место по демократија според нивниот тек и во нетаризам, несакајќи да слушаат при тоа и за други параметри и достигања на човековите права и слободи искажани во извештаите на разни владини и невладини организации. За среќа на сите слободоумни луѓе во светот, а посебно во Република Македонија претседателот има се помалку и помалку другари од овој вид. А, напоменувам дека меѓу таквите во Европа е само Милошевиќ додека во светски размери листата е скоро исцрпена. Секако дека го разбирам претседателот, тешко му е да потпише нешто што е против неговата логика, дотолку повеќе што на таквите настани и сам им кумуваше. Наивното негово укажување за поделбата на државната власт во законодавна, извршна и судска власт е димна бомба и фрлање прав пред овој законодавен дом, бидејќи е општо познато што до скоро и воопшто се применуваше и судеше политичката волја на старата политичка номенклатура искажана преку судска послушност, дресирана во крагуевачките и кумровечките школи, а така педантно практикувана и во последните настани во Гостивар. А, што друго беа гостиварските настани?

Претскажување на политичката бруталност искажана преку полициска репресија, озаконета "со независни судски одлуки" кои би изнудиле потсмев да не произведуваат таква трагичност и болка. Преку затворање на носителите на локалната власт, а со тоа и газење на гласот и волјата на илјадници избирачи. Бруталното тепање, псовки, и газење на човековото достоинство, а од друга страна искажување на триуфализмот пред камерите, масовното затворање на стотици граѓани асоцираше на одамна минатата пракса на генерал Пиноче и на грчката воена Хунта. Ако оваа пракса, според претседателот, е темелна вредност на оваа држава, беше крајно време да се измени, што впрочем, за среќа и се оствари по одржаните избори. Затоа, редно е да се почне со нова пракса, која ќе биде не само похумана, подемократична и почовечна, но ќе гради и ќе темели вистински вредности прифатени од сите.

Господинот претседател во образложението пишува дека за законот за амнестија се консултирал со истакнати правници и врвни експерти, кои веројатно биле архитекти и примерни доследници на член 133 и член 136 за пропагандно и политичко здружување на Кривичниот закон на некогашната СФРЈ, кои автори, веројатно, се одликува секој 13-ти мај и бранеа докторски трудови под наслов: "Значењето на полициската палка во спроведување на демократијата и улогата на полицискиот пес за изнаоѓање на пропаганден материјал против државата". Впрочем, и членовите 319 и 387 ги сфаќам како деривати на некогашните членови 133 и 136 кои беа влезна врата на социјалистичкиот пекол, не само на албанците, туку и на меѓу македонските интелектуалци.

Искрено мислам и се надевам дека е ова последна консултација со таквите експерти и истакнати правници.

Претседателот и секкоја самопофалба истакнува дека ја води Македонија во европските демократски општества, додека од друга страна тој не го почитува тоа општество, затоа што и не ги почитува нивните резолуции, одлуки и укажувања искажани преку нивните органи, а кои се однесуваа на состојбите во Македонија, посебно на меѓунационалните односи и политичките затворања на градоначалниците и нивните соработници на општината Гостивар и Тетово.

Единствено европско кај претседателот беше тоа што тој во тие трагични настани се наоѓаше во една западноевропска земја, која впрочем и самата помина преку едноумието на Франкизмот, за да не биде пример како се решаваат внатрешните проблеми во земјата.

Господинот претседател намерно заборава дека за време на неговиот мандат и мандатот на неговите сопартијци, истомисленици, да не велам пулени се случува енормно покачување на криминалитетот од секаков вид, па дури и државниот искажан преку афери, корупции, како на пример несватливото исчезнување на 20 кгр. хероин од касата на министерот за внатрешни работи и што не друго. Како и неспособностг на поранешната власт да ги реши овие проблеми и неможе да биде алиби за непотпишување на законот.

Самиот факт дека не е консултиран при изготвувањето и донесувањето на законот за амнестија не мора да значи дека ние немаме право да донесуваме такви закони. А, неговото укажување што треба да се донесе, според мое мислење, е директно мешање и деградирање на Собранието како највисок законодавен орган со укажување кој закон и што треба да се изгласа односно донесе, а што не треба.

Господине претседателе, таквата практика е засекогаш зад нас и ќе Ве молам да ги оставите пратениците да мислат самите за себе си и да донесуваат одлуки, закони како што тие мислат дека е најдобро за искажување на волјата на нивните избирачи.

Претседателот, секако знае, дека почитувањето на правната држава значи почитувањ, е на волјата на граѓаните искажана преку своите избраници. Едно негово формално процедурално право во овој случај се наметнува и ја гуши самата волја на граѓаните. Тоа не е ништо друго до искажувања на инает и неслагање со суштинските промени односно со тоа дека некој има волја и можност барем колку толку да ги уважат тешките последици од политичките грешки на претходната власт на која претседателот се уште им кумува.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:** (Продолжение)

Со овој гест паѓаат во вода сите самопофалби, како искусен и зрел политичар и се покажува ревносен во одржување на постојани етнички тензии и

конфликтни ситуации препакувани пред граѓаните во убав амбалаж и морам да признаам дека во оваа сфера тешко некој да му е равен.

На крајот, се надевам дека по втор пат пат овој ќе го гласаат повеќе од 75 пратеници, а постапката на господинот Глигоров нека биде огледало како не се почитува парламентарната волја и како се злоупотребува таа.

Се надевам, исто така, дека претседателот во своите мемоари кои ќе ги пишува во вилата во Белградското Дедиње ќе ни каже зошто вака постапил и кој го натерал за ова некоректно политичко однесување.

Благодарам.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Јас би се осврнал на образложението на претседателот во врска со непотпишувањето на законот за амнестија.

Забелешките што претседателот на Републиката ги дава по законот за амнестија очигледно не можат да бидат и не се основа за една сериозна длабока и реална анализа на проблемот. Тоа затоа што во забелешките нема речиси ниту еден сериозен издржлив, а уште помалку добронамерен став, таков каков што би му доликувал на еден претседател на една земја.

Кога ги читаш ти се чини, за жал, претседателот е под влијание на новинарски патки што по повод овој закон ги пуштија на небото над Македонија поедини потпросечни новинари кои правните норми ги цитираат и толкуваат токму шарлатански, како на пример наводно доколку претседателот не го попише указот, тогаш законот може повторно да се појави пред Собранието дури после 6 месеци, што очигледно е чиста лага. Или, дека, наводно, Кривичниот законик на Македонија непознава категорија политички кривични дела. Тој не само што е под влијанеи на овие новинарски патки кои, како што се знае поедини новинари ги пуштаат тогаш кога времето е магловито, кога очекуваат да ја залажат и така да ја привлечат јавноста. Забелешките се потполно невистини и контрадикторни, наивности и непознавања.

Претседателот цени дека законот за амнестија го нарушува принципот на поделба на власт. Тој тоа го вели, но никако да не убеди во тоа. Законот за амнестија со ништо не го нарушува тој принцип. Законот е донесен по соодветно предвидена форма и постапка од страна на највисокиот законодавен дом, согласно со Уставот и во согласност со Кривичниот законик на РМ.

Претседателот сака да не подучи кога се донесува актот на амнестија па на едно место ни вели: "актот на амнестија може да се примени при значајни промени на општествено политички состојби во општеството и државата кои биле присутни при носењето на судските пресуди и изречените казни."

Точно е дека амнестијата се применува во такви околности, но не е вистина дека амнестијата ги наоѓа своите мотиви само во тие услови. Кога еден студент по право така би ги образложил причините поради кои се применува чинот на амнестија тој би добил чиста петка. Тоа затоа што постојат низа причини поради кои во светот се применува амнестијата. Но, настрана тоа. Заборавајќи што не подучи за тоа кога се применува амнестија, претседателот малку потоа ни го вели спротивното: "институтот амнестија би требало да се користи за корекција за одредени изречени казни по правосилни судски пресуди кои се однесува на кривични дела и тн."

Познато е дека постојат низа причини поради кои може да се примени амнестијата. Позанто е исто така амнестијата како и помилувањето се акти кои својот извор го имаат во државниот суверенитет и дека тие може да се однесуваат на сите видови кривични дела и на сите казни.

Во забелешките ни се кажува дека наводно амнестијата ќе го поттикне криминалитетот. Оваа констатација е во спротивност со тоа што докажува правната наука. Имено, во спротивност со мотивите заради кои постојат институтите амнестија или институтот помилување.

Понатаму, во обраќањето на претседателот се вели дека консултирал врвни правници, оставајќи впечаток како да сите тие се изјасниле против законот што не е точно. Дел од тие мислења се објавија и занеме какви се. Претседателот става забелешки кои по своја природа се излишни и неумесни. Какви се на пример забелешките во образложението на законот.

Па нели образложението не е дел од законот.

Се забележува дека постојниот Кривичен законик непознава категорија политички кривични дела. Што при тоа мисли претседателот не е јасно. Точно е дека постојниот Кривичен законик не ја познава категоријата односно поимот политичко кривично дело. Но, точно е дека ниту бившиот Кривичен законик на СФРЈ не го употребуваше тој поим. Тој поим се спомнуваше само во договорите за екстадиција, со некои држави каде беше предвидена забраната на испорака на лица кои извршиле политичко кривично дело. Но, фактот дека споменатите кривични законици не го употребуваат поимот политичко кривично дело, не значи најмалку дека тие односно постојниот Кривичен законик на Македонија не предвидува политички кривични дела. Тие како и секое дело имаат свое име.

Точно е дека од постојниот наш Кривичен законик е исфрлен фамозниот член 118 на Кривичниот законик на СФРЈ за непријателска пропаганда таканаречениот вербален деликт. Но, тој содржи низа политички кривични дела, впрочем како и кривични законици на други земји, а кои воглавном се кривични дела против државата.

Очигледно не се прави разлика меѓу политичките кривични дела кои со соодветно име се предвидени во Кривичниот законик и поимот политичко кривично дело кој и е оставен на кривично правната наука и на практиката.

Теоријата за политичките кривични дела потекнува од Франција и од понов датум, од втората половина на минатиот век, проследена со полемиката за природа на политичките кривични дела, позната како објективна и субјективна теорија што до ден денес трае.

Што се однесува до бруталната интервенција на полицијата на 9 јули 1997 година во Гостивар сакам да кажам само една

работа. Имено не е точно дека државните органи на РМ интервенираа во Гостивар само неколку часа по усвојувањето на законот за употреба на знамињата на националностите. Тие тоа го направија неколку денови, ако не и неколку недели порано. Една таква масовна и комплицирана акција неможе во никој случај да се организира за неколку часа или за еден ден. Се добива впечаток дека државните органи од една страна покренаа постаспка за донесување на споменатиот закон, а оддруга страна во ист миг почнаа да наложуваат и да спремаат цела војска и полиција за во крв да го задушат правото кое божем сакаа да го востановат.

На крајот сакам да кажам дека законот за амнестија е донесен од највисокиот законодавен дом од Собранието на РМ, како негово право и одговорност во согласност со Усатвот на РМ. Донесен како правичен, морален и умен чин на оваа држава, во време на големи промени, во добра намера, како еден од знаците на распозанвање, како граничен ѕид на едно време кое повеќе изумира и како излив на едно време кое доаѓа, а тоа денес кога над Македонија се раѓа навистина се раѓа ново сонце на слободата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, сметавме дека на 29.12.1998 година го донесовме законот за амнестија и тоа со мнозинство гласови. Но, за жал, истиот закон денес е пред нас е на разгледување од причини што господинот претседател на држават.а не го потпиша указот за прогласување со што ни даде можност да излегуваме овде на говорница и ако ми дозволи господинот претседател да водам еден краток дијалог со него директно.

Господине претседателе, секоја почит за вашата личност и функцијата што ја имате, претседател на државата, уставното право за ставање вето што за мене е анахроно, неприфатливо и уставен пропуст. Но, со вашето образложение што ни го доставивте нас во никој случај за многу нешта не не убедувате и тоа: од една страна велите дека е уставно право на Собранието да донесе ваков закон, согласно член 68 став 1 алинеја 18, а од друга страна ова право му го узурпирате на Собранието, на нас пратениците избрани од народот, на кои му се даде доверба во последните избори. Потенцирате дека овој закон го нарушува принципот на ненаметнување или вршење притисок на законодавната, извршната и судската власт. Јас би ве прашал дали сте

толку сигурни дека во судскиот процес воден по повод гостиварските настани немаше мешање на ингеренциите меѓу извршната судската па и законодавната власт. Само за илустрација. Самиот факт што Основниот суд при првото судење донесе пресуда за господинот Османи од 14 години, а веднаш при повторениот процес ја намали на само 7 години. Правите компарација со амнестијата донесена во 1991 година која ја оправдувате со значајните промени на општествено политичките состојби, а го негирате овој со образложение дека нема такви промени, туку само промена на власта по пат на парламентарни избори.

Господине претседателе, во парламентарните избори 1998 година немаме само промена на власта, туку по прв пат после 53 години владеење на една политичка гарнитура на чело со вас која само името го менуваше од КПМ, СКМ, сега на СДСМ, а не и суштинско трансформирање, дојде една нова политичка класа која алудира на големи промени и оваа земја и овие граѓани да ги спаси од хаос, од тензиите, во меѓунационалните односи, големата сиромаштија, за на крај се збогува со комунистичката идеологија чии корени се останати само во некои земји како што се Кина, Куба, Србија, за жал и некоја експозитура меѓу нас.

Точно е дека никој не го консултира Кривичниот законик и членовите 319, 387 и 377, а точно е и тоа дека ниту во СФРЈ. ниту во овие изминати 8 години никогаш не се прикажувале политичктие затвореници, туку како во СФРЈ со прочуените членови 136, 137, а денес со горенаведените ги прикривате политичките опоненти за еден заеднички именител, непријатели на државата.

Гостиварските настани не само вие како политичка партија туку

целата надворешна и надворешна јавност ги третираше само како политички монтажи. Дури за ова се произнеле и многу асоцијации во Европа и светот. Но, за жал, овие укажувања довчерашната власт СДСМ упорно и дрско ги одбиваше. Се обидувавте цели 50 години со вакви методи на угнетување прогонување, анатемирање, со инсталирање на прекуноќни разни афери, скандали, додавајќи разни суфикси наизми, се со цел да се сврти вниманието на недолжниот народ за некаква опасност за државата, дури и за нас денес во коалиција 8 години не престанавте да говорите дека ако дојдеме на власт РМ ќе ја снема.

Почитуван претседателе, величината на институтот претседател на државата е во неговата благородност. Имавте чест и прилика без наша иницијатива, дефакто на Владата и Уставот ви дава таква можност да ги аболирате. Но, кога и со нашата иницијатива да настапите еднаш како претседател на сите граѓани на РМ, вие за жал не смогнавте сили и смелост да го прогласите овој закон. Тогаш тоа не може а да не се толкува како каприц. Или пак се прашувам како да го потпишете кога вие на чело на СДСМ бевте архитекти на овие настани, кумувавте на тие трагични мигови. Жалам. Вашиот потпис за нас ќе беше денес еден предизвик за вашата личнсот, за вашата хуманост и благородност, но за жал вие тоа не го сакавте. Повеќе претпочитате докрај да ја одиграте улогата на последниот мохиканец.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван господине претседавач, почитувани пратеници.

Начинот на кој што ја водиме денешнава расправа морам да кажам дека е навистина провокативен и предизвикува интерес да се опфатат повеќе аспекти или точки на гледање на оваа проблематика. Меѓутоа, јас ќе се обидам во кратки црти да се задржам само на 4 од нив.

Првата би била една констатација.

Констатацијата е дека денешнава седница владината коалиција на еден штабски начин се обидува да ја искористи за дискредитација, сатанизација на институцијата претседател на државата или конкретно на личноста господинот Глигоров. Тоа може да се забележи и при тоа исто така да се констатира дека овој пат не се работи за 3 штаба во владината коалиција, кој што координирано работат, туку по текстовите што овде беа неискажани туку прочитани, бидејќи невидов некој слободно да говори, по интонацијата, па дури и по она господине претседателе, дека еден заеднички штаб ја има подготвувано заедничката парламентарна група на тројната коалиција, што немора да биде лошо, се разбира, ако тао се искористи на еден продуктивен начин.

Меѓутоа, она што мислам дека вреди да се одбележи е дека при сите овие дискусии нема една елементарна да не речам политичка, човечка култура, еден елементарен респект, ако не кон граѓанинот, или човекот Киро Глигоров, тогаш барем кон институцијата претседателот на државата. Но сето тоа предизвикано заради една единствена работа, затоа што претседателот на државата, замислете, се дрзна да го искористи своето уставно право кое што е напишано во Уставот. Тао е дека може за некој законски проект со чија содржина не се согласува, едноставно да не го потпише указот и да се повтори процедурата како што тоа впрочем денес ни се случи. Ваков излив на нервоза, координирана нервоза која што произлегува од сите 3 коалициони партнери некој на прв поглед може да ја толкува како резултат на една нахалност или преголема самодоверба на новата владина коалиција. Меѓутоа, ако малку се загребе по таа површина, мислам дека мотивите се сосема нешто друго, дека повеќе се работи за една нервоза и еден страв од сопствените постапки кои се прават.

При тоа јас во оваа прилика апсолутно немам намера да го бранам дигнитетот на претседателот на државата, не затоа што тој тоа не го заслужува, туку заради тоа што овие критики ги упатуваат тоа не го заслужуваат. Мислам дека со сето она што во изминатиов период се случувало со сопствениот углед и авторитет, кој што е изграден пред граѓаните, не мора пред пратениците на коалиционата влада итн., на парламентарното мнозинство и на крајот на краиштата да не заборавите сите се повикувате на легитиметот даден со вашиот избор од страна на народот Претседателот на државата е исто така избран од народот. При тоа галсовите што ги има тој се многу повеќе одколку што сите тие партии ги имаат заедно добиено на овие последни парламентарни избори.

Што се однесува до втората работа, на која што мислам денес да се задржам, тоа е околу споменуваниот случај за гостиварските настани што имавме прилика да слушнеме дека во повеќе дискусии се споменува како стожерен мотив околу кој што се врти донесувањето на овој закон, од ваша страна предложен, односно од страна на Владата, од страна на парламентарното мнозинство, минатиот пат донесе, и најверојатно на денешнава седница исто така ќе биде изгласан.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**
(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Бидејќи сите се повикуваат на хронологија и бидејќи сите сакаат на тој начин да даваат некаква фактографија, минимум коректност е хронологијата да се искаже во целост. Јас ќе се обидам во кратки црти тоа да го направам.

Првата работа е има ли некој во Република Македонија вклучително во оваа сала на кој што не му е познато дека советите на општините Тетово и Гостивар донесоа одлуки со кое што албанското знаме се закачи пред зградите на општинските собранија во овие два зграда. Има ли такви? Нема таков. Тоа е познато на сите во Македонија.

Втора работа, има ли некој на кој што не му е познато дека токму на иницијатива на членови на ВМРО-ДПМНЕ се покрена процедура пред Уставниот суд за остварување на одлуката на советите на општините Тетово и Гостивар и дека токму по таа иницијатива Уставниот суд донесе Одлука со која што се укинуваат спорните членови од статутите на двете општини и согласно тоа побара од извршните орга-ни на советите на општините, а тоа се градоначалниците да ја спроведат Одлуката на Уставниот суд. Дали на некого во оваа држава не му е познато, или пак има толку кратко паметење да заборави дека далеку пред да се случат гостиварските настани на 9 јули во Гостивар имаше митинзи на кои што тогашниот градоначалник Руфи Османи говореше пред народот и тоа го прикажаа сите електронски медиуми во оваа држава каде што рече дека нема господ, бог кој ќе го натера да ја спроведе Одлуката на Уставниот суд и да го симне албанското знаме од пред Собранието и дека со крв ќе се брани секој обид да се спроведе Одлуката на Уставниот суд. Тоа се случи само пред две години, немојте да кажете дека сето тоа го заборавивте. Ако е тоа така, тогаш се поставува прашањето кога денеска овде слушнавме дека

гостиварските настани биле режија на тогашната власт, тоа значи дека на пример ние сме биле режисерите. Што беа Руфи Османи, господинот Џафери што седи тука и господинот Демири, глумци во нашата режија? Наши платеници да го направат тоа? Тоа го правеа заради наша волја да влезат во она сценарио што ние сме го замислиле? Или си го тераа своето сценарио што го поткрепуваа со јавни изјави, интервјуа, говори на митинзи, интервјуа за странски медиуми заклучно и со она кое што исто така во оваа прилика треба да се потсетиме го кажа господи-нот Џафери, а тоа е дека во Македонија не постои македонски народ и дека е тоа измислица на господинот Глигоров и кликата околу него и дека е тоа популација што ја краде историјата на соседните држави, односно народи како што е српскиот, бугарскиот, грчкиот и тн. Денеска вие можеби сакате да измиете раце, да заборавите што е кажано затоа што сте во коалиција. Меѓутоа, ние нема да се согласиме тоа да го одмолчиме и да не потсетиме не заради вас, тоа кај вас не вреди, меѓутоа тоа треба да го чуе народот како се случувале тие работи.

Беше спомената средбата во мојот кабинет тогаш како премиер со господинот Џафери, господинот Демири и господинот Руфи Османи точно неколку дена пред 9 јули, дали беше сабота или недела, мислам дека беше сабота и тоа го потврди господинот Џафери дека имавме таква средба каде што тие дојдоа и рекоа, мислат дека законот со кој што ние излеговме за употребата на знамињата на националностите за да се надмине проблемот. Ние ако сме сакале да правиме некакви конфликти, или полициски интервенции, не ќе излегувавме со закон за да се реши таа работа. Доволна беше Одлуката на Уставниот суд. Ние се обидовме да најдеме некаква солуција, сета таа работа да заврши мирно да не дојде до некаквинесакани последици. Во тој закон ние предложивме да може знамето на националностите во општините каде што има мнозинство на селение припадници на таа националност на националните празници во Република Македонија да се вее пред единиците на локалната самоуправа паралелно со државното знаме. Тоа за нив не беше прифатливо. Тие рекоа: тој закон така како што вие го предлагате ние нема да го прифатиме. Тогаш, затоа пред малку интервенирав кога господинот Џафери поминуваше покрај моето седиште, јас им реков господа, има одлука на Уставен суд, извршната власт е должна да ја спроведе Одлуката на Уставниот суд. Ве молам размислете за консеквенциите. Тогаш господинот Руфи Османи рече: јас сум спремен да одам и во затвор. И Нелсон Мандела беше во затвор, па излезе како политички херој. И на крајот на краиштата тоа не е единствена работа. Неколку месеци подоцна откако тој отиде во затвор господинот Ван Дер Штул го посети во Идризово, имаше разговор со него и го праша: господине Османи ако излезете надвор дали би ја повториле истата постапка. Господинот Руфи Османи одговорил: Да. Дали тоа вие го знаете, или се правите дека не го знаете. И сега ние овде говориме за некаква политичка режија на некаква власт, Влада и тн. Па уште министерот за правда инаку и професор на Правниот факултет вели вака: каде има одлука за да се направи полициска интервенција. Каде тоа пишува дека мора да има владина одлука за полициска интервенција. Со која владина одлука го фативте камионот со марихуана на гевгелиска граница. Едноставно постои одлука на суд, таа судска одлука мора да се спроведе. Јас не сум правник, меѓутоа толку разбирам. А инаку за манипулирање може што сака да се каже. Што значи кога ќе се говори за гостиварските настани јас би сакал уште еднаш да повторам, никој, најмалку Владата и владината коалиција, ова не го говорам заради тоа што ПДП беше во владина коалиција, или заради нас кои што бевме носечка партија, најмалку сакавме да дојде до таков епилог. Се обидувавме на сите начини тоа да го избегнеме. Проблемот беше што од другата страна се сакаше конфликт, се сакаше да се изрази

својот политички став и радикализам и да се покаже немоќта на македонската држава на својата територија да го заштити уставниот. поредок. Тоа се сакаше, заради тоа се орга-низираа митинзи, заради тоа повеќе отколку што е нормално се вееја албанските знамиња и таму каде што треба и таму каде што не треба. Ние имавме пракса со години наназад албански знамиња се држеа на конгреси, политички партии се закачуваа. Кој реагирал ако покрај тоа знаме стои и македонското државно знаме. Меѓутоа, тука намерно се одеше на судир токму од таа страна која што сега говори дека во име на некакви релаксирани меѓунационални односи тоа е новата политичка елита која што ќе ја спаси Македонија итн. Тоа е што се однесува околу гостиварските настани. Се чувствував должен да ја повторам таа хронологија, да се потсети овој народ како течеа тие работи и како сето тоа се случи. Не беше тоа режија на Владата, а актерите беа во Гостивар, туку беше режија на ДПА, или ПДПА во тоа време која што бараше конфликт во оваа држава и успеа да го испровоцира и покрај сите наши напори до тоа да не дојде.

Околу третата работа за која што би сакал денеска да продискутирам. И на денешнава расправа, меѓутоа и сите овие денови во разни изјави, интервјуа, по медиуми, настапи, митинзи итн. еден од клучните аргументи кои што го користат претставниците на трите владеачки партии во Македонија за да оправдаат било кој потез што го преземаат е: ние бевме на избори, ние добивме мандат од народот, што има вие да не попречувате тоа да го спроведеме, или да го направиме? Околу таа работа би сакал да кажам два аргументи. Првиот е математички. Господа не заборавајте коалицијата за промени, коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и ДА заедно од милион ипол гласови во оваа држава доби 430 илјади гласа . Вие го немате правото да говорите во името на целиот македонски народ. Имате мнозинство пратеници во ова Собрание, меѓутоа вие го немате зад себе повеќето од овој народ, или мнозинството на овој народ. Бидете свесни за математиката и за бројките Тоа е што се однесува до математиката. Меѓутоа, она што е многу побитно е што се однесува до политиката, па ако сакате логиката, вие ќе го имавте и ќе го имате тој мандат да ги спроведувате овие работи ако кога правевте предизборна кампања му кажевте на народот дека токму овие потези ќе ги влечете. Вие ќе имавте мандат да донесете закон за амнестија ако во предизборната кампања ВМРО-ДПМНЕ кажеше: ние ако победиме ќе донесеме закон за амнестија, а не да каже: во нашата Влада ќе нема место за партија на албанци од Македонија, ќе добиеме албанци преку Демократската алтернатива. Вие ќе имавте мандат да склучите договор за дипломатски односи со Тајван ако му кажевте на народот да знае за што гласа, а не дека се потпишани договори со земји учеснички итн. Вие ќе имавте мандат ако кажевте во предизборната кампања: нашата намера е да спроведеме ревизија на историјата, на јазикот, на писмото и тн. Вие тоа не го говоревте. Вие говоревте дека ќе откупувате тутун по 9 марки, дека ќе ги зголемите пензиите, дека ќе ги намалите даноците. Народот за тоа ви даде мандат, а не за ова што денес вие го правите. Од тука кога ќе се повикувате на легитимитетот и мандатот добиен од страна на народот, ве молам водете сметка за овие аргументи. Вие можете да ги занемарите ама тоа не значи дека тие ќе престанат да постојат и дека граѓаните тоа не го размислуваат на тој начин.

Четвртата работа за која што денеска сакав да ја искажам пред сите вас и пред целата македонска јавност е следната. Премногу често во последниве денови поготово во дискусиите на разни претставници на оваа владина коалиција вклучително и на првите луѓе, или министри од Владата се има еден заканувачки тон во смисол: внимавајте, немојте многу да говорите, или да се противите на ова што ние го правиме, бидејќи ние сега го имаме мандатот од народот, ја имаме власта итн. и ние ќе ги употребиме сите полуги што

ни стојат на располагање да ве замолчиме на еден, или на друг начин. Министерот за правда овде да не се заканува со темните страни на криминалот, нека ги открива, а не да ни ги најавува. Ваша работа е заедно со Министерството за внатрешни работи да откривате криминал, а не: внимавајте што правите, што говорите и како ќе постапувате да не се зафатиме ние со некои работи. Понатаму господине министре се извинувам, кога некој ќе говори за криминал во државата, за интелектуално пигмејство, за послушништво, манипулаторство, или за остатоци од претходниот систем, тој треба да биде ептен чист по сите овие прашања за да може така да говори. Ова е мала држава, два милиона луѓе, сите се знаеме меѓу себе до крај во целиот тој период, никој не е нов овде, никој не паднал со падобран во Македонија. И сакам да ви кажам една работа, начините на кои што мислите да не замолчите и да не уплашите, не функционираат. Прво, на погрешна адреса сте чукнале, како на пример кај мене, или кај Социјалдемократскиот сојуз. Тоа може кај некои од вас да речеме од тој ментален склоп да функционира. Во овој случај таа работа не функционира. Ние имаме легитимитет од 280 илјади луѓе кои што ни ја дадоа својата поддршка. Ние сме обврзни и спрема нив и спрема сите оние други кои што не знам за кого гласале, можеби биле неопределени, можеби гласале и за вас, ама денеска се крстат кога гледаат што правите. За сите тие Социјалдемократскиот сојуз на Македонија чувствува одговорност и да го искаже својот став и да ги поддржи нивните барања, да го поддржи поинаку мислечкото расположение во Република Македонија наспроти целата оваа серија потези кои што ги влече актуелната коалиција за промени.

И на крајот да завршам, бидејќи денеска многу цитати видов во различни текстови од Шекспир, од Исус Христос, и такви работи. Има една господине Попов една реченица каде што вели Исус: Господе прости им, не знаат што прават. Мегутоа, јас се плашам дека таа не може да се примени за сите вас. Некои од вас точно знаете што правите И точно знаете каде ја водите оваа држава. И затоа секој со својот крст, денес и во наредниот период ќе си ги положи сметките на одговорност за постапките, времето е пред нас, ќе се види во кој правец оди оваа држава. Ние ќе го користиме нашето право, ние од тоа не се откажуваме и џабе ви се напорите да не заплашите и да не поколебате на тој план. (Аплауз).

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, господа пратеници, меѓутоа таква е жестока расправата па нема да ми замерите што често пати морам да реагирам бранејќи го законот. Сега сум малку ставен и во улога на адвокат, можеби не сум така вешт говорник извежбан за политички говори како господинот Црвенковски. Ке си дозволам една забелешка, нека ми прости ако згрешам. Прави една грешка. Имаше еден француски претседател на кој советникот му ги пишувал говорите и таму каде што немал аргументи во заграда ставал "овде викај". Тоа го прави господинот Црвенковски постојано викајќи и заканувајќи се и тн. наместо да зборува за аргументи. Јас сакам да зборувам за аргументи, бидејќи бев прашан заедно со вас сите, дали има некој во оваа сала што не знае дека според Одлуката на Уставниот суд градоначалниците на Гостивар и Тетово биле обврзани на некои конкретни дејствија. Јас ви велам дека јас сум тој што не знам дека постои таква одлука, за голема жал на господинот Црвенковски не знае ниту Уставниот суд. Јас ќе ви ја прочитам Одлуката на Уставниот суд. Таа гласи: Се укинува член 140 од Статутот на општината Гостивар донесен од Советот на општината на седницата од 13 март 1997 година, точка 1. Точка 2 се укинува решението со кое се запираат од извршување поединечните акти или дејства преземени врз основа на оспорениот член од Статутот. И точка 3, оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во Службен весник.

По однос на правното дејство Одлуката не предвидува никакви дејствија што треба да

ги преземе градоначалникот, туку предвидува дека треба да се укине. Зборуваме за правни одлуки. Јас сум министер за правда, а не сум политикант и сл. Според тоа, јас сакам да ги читам одлуките онака како што пишуваат. Оваа одлука на Уставниот суд се разбира барала определени дополнителни дејствија од некого. Се разбира дека во отсуство на друга уставна регулатива со која ќе се определи постапката во извршувањето на одлуките на Уставниот суд барала донесување уште на некои други конкретни одлуки. Јас би сметал дека таа претпоставка езадоволена ако да речеме Владата со своја одлука ги прецизираше натамошните постапки на сите учесници на кои се однесуваше Одлуката на Уставниот суд. Меѓутоа, таква одлука јас замолив да ми се презентира, еве сега пак би го замолил господинот Црвенковски, како екс премиер ако постои да се запознаеме и со содржината на таа одлука, да видиме, можеби во таа одлука биле дадени сите тие детали итн. меѓутоа не добивме ништо. Господа, безплодна е оваа дискусија. Вие на почетокот замеривте дека законот за амнестија содржи едно бледо образложение. Образложението беше намерно бледо за да не ги предизвика овие дискусии што ги предизвика. Меѓутоа, предлагачот немаше интенција да ги предизвика овие дискусии. За жал самата опозиција падна во една сопствена клопка и ги отвори сите тие расправи и добива вакви одговори како што треба да добие. (Аплауз).

**АРБЕН ЏАФЕРИ:**

Има две категории на луѓе кои цитирам: тие што имаат прочитано книги, ги знаат авторите и знаат дека Шекспир рекол нешто и го цитираат него. Има автори кои не знаат, ниту ги читале книгите и ги мешаат. Само знаат и запамтиле некои реченици и велат: "Прости ни боже", а не знаат дали е Његош, дали е Шекспир или кој е?

**АРБЕН ЏАФЕРИ:** (Продолжение)

Што се однесува до она што го кажа г-динот Црвенковски во однос на моето излагање и во однос на тоа што сум кажал по новините, пак велам, толку површно ги чита и новините, не само книгите, туку и новините. Јас никогаш, господине Црвенковски, не сум го кажал тоа што го рековте за македонскиот народ. Тоа е една перверзна интерпретација, перверзна ваша интерпретација на она што сте прочитале. Ако вие сакате на таа основа да отвориме дебата, ќе отвориме и тука. Но, вие прочитајте ги подобро. Прочитајте подобро тоа што сум рекол, ќе научите уште нешто.

Во однос на она што цитирате со г-динот Руфи Османи, ние од Вас баравме, тој предлог што го имавте за Законот за употреба на знамињата да ја употребите истата правна логика во однос на употребата на јазиците во општините. Тоа баравме од Вас, Ве молевме и чекавме да ни дадете повратен одговор.

Каде бевте вие? Не дадовте ниту одговор а ја имавте интервенцијата во Гостивар.

Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

За збор се јави Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Како гостиварски пратеник должен сум да бидам најкраток, бидејќи гостиварските настани си ја зедоа својата тежина во овој парламент.

Во првите демократски избори за претседател на државата и Албанците гласаа за г-динот Киро Глигоров. Меѓутоа, довербата што му беше доверена ја загуби за кратко време со неговата двоаршинска политика кон Албанците, со кратењето на уставните права што до тогаш ги уживавме.

Претседателот и екс премиерот се потрудија да имаме неколку монтирани политички процеси, како "Бит пазар", Тетово и Гостивар. Бидејќи самиот сум претставник на Гостивар, запознат сум како изгледаат тие денови. Самата слика покажуваше дека тоа е провокација од страна на екс Владата што беше ориентирана против меѓунационалните односи. Како жртви на тие настани се и тројца мртви, над илјада малтретирани граѓани, градоначалниците на Тетово и Гостивар, господата Алајдин Демири и

Руфи Османи и претседателите на советите на општините Тетово и Гостивар, господата Веби Беџети и Рефик Даути, и многу други граѓани кои за јавноста се непознати а лежат по затворите на оваа држава.

Европската заедница и другите институции укажуваа на Вашата погрешна политика, а вие и понатаму останувавте глуви на укажувањата се правдавте дека сме рамноправни и дека во Владата земаат еднакво учество и Албанците. Јас ве уверувам дека тие служеа како декор пред јавноста. Но, ме интересира дали тие Албанци беа консултирани и запознаети со монтираните политички процеси, а посебно за гостиварските настани? Денеска, кога станува збор за потпишувањето на Законот за амнестија, толку сме глуви, како да станува збор за друга држава или народ.

Од сето произлегува дека сум за еднаквост во сите права на граѓаните во оваа држава и за Законот за амнестија.

Почитуван претседателе на државата,

После сето што се случува во оваа држава, редно е да ја анализирате вашата уставна положба.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Има збор г-дин Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Барам да се врати претставникот на законот за кој сакаме да дискутираме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Господине Стојановски, право е на претставникот на Владата каде ќе седне.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, бил тука, само го менил местото, не е чудно, познат е по менувањето.

Јас би сакал да кажам свој став по однос на законот и да ја искористам оваа можност, затоа што минатито пат очигледно бевме оневозможени во таа насока да го направиме како пратеници, согласно уставното право што ни припаѓа и Деловникот за работа и согласно позицијата на Собранието што ја има.

Сакам да потсетам дека, можеби една позитивна корист што произлегува од овој уставен механизам гато овој закон дојде по втор пат пред пратениците на ова Собрание и тоа што пратениците имаа можност суштински да се запознаат, пред се и од јавните медиуми, расправите што се водеа околу овој закон итн. и до крај да ја согледаат суштината на овој закон на начин на кој можеше до овој момент да се согледа. За тоа придонесе, мислам многу и денешната расправа иако некои денешната расправа ја сместуваат во некоја негативна конотација, со оглед на тоа дека преовладуваа и мислења и расправии од оваа говорница што не коренспондираа со одредена парламентарна етика, да кажеме во најмал збор кажано, туку се одеше на ниски удари. Ниските удари најчесто зборуваат за дострелот на оние кои ги упатуваат, а не за удрените.

Во таа смисла, што е денеска на дневен ред е Законот за амнестија, во фаза во која беше даден првиот пат кога го разгледуваше овој Парламент, по форма и содржина целосно истоветен.

И покрај залагањата во образложението на Предлогот за донесување закон, искажувањата овде на застапниците на тој закон, поддршката што е дадена на тој закон, се во суштина дека со тој закон ќе се постигнат позитивни ефекти, не го делам тоа мислење и ќе изнесам аргументација околу тоа.

Прво, законот можам да го поделам на два дела. Дел кој ослободува четири осуденици за кривични дела кои поминале процедура во Република Македонија и за кои најчесто овде се расправа од дел од учесниците во расправата и дел кои се однесува за осуденици кои се на издржување на казна, кои се наоѓаат по затворите во Република Македонија во овој период на издржување на казна за други сторени дела од одредбите на Кривичниот закон на Република Македонија и евентуално од поранешните кривични закони што се затекнати, врз основа на пресудите донесени врз основа на тие прописи преземени со Уставот на Република Македонија.

Мислам дека во првиот дел што треба да остане компактен и кој не може да се, со решенијата што се нудат во него, е направено тотално промашување но целта што ќе сака да се постигне во однос на првите четворица затвореници.

Тоа од причини, што, прво, тоа се прави очигледно, мислам видно и од Законот и од расправата овде, преку институтот амнестија што всушност значи,

со закон што го донесува Парламентот на Република Македонија, што всушност значи милост. Милост дадена од законодавната власт према сторителите и издржувачите на тие казни. А тоа што подразбира, подразбира неменување на нивната правна положба.

Во која смисла? Значи во смисла дека тие осуденици и сторители на кривични дела се виновни за стореното дело.

Второ, значи дека им се признава, сите казнени последици што им се донесени со правосудните судски пресуди и времетраењето н каазните и правните последици што ќе останат од пресудата.

И после евентуалното амнестирање од страна на овој закон, кога ќе излезат на слобода, согласно Законот за кривична постапка, Кривичниот законик, целокупните правни пооледици што ќе ги носат тие учесници остануваат.

Е сега, знаете, милост се дава на оние кои во основа прво сакаат да добијат милост, а кои на некој начин ја признаваат својата вина за стореното дело и за ков сметаат дека во такви околности, за било кое казниво дело сториле одредена вина. Сториле одредена вина, одредено дејствие и за тоа се чувствуваат виновни или не се чувствуваат виновни, но го направиле и свесни се за последиците од противправноста на делото што го направиле.

Во конкретниов случај, за што се работи?

Се работи за луѓе осуденици кои тврдат дека не се виновни за делото за кое се осудени и за кое тврдат дека не направиле дело, што е огромна битна разлика.

Ако е тоа така, а тоа е така, видно е, утврдено и од многу субјекти констатирано и од меѓународни и од учесници и од нивни сопартијци, блиски другари итн., а мислам дека беше должен и министерот за правда, како застапник на тој закон да го каже овде, затоа што лично разговараше со нив, дека тие тоа не го бараат.

Тие бараат за тоа дека сметаат во моментот на водење на кривичната постапка дека постапката е водена во исполитизирана атмосфера во Република Македонија, настаната околу вкупните, таканаречени овде што се манипулира во една флоскула "Гостиварски настани" за кои претходно пратеникот Бранко Црвенковски зборуваше, мислам екс-премиерот зборуваше експлицидно за тоа прашање и бараат токму поради тој чин да под нормите кои владеат во Република Македонија им се овозможи некаква ревизија"на тој процес.

Јас лично, онолку колку што имам верификација стручна и колку што го следам овој предмет, и колку што имам информации, дозволувам дека добар дел и немам затоа што и како пратеници сме ставени во таква позиција, дека тоа би било можно да се направи, особено би било можно откога е отворена расправата по ова прашање овде, во јавноста итн., со истакнување на нова аргументација за примена на постојните институти предвидени во нашите позитивни прописи за поведување постапка со вонредни правни акти.

И, мислам дека само на таков начин од тој дел од предлогот на закон ќе можеме да дојдеме до права и здрава состојба. Во спротивно носењето на овој закон, денеска, за кој јас тврдам дека ќе се донесе, но се обидувам да укажам и дададам свој придонес во тој правец дека е можна таква единствена правна ситуација што ќе резултира со позитивни резултати во Република Македонија, во спротивно целите што ќе сакаат да се постигнат со овој закон ќе репродуцира нови незадоволителни состојби во сите свери за кои се засегнати со ваквото носење на овој закон. Тука да не ги набројувам, тоа се независноста на судството, авторитетот на судските институции, законите, учеството на субјектите, легализација на сите преземени дејствија на субјектите што учествувале, доведување под сомнение, под знак прашалник на тие активности итн. итн. а во крајна линија мислам дека негативно ќе се одрази и на меѓуетничките односи.

Вториот дел од законот, што ги проектира другите состојби во врска со предвидените осуденици кои издржуваат казни во Република Македонија за сторени кривични дела итн., мислам дека е сосема неправичен затоа што исти сторители за исти кривични дела, со искажана иста временска казна подеднакво ќе ги третира овој закон. Тоа е едната апсурдност.

Втората апсурдност, ако се работи за цифра за која се зборува, 800, 900 кои ја издржуваат таа казна, за различен број кривични дела, овие пратеници, секој поединечно од нас треба

да има увид за секого кој сторил, да се индивидуализираат последиците од стореното дело, пресудата, извршената казна, социјализација, ресоцијализација, поврат, неповрат итн., за да може со чиста совест, согласно уставните одредби да се определи за законот.

До денеска пратениците тоа го немаат. До пред извесен период ако претседателот го потпишеше Указот уште при првото носење, и министерот за правда, за жал, го немаше. Се погрижи во овој период да се ажурира Управата, да се ажурираат податоците и да извади нешто, но само за него. А ние, како парламент и како пратеници си остануваме пак на маргините на нашата фискултура со дигање на раце или не врз основа на политички одлуки, проекти итн.

Ако се остане на ваков начин, до крај во расправата и ако вака се заклучи расправата, јас ќе гласам против овој закон. Но, мислам и ќе сугерирам решение дека денеска треба да се прекине расправата по овој закон, да се раздели првиот дел и од оваа расправа и аргументација што е собрана по овој закон надлежните органи да соберат материјал и во еден разумно краток рок им овозможат на тие осудени лица, за првите четири пет, повторување, ревизија на процесот, кој што во легална постапка и од надлежни органи ќе го добијат она што сакаат или сатисфакција, доколку постои за тоа основ. Тие не сакаат милост.

А, за вториот дел, да ни се предложи веднаш закон да продолжи по оваа постапка, со тоа што за секој сторител на кривично дело кој е на издржување на казната ни се предложат сите потребни, релевантни фактори, ни се приложи тоа на пратеници да можеме да донесеме одлука.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Не може врз основа на овој закон и решенијата што се во него, некој со тоа што почна порано да ја издржува казната, а некој што почна подоцна и механизмот внатре што е предвиден некој да биде повластен, а некој не. Некој да добие по исти критериуми предвидено со законот порано амнестирање и милост од десет дена, а некој за исто дело и за иста временска казна да добие пет месеци, затоа што влегол на издржување на казна пред месец дена. Во тој случај ќе се постави прашањето на правната издржаност на тој акт.

Уште нешто да кажам со оглед дека е позната околноста Предлогот на овој закон е пред се предизвикан од политичкиот договор помеѓу учесниците во коалицијата не случајно самите осуденици за овој прв дел за кој зборувам, го бараат тоа затоа што позитивната ревизија на тој процес може да им донесе не само морална сатисфакција, туку може да им донесе и материјална сатисфакција ако навистина не основано досега поминале затвор толку колку што поминале. Во случајот што? Вие ги пуштате со носење на законот од затвор, тие утре ќе бидат ослободени и претседателот нужно по механизмот на Уставот треба да го потпише указот, ќе излезат од затворот, но излегуваат виновни, излегуваат осудени без право за морална, без право на материјална сатисфакција. Кои стручњаци го смислија ваквиот механизам?

Јас не би сакал, господа стручњаци, да не воведувате во нов механизам на манипулација околу личната судбина на поедини граѓани во оваа Република. Јас со мојата свест и совест и со моето знаење онолку колку што знам ќе се борам и ќе кажувам. Впрочем, познато е моето залагање и издвоено мислење по однос на носење на Законот за знамињата на националностите. Мислам дека го имам тоа морално право да го побарам и ова што сега го барам. Тоа е правиот ред, правиот пат на нештата ако сакаме вистински нашите залагања, доколку би биле искрени, на таков начин да постапиме.

Леснотијата со која се сака да се политизира носењето на овој закон е зачудувачка. Кај одредени политички субјекти индивидуалци присутни во Парламентот или групни формирани во субјекти или надвор од овој Парламент можат да имаат своја политичка корист. Јас лично одбивам да учествувам во политичка манипулација на носење на ваков закон за некој што политички ќе профитира. Затоа што се работи за индивидуални човечки слободи и права на граѓаните надвор од занданите на РМ на кои им е нанесено штета со сторувањето на кривичните дела или пропуштање на остварување на кривичните дела на тие што се внатре и на тие што се внатре во занданите со нивните права и слободи.

Политичката корист од ваквиот проект всушност се во длабока спротивност од декларациите за кои се залагате и за кои одбележувате како

божем јубилеите 50-ет годишнина.

На крајот да изразам жалење доколку не Ви биде пружена можност на коректен начин да придонесам и јас за евентуалните неправди што би биле ако се направени преку овие луѓе да не можам да учествувам да донесам соодветен акт за кој сум јас убеден дека можам тоа да го сторам. Зад ваков проект не можам да застанам. Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Наќе Стојановски.

Има збор пратеникот Кастриу Хаџиреџа.

Имаме уште двајца пријавени пратеници тоа се пратениците Кирил Андоновски и Горѓи Котевски, а потоа да привршиме со расправата. Уште се јавија Петар Гошев како последен.

**КАСТРИУ ХАЏИРЕЏА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, чувствувам морално право па и обврска да се јавам на оваа говорница за овој закон за амнестија. На претседателот му требаше долго време и многу консултации да се определи како ќе постапи со законот за амнестија. Иако лично ниту очекував дека Претседателот на Републиката ќе даде согласност на законот за амнестија усвоен од Собранието на Република Македонија и тоа од многу причини, а можеби главно имајќи ги предвид политичките убедувања и политичките интереси на Претседателот.

Читајќи го неговото образложение многу добро се гледа оти главен мотив за непотпишувањето на овој закон се кривичните дела односно осудените лица осудени според членот 319 и 387 од Кривичниот законик на Република Македонија. Претседателот во своето образложение најголем простор посвети токму на овие осудени лица третирани од сите релевантни меѓународни фактори како политички осуденици, а нивните дела како политички дела. Токму за тоа овие два члена ме потсетуваат на членовите 316, 114 и 118 од Кривичниот закон на СФРЈ со кој едновремено како и сега толку многу се манипулира со правата на албанците, а тоа му е добро познато и на Претседателот како бивш висок функционер во тогашната Влада на СФРЈ кој знаеше и многу добро да манипулира со тие членови па таа вештина си ја пренесе и во текот нанеговото владеење во Република Македонија. Но, каков е епилогот на тој начин на владеење добро се знае. Според образложението на Претседателот амнестијата може да се применува само при значајни промени на општествено-политичките состојби во општеството и државата и според него таквиот момент бил во 1991 година за што е аплицирана тогашната амнестија. Дали тогашните промени реално гледано останаа само вербални или теоретски промени оти Владата што произлезе од тие промени, а и политиката водена од таа власт во многу нешта не се разликуваше водена од тогашниот Сојуз на комунисти на Македонија, па и голем дел од актерите на таа политика останаа непроменети така што за вистински промени на општествено политичките состојби во Македонија треба дури да се очекуваат. Оваа амнестија можеби ќе биде мал чекор кон тие долгоочекувани промени.

Во Вашето образложение г-дине претседателе наводите оти законот за амнестија не е во духот на Уставот на Република Македонија. Изгледа многу бргу сте го заборавиле Вашето излагање на 25-тата седница на Собранието одржана на 20 ноември 1991 година при свеченото прогласување на Уставот на Република Македонија каде меѓу другото имате еден пасус каде велите: "Разбирањето, чувствителноста и перманентната грижа за меѓунационалните односи се од капитално значење за нашиот мир, за идниот економски и социјален подем, а пред се за безбедноста на нашата Република", а понатаму мотото на нашето владеење треба да биде - ништо не се решава со сила и рестрикции со страв од правата на другите, но тие убави зборови останаа само зборови на хартија оти многу бргу Вие и тогашната владејечка партија ги покажавте вашите прави намери и ставови. Ни еден не е толку прост за да не ги гледа тешките и големите слабости на Вашето владеење ниту треба некоја голема мудрост да се забележи дека вашата одлична идеја ништо да не се решава со сила и рестрикција со страв од правата на другите, Вие го претворивте во спротивно така што се што во текот на Вашето владеење се обидовте да го решите по пат на сила и рестрикција сеејќи страв од правата на другите нарушувајќи ги меѓуанционалните односи со иницирање на меѓуетнички кризи. Секогаш кога вашата власт се наоѓаше пред големи и нерешливи проблеми. Зарем не се доволен доказ за тоа Битпазарските настани, настаните во Радолиште, во Речица околу тетовскиот универзитет,

Гостиварските настани и на крајот инсценирањето на така наречените терористички групи, сето ова со единствена цел криво да го насочите и убедите како надворешниот фактор така и македонскито народ оти не сте Вие криви и неспособни за состојбите во Македонија, туку секогаш криви и одговорни се албанците.

Од друга страна секогаш кога од меѓународните фактори е барано од Вас и тогашната владеачка партија да си направите чекор напред во остварувањето на правата на албанците, Вие тоа сте го одбивале стално со образложение оти во Македонија постојат национални опозициони партии кои се многу чувствителни на тие прашања и кои можат да иницираат такви нереди кои ќе ја доведат во прашање стабилнсота на државата, а сега кога истите тие опозициони партии предлагаат еден акт за амнестија со кој можеби ќе се дојде до едно релаксирање на меѓуетничките односи, Вие се определивте категорично против. Зарем тоа не е доволно да се види за каква политика на рамноправност на народите, за каква толеранција сте се ангажирале Вие во текот на вашето владеење? Сите можат да грешат, но гледај му ги грешките за да сватиш каков човек е тој, ако воопшто може овие ваши ставови да се сметаат како грешки.

На крајот, што се однесува до новиот Парламент до новата Влада мислам дека би било праведно да не се останува само на овој акт на амнестија, туку во што поскоро време се покрене иницијатива за обнова на Гостиварскиот процес со што би се исправила една голема неправда направена кон овие луѓе и албанскито народ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Хаџиреџа.

Збор има г-динот пратеник Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници.Јас прво сакам да укажам дека и претседателто на Собранието и потпретседателот додека ја водеше седницата беа доста демократски настроени, па толерираа да се зборува се и сешто од некои пратеници, не го искористија своето деловничко право да им укажат да се држат за материјалот што е предмет на расправа на оваа седница.

Би почнал од некои дискутанти што почнаа со зборовите дека ние пратениците од позицијата сме арогантни спрема исnтитуцијата претседател. Меѓутоа, сметам дека не е така, а тоа ќе го образложам со некои факти што претседателот толку долго одолговлечуваше со изјаснувањето дали ќе го потпише указот или нема. Консултираше експерти, се надевам дека и во Собранието и во позицијата и во опозицијата има експерти, исто така се надевам дека и во Владата има експерти кои можеше да ги консултира и тоа побргу да се реши. Макар да има посебна одредба коај вели дека законите влегуваат во сила односно се огласуваат најдоцна седум дена по донесувањето, а тоа значи седум дена од донесувањето во Собранието. Тука беше пречекорен тој рок, сепак имаше разбирање кај позицијата и го дочека одговорот. Се надевам дека амнестијата е милост како и помилувањето. Еден дискутант овде спомна дека таа милост не ја сакаат некои осудени лица, па во тоа се разликуваат институтите помилување и амнестија. Помилувањето може да биде на барање, на предлог на надлежен орган или на барање на самиот осуденик, додека амнестијата опфаќа неодредени лица осуденици. Спрема тоа, не се прашуваат осудениците дали сакаат или не сакаат. Тоа е во енциклопедијата и треба да се види.

Од друга страна ги паметиме зборовите дека ќе бидат конструктивна опозиција иако има доста содржина во образложението, во причините па и во основните начела, па и во целта на донесувањето на овој закон образложено, а сега поготово со ставовите што ни се дадени образложено зошто се дава амнестијата, зошто се донесува законот за амнестија. Мислам дека и тоа не е спорно.

Често пати се манипулира со зборовите дека со овој закон за амнестија се ослободуваат криминалци, па сигурно криминалци се во затворот. Меѓутоа, не се ослободуваат, се ослободува дел од тие осуденици, а на другите им се намалува казната така што во народот провејува мислење дека сите амблок се ослободуваат. Досега слушав од некои правници дека законот за амнестија има уставен основ. Мислам дкеа тука е неспорно дека има уставен основ. Причините се наведени зошто. Често пати се зборува дека е договор на коалицијата. Па сигурно. Што значи правото? Правото

е нормирање на политичките односи. Мислам дека тука е јасно веројатно и сега опозицијата која беше во позиција тие нивни програми, онаа нивна политика ја носрмираа преку законите.Од друга страна дали законот за амнестија се однесува само за одреден народ, македонскиот народ како осуденици или пак од албанската народност и други. Не. Таа ги опфаќа сите. Во тоа е убавината на овој закон што се донесува.

Во образложението што го даде Претседателот беа наведени доста факти и аргументи кои не држат затоа што властите мора да бидат одвоени извршната законодавната и судската. Точно е дека Владата е извршен орган, точно е дека извршен орган е и Претседателот на републиката, меѓутоа, имаат строго определени надлежности во Уставот. Никаде не пишува во Уставот или во некој друг акт или актот за Владата дека треба да го консултираат Претседателот за донесе некој закон односно да предложи некој закон, а Собранието да го донесе. Мислам дека во тој правец ако се движиме се надевам дека и опозицијата поинаку ќе размислува.

Ние видовме, а тоа треба да го почитува Претседателот на Републиката видовме од седницата кога беше Предлог за доенсување на закон со Предлог на закон, видовме дека во овој парламентарен дом мнозинството е за овој закон, за донесување на овој закон. И покрај тоа што беше така Претседателот на Републиакта застана на една страна, на страната на опозицијата што мислам дека не би требало така да биде поради тоа што тој треба да биде претседател на сите граѓани без оглед кој го кандидирал, во тоа е големината на претседателот на државата.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:** (продолжение)

Од друга страна, ние сме долу сеуште кај електоратот. Ние разговараме секој ден со нив, за разлика веројатно од опозицијата што е над и неможе тоа да го слушне. Опозицијата треба да се симне долу да слушне народот што мисли. А ние го пренесуваме она што го мисли народот. Се надевам дека, од друга страна, веќе се чувствувам во срединате каде што има мешано население од разни националности, се чувствувам релаксација, што е доста позитивно за стабилизација на нашава држава.

Поаѓајќи од ова дека има уставен основ, дека има потреба од донесуваше на закон, дека се постигнуваат одредени цели затоа што казната што им е определена не е само да има репресивна улога, туку таа има истовремено и треба да биде ресоцијализирачка односно воспитна. Се надевам дека ние ќе придонесеме и оние затвореници што размислуваат поинаку да ги вклопиме во тековите на нормалниот живот.

На крајот би сакал да кажам, да се надеваме дека со овие наши аргументи и опозицијата, иако досега размислуваше и гласаше против донесувањето на овој Закон, ќе се надминат себеси и ќе станат навистина конструктивна опозиција и ќе гласаат за донесувањето на овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Кире Андоновски.

Збор има г-динот пратеник Горѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, ценети новинари, имам чест после долг период да се обратам во овој Парламент и врз основа на оваа точка што е поставена денес на дневен ред да кажам некои мои видувања.

Најпрво би сакал да му укажам на г-динот Бранко Црвенковски дека ќе го прекршам правилото некој друг да ми пишува реферати или диктати. Еве, слободно можете да видите дека мојот говор ќе биде лично мое дело. Според тоа не важи теоријата на Бранко Црвенковски дека "ако падне теслата, ќе го отепа детето".

Искрено сакам да ви кажам дека во досегашната практика во РМ секогаш се одело на симпозиуми, се одело и на разни теоретски расправи и теоријата секогаш предначела пред превентивата. За жал, секогаш се учиме само на последиците. Никогаш не се учиме на она што претходно треба да стане, исто како онаа поговорката: кога Евреинот ќе го пуштел детето на бунар, прво ќе го натепал за да не ја скрши стомната, зашто е залудно после кршењето на стомната да добие ќотек. За жал, по тој ред така работиме. И залудно овде г-динот Бранко Црвенковски, поранешен премиер, да образложува какви биле настаните во Тетово, Гостивар и тн, и да прави разни

песнопојки и поетски искази итн, и да ги чита и препрочитува книгите или стеногравските белешки од одредени пратеници. Тоа е, господа, залудно сега. Ние не треба да се учиме на глупостите, во паметниот свет секогаш се учат, како што кажав и претходно, на превентивата.

Ние како политички избраници во овој Парламент и посебно како опозиција, ја имаме целосната одговорност што денес донесуваме еден закон за амнестија. Но треба да сватиме дека целиот наш живот, ваш живот и на сите луѓе во оваа држава и другите држави е исполнет со политика и политиката секогаш ја одредува ја диктира целта. А целта се остварува преку правната регулатива, преку донесувањето на законите. Што е најбитното? Најбитното е дали ние во овој денешен политички миг во РМ сме направиле добра сондажа, сме направиле добра коалиција, сме го процениле вистинскиот миг дали во овој час треба да го донесеме тој закон за амнестија и какви позитивни последици ќе има во нашата држава. До колку сме го погодиле вистинскиот политички момент во Македонија со донесувањето на овој закон за амнестија, тогаш нашите избирачи или вкупно народот во РМ ќе знае добро да процени дали ние како коалиција делуваме добро, работиме добро и според тоа тие ќе бидат критериумот на наредните избори на кого да го дадат гласот, а не на г-динот Бранко Црвенковски или на било кој друг да ни укажува дека политички грешиме. Дозволете, нема потреба во политиката од давање совети. Ние секогаш ќе ве ловиме таму каде грешите. И обратно, вие секогаш како опозиција ќе не ловите таму каде што ние грешиме и затоа и едната и другата страна ќе добиваме позитивни или негативни поени. Тоа е основното мерило или основниот критериум или правилото на игра во повеќепартизмот во секоја држава денес во светот, вклучително тука и во РМ.

Токму заради тоа ние како коалиција оценивме нашата Влада, нашите луѓе вклучени во овој тим процениja дека навистина денес во РМ е неопходно да се донесе еден закон за амнестија заради повеќе причини. Но една од основните причини е тоа што навистина судството во РМ не функционирало како што треба, превентивата исто така не функционирала како што треба и сите други инситуции кои се задолжени да работат во согласнос со Уставот и законите на оваа држава. Денес, без разлика дали овде ќе говориме со часови, да го напаѓаме безобзирно или незнам како кој се искажа од оваа страна, претседателот на државата ние нема да го постигнеме саканиот ефект. Уставот пропишал како треба да се одвива оваа постапка и кое е правото на претседателот за потпишување на законот или непотпишување. Тука нема дилема, тоа е сосема чиста работа правно регулирана. Меѓутоа, најосновното правило е дали во овој даден политички миг тој репрезентативец, најрепрезентативната личност во државата на врвот на пирамидата, дали навистина оценил и проценил дали е мудро, и навистина ако бил мудар политичар со долгогодишно политичко искуство, дали навистина добро проценил дека не треба да потпише овој закон за амнестија. Тука клучното и основното прашање и сега доаѓаме до крајот. Доколку претседателот навистина добро проценил со неговите стручњаци, а ние од другата страна исто така имаме стручњаци експерти за оваа материја, тогаш двете работи ќе вагаат во јавноста во РМ, па и во овој Парламент. За кратко време ќе се види кој е ефектот од овој закон за амнестија и тогаш или едната или другата страна, морална обврска е што: да понесе одредени секвенци и да рече јас за оваа политичка погрешка треба да си одам од политичката сцена во РМ, на еден или на друг начин, нема друго правило на игра. Тоа е во повеќе земји со повеќепартизам. Меѓутоа, за жал кај повеќе владее примитивизмот, не владее правото, одколку непишаните правила на одредени политичари во оваа држава, кое е всушност искуство во досегашната осумгодишна практика. Јас не би сакал да ве заморувам, како што некои пратеници од оваа страна сакаа да изнесат дека во тие осум години биле цвет во Македонија, дека мирисале на најубаво нешто што цвета во мај. Меѓутоа, ние доживеавме обратно, доживеавме најголеми катастрофи, најголеми катаклизми, па ако сакате дури и лични катастрофи не само на материјалната основа, мене како човек, како семејство, туку на многу други семејства.

Затоа, велам, допуштете, политиката е таа која е составен дел на целиот живот, ако сакате дури политика е и во семејството, политика е и во бракот, политика е во овој Парламет. Дури, ако сакате, политика е и еден Тајван. Зошто политика? Затоа што ние политиката ќе ја водиме, има повеќе средства *со* кои се

води политика. Ако ние оцениме дека тоа носи просперитет на оваа држава, тоа ќе го направиме а има кој друг да мери во оваа држава како тоа да не санкционира на изборите со позитива или негатива. Инаку, се би било залудно овде што ќе разговараме и ќе говорим Јас сум навистина разочаран, особено од луѓето кои раководеа со оваа држава осум години и тоа имаа полно мнозинство во овој Парламент да одлучуваат како сакаат и што сакаат. Направија толку голема пакост, толку пакост направија. Немора да ги споменувам одредени афери. Да го земам само Битола од каде што јас доаѓам, земетего Косиот мост во РЕК, земете ја ТАТ, земете го палењето на колите во Битола, да не зборувам за ХАРД РОК, да не ги спомнувам за сите овие работи што се случија во оваа држава. Има ли поголеми аргументи од тоа за кои вие сакате да зборувате. Допуштете да се натпреваруваме, натпреварот во политиката е основа. Ако ние можеме во тој натпревар да ве надмудриме, ќе ве надмудриме и никогаш нема да ви даваме совети каде грешите. И слободно грешете, ние на тоа ќе добиваме поени кога грешите. Инаку, ако ја погодите работата, тогаш ние ќе си одиме од политичката сцена. Тоа е основното правило.

Затоа, немора да се согласувате со она што го ставаме како образложение за што треба да се донесе овој закон за амнестија. Тоа уставно право како Собрание го користиме. Уставното право го користи и претседателот. Но затоа на крајот, да завршам, несакам да должам бидејќи се е кажано, се е јасно во оваа држава, ве молам постапувајте така како што сметате и така како што ја водите вашата стратегија од претходните осум години и со тоа ќе ни допуштите подолго да владееме. А сето друго ќе го оставите на нашата грижа, на нашата совест како позиција, за која ние имаме посебен рецепт и за превентива и за нови закони, а не за ревизии како што вие повторно ни укажувате, и на јазик, култура, историја и тн. Ништо во животот не е дадено толку свето, еднаш да е дадено и да не се менува. Тоа може да биде свето само во Библијата и во Талмутот. Друго може да се менува, но во прилог на овие луѓе во оваа држава кои стенкаат под ропството овие осум години. Вие треба да сватите дека не треба теоретски расправи да водиме за луѓето кои чепкаат во контејнерите, кои секојдневно притискаат на ѕвончето и бараат леб, бараат храна. Ние се заборавивме во овие клупи три мандати од ваша страна кои седите овде. Вие заборавивте како изгледа да се биде обичен граѓанин во оваа држава. Вие заборавивте како изгледаа и затворските казни. Вие заборавивте за еден Сугаре дека пет години политичка одлука, го чувате на притвор дома без работа на жена и него. Пет години! И дојде време кога треба да победи ВМРО-ДПМНЕ се носи конечна одлука. И каде е таа ваша хипокризија? Јас неможам да ви се начудам, навистина, луѓе, а сте од мојот сој, вие сте мои македонски браќа, ве почитувам, но дајте да воспоставиме некои правила на игра, каде што можеме да се натпреваруваме и народот да гледа што е добро и што е лошо.. Едноставно да се надмудруваме во она што треба да направиме за оваа држава, а не во она што треба да расипиме. Затоа ви велам, ние го имаме тој рецепт и ќе го спроведуваме, ќе ви докажеме дека нашата политика е сосема исправна и во согласност *со* тоа сите закони или измени на закони што ќе ги донесуваме, дури и меѓународни спогодби што ќе ги правиме со одредени држави во светот од интерес на Македонија и на сите граѓани во оваа држава.

Ви благодарам за трпението.

(аплауз во салата)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Збор има г-динот пратеник Петар Гошев**.**

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, јас нема да карам никого и нема никому да му судам денес. Имавме прилично такви тонови во дискусијата и прилично аподиктични оценки, кои ќе можат да се потврдуваат или демантираат во натамошниот период. Само накусо ќе изложам некои размислувања од ова што денес го слушав. Инаку, ставот во врска со Законот беше манифестиран при првото гласање од наша страна.

Сакам да кажам прво во врска со почетоците на постојаното ново, кое е пред нас. Сакам да кажам дека околу тоа треба да бидеме прилично внимателни и прилично објективни. Имавме почеток нов 1945 година, од корен се ново. Последиците на таа филозофија и идеологија ги имаме, нели, од корен се

ново. Имавме во 1990 година, од моите стари пријатели од СДСМ - се е ново и само оттука, и државноста , и се и тн. Сега се плашам во 1998 година да не почнеме пак навистина се одново, па пак да не погрешиме, затоа што ништо не е се така ново всушност и способни сме да правиме позитивен континуитет толку колку што сме способни. Ми се чини дека од тој тип на опсервација на општествените настани треба што побрзо да се ослободиме и да се обидуваме да правиме вистински социолошки анализи за она што е добро позитивно во еден момент и што негативно е присутно во сето тоа. Таа напомена сакав да ја кажам на почетокот, бидејќи јас се сеќавам 1990-та година кога имав можност да влијаам на некои настани и кога вербалниот деликт особено за луѓето од албанската националност за пароли и тн. го снема, па не беа санкционирани и тн, заработив на некои митинзи транспаренти "Гошев-шиптар" од луѓе кои знаат кој тоа го пишуваше, со какви оценки и со какви намери. Се разбира, не се каам што така сум почнувал со некои ставови во тоа време, бидејќи длабоко сум верувал и тогаш и сега верувам дека тоа бил добар пат за демократијата во РМ . Мегутоа, на тоа потсетувам всушност за да кажам дека имам некој морален кредибилитет за да кажам, да проговорам за оваа тема и поинаку од тоа што денес некои мислат, а ги молам да не ми судат престрого заради тоа. Инаку, денешнава седница на Собраниево за мене беше исклучително интересно. Морам да кажам дека дури беше возбудлива, дури беше инспиративна, едно вистинско духовно богатство за мене претставуваше. Особено за тоа дадоа придонес излагањата на г-дин Камбовски кој покрај другото се обиде амнестијата да ја образложи со доминацијата на кризата со кумулацијата на кризата од повеќе моменти во РМ, покрај другото, но со приличен акцент на овие прашања како аргументи зошто мора да уследи таква амнестија, со прилично возбуда и интерес, се разбира, го следев излагањето на г-динот Џафери кој се обиде да ја објасни потребата од оваа одлука, од овој Закон за амнестија, преку ставање во центарот на неговото излагање на теоријата или практиката на заговор, што се разбира постојано била присутна и користена од недемократските системи. Не бил нашиот систем имун од сето тоа, но на еден мошне интересен начин и за една духовна инспирација можевме да слушнеме интересни нешта, без оглед дали се согласуваме или не се согласуваме.

Тука беше интересно, се разбира, излагањето на г-динот Црвенковски кој што со својата емпириска ретроспектива и реториката исто така внесе интерес кај сите нас, кај мене. Се на се, сакам да кажам дека за духовните хедонести имаше материјал на оваа седница и од тој аспект јас сум прилично задоволен денес. Но се разбира, останува прашањето што со сиромасите, се разбира што со исплашените, бидејќи покрај сите убави нешта на оваа седница, стравувањата или заканите дека ќе ни се случат катастрофични нешта ако биде ова или она беа исто така прилично присутни, а тие всушност сиромаси без работа очекуваат нешто подиректно, поконкретно, поприземно од што ќе можат да живеат. Но да го оставам овој вовед настрана и да кажам неколку други конкретни работи како ги доживував.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Правата и образложенијата исто така се осврнаа на тоа за компетенциите. Имавме жестоки напади како претседателот се дрзнал да даде негативно мислење во врска со законот. Или дали Парламентот влегол во судските ингеренции на државата. Мислам дека претерувањата и неточностите беа прилично присутни. По Уставот господа, претседателот има право да врати на уште една размисла секој законски акт што го разгледува Парламентот. Инаку одредбата за непотпишувањето од страна на претседателот би била безпредметна во Уставот. Затоа не гледам потреба за било каква возбуда од тоа, со сите точни или неточни аргументи што може да стигнат и од претседател на државата.

Работата околу судството е поделикатна и јас таму нема да навлегувам, но точно е тоа дека Парламентот има право да донесе ваков закон, ја користи таа прилика овој Парламент да го направи тоа или мнозинството во Парламентот и прашање е сега колку може да му се помогне или одмогне на самостојното судство, во зависност од одбраниот предмет, од одбраниот момент, од одбраниот опфат и тн. За тоа сигурен сум дека нема да се согласиме, како што овде неможеше да се постигне согласност од едната и од другата страна.

Значи околу компетенциите исто така не гледав причина за посебгна возбуда.Тоа се периферните мотиви, или

периферните прашања за кои можеби требаше да се расправа. Но, јас сакам да кажам нешто за вистинските мотиви, како јас го гледам ова прашање и како во една прилика едни луѓе говорат и прават едно, во друга прилика во зависност од положбата во општеството говорат и прават сосема друго. Сакав да кажам за некои сличности, за некои совпаѓања. Тие совпаѓања можеме да ги провериме не на многу примери, иако има многу, многу примери, но едниот пример е 1993 година кога имавме судење за учесници во формирањето на паравојските и тоа со најтешки квалификации од страна на судовите со високи казни за тие за кои што се констатирало дека учествувале во тој чин. Што припремале, какви документи, какви контакти со државните служби на Република Албанија и тн. Наеднаш се разбира тие одлуки беа симнати или минимизирани од страна на тогашната актуелна власт. Мотивот кој колку сака да го прикрива на сите овде, а можеби пошироко, верувам многу опшироко е јасен. Требаше да се одржи тогашната коалиција на власт. Тоа го знае и левата, тоа го знае и десната страна. Мислам дека и денеска во донесувањето на овој закон за амнестија следи, покрај другите претпоставувам, несакам да исклучувам, но во голема мерка еден ист мотив, да се формира и да се одржи коалицијата што ја направија трите партии. Сите други аргументи можат и вака и онака елаборирани, но паралелата е апсолутно точна затоа жестината од едните или од другите мислам дека нема претерана основа во поглед на давањето на секому од тие кој што е жесток морален кредибилитет баш така да се нафрла на едното или на другото. Се разбира и едните тогаш и сегашниве и сите ние овде и коалицијата на власт добро треба да промислиме дали сето тоа ставено во дневно-политички контекс, во контекстот на одржувањето на коалиции и тн, навистина и помага на Република Македонија или не, навистина ни помага да го осамостоиме судството во Република Македонија и навистина да ги увериме граѓаните на Република Македонија дека ние градиме правна држава, деполитизирано судство, деполитизирани други судски органи и тн. Значи околу мотивите јас мислам тука лежат во прилична мерка работите. Понатаму, за тие вистински мотиви, сакам да кажам и нешто друго. Бидејќи прилично неодмерено се исфрлаат квалификативи, политички затвореници, по она најнегативна смисла на зборот, следи прашањето за сите нас, без оглед на пропустите во постапката. Господин Камбовски ми откри денеска еден навистина значаен пропуст, со таа одлука што не била донесена прецизирана помеѓу Врховниот суд и друг надлежен орган кој што треба да прецизира некои нешта. Исто така, кога од страна го набљудував одвивањето на тој процес се прашував зошто толку им се брза на актерите за така кратко време со оневозможување на сите можни барања на одбраната да се истера случајот убаво со дозвола, да се изнесат сите аргументи, па прашував. Се прашував исто така казната која што се изрече во првиот момент од 13,8 или 7 години е таа која што треба, или е тоа престрого и тн. Зошто толку се брза, зошто таква манифестација и тн. Нели има тоа примеси на политичка интервенција во судството и тн. Значи сето тоа исто така го имам предвид, кога зборуваме за овој случај. Меѓутоа, исто така се прашувам за следното. Дали имаше чин на поттикнување на верска нетрпеливост. Дали имаше чин сепак со извесни пропусти, чин на опструкција, на спроведувњето на одлуката на еден судски орган, во случајот на Уставниот суд. Дали во сето ова имаше чин на организирање на отпор да се спроведе една судска одлука на органи во државата на Република Македонија. Вие сите добро знаете дека и тоа го имаше и дека законска основа, според кривичните прописи за санкционирање, за казна на учесниците во тие настани, секако дека има и затоа незнам колку е добро да се каже заради некои други потреби пред светот, дека во Македонија тие казни се чисто политички, идеолошки казни и тн. Тоа не е добро за никого во оваа сала. За ниту еден пратеник, за ниту еден граѓанин на Република Македонија, без оглед на верската, националната и другата припадност и тн. Ке биде добро, ако тоа објективно се набљудува, објективно се суди и ако секој си одговара според законите на оваа држава. Се разбира, тоа не значи дека ако постоело сето тоа, а мислам дека постоело тоа и

уште нешто друго, дека повторно некој нема право да покаже милост скратување на казна, преиспитување на казна и тн. Но бришење на сето тоа како да не било точно, како да не постоело, тоа исто така не кореспондира со вистината и уверен сум дека и мнозинството во оваа сала тоа го знае. Според тоа, нека биде оваа власт милостива, нека го прави тоа што мисли, настаните што ќе следат, потоа ќе не уверат, дали овој чин навистина ќе придонесе за јакнење на суверенитетот и интегритетот во Македонија, дали ваквите одлуки навистина ќе помогнат да се зацврсти самостојноста на судството, неговиот дигнитет, да профункционира поуспешно правната држава во Република Македонија, или ова ќе влијае негативно, или ќе стимулира исти такви постапки на луѓе кои што не сакаат да го почитуваат суверенитетот и интегритетот на Република Македонија без да ги почитуваат националните, државните симболи на Република Македонија, преку кои што се манифестира тој суверенитет на Република Македонија, значи тоа останува да го видиме, но заради сето ова што го изложив и заради сето тоа што го реков во врска со претходната постапка, ние од ЛДП нема да гласаме за Законот, односно ќе бидеме воздржани, како што бевме воздржани минатиот пат, без оглед што некој нема да бидат задоволни од таквиот став, а други ќе бидат задоволни, но тие што нема да бидат задоволни од овој став, нема да бидат попречени да го усвојат Законот, а потоа ние да видиме позитивни плодови за кои што, се разбира, ќе им честитаме ако се случат.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ние работиме во одредени штабски центри во коалицијата, тоа морам да ви го кажам за Гостивар нема да говорам, затоа што сметам дека има покомпетентни од мене кои биле активни учесници во тие работи, второ цело време овде ВМРО-ДПМНЕ, односно бугарофилите ќе направат ревизија на јазикот и писмото. Сметам дека таа работа палеше 1991, 1992 денеска е умрена таа работа. И мислам дека е излишно повеќе да ја експлоатирате. Се согласувам со една работа на госпдинот Црвенковски дека сите еден ден ќе положиме сметка за одговорност. Ако не пред земските судови, тогаш пред бога. Но прашање е следното. Каде ќе биде вашето место, најверојатно во пеколот, а во најдобар случај во чистилиштето. Би почнал со моето излагање, нема да ви одземам многу време.

Почитувани дами и господа, почитувани пратеници, нели е чесно да се признае дека Законот за амнестија крена огромна прашина во македонската јавност, од едноставна причина што му е дадена преголема гласност, потребно ли е или не, времето тоа ќе го покаже, впрочем временската дистанца е најдобриот показател за исправноста и невалидноста на одредени чекори во случајот со Законот за амнестија. Не навлегувајќи во детали во правното толкување на овој закон, сакам да презентирам свое видување во гореспоменатиот акт. Непотпишувањето на Законот за амнестија од страна на претседателот на државата, неможам поинаку да го сватам, туку само како класична опрстуркција на одлуките на највисокиот законодавен дом, а со тоа и негирање на волјата на мнозинството на граѓаните кој додале својот глас за владината коалиција. Класична политичка опструкција поттикната или не исклучиво од тесно партиските, многу интересен термин, интереси на СДСМ и ништо друго. За жал актуелниот претседател на Владата не успеа да се стави над партиските интереси, како носител на партиската книшка број 1 на СДСМ, туку робува и во случајот претставува класична марионета и продолжена рака на бившата позиција, сега нормално опозиција. Едноставно кажано, господинот претседател неможе да свати дека времињата се менуваат дека СДСМ е минато, се надевам и свршено време, дека дуваат нови ветришта, ветришта на промени, промени кој лично се надевам носат нови идеи, нов квалитет, добра волја искрено нешто да се направи за народот, вклучително и за државата. Политиката која заеднички ја креираше со екс-владеачката гарнитура не само што е минато, туку не го издржа и тестот на времето. Впрочем, последните избори тоа и го докажаа. Оттука, и мојата констатација дека претседателот Глигоров на секој можен начин ги опструира предлозите на Владата, дали се работи за жал за минатите времиња, или можеби е нешто друго, можна дестабилизација на државата и враќање не неговите пулени од СДСМ на старите позиции. Можеби се работи за некој таен штаб, господ знае. Законот за амнестија го разбира единствено како чин на добра волја во функција на стабилноста на Република Македонија, притоа недоведувајќи се во личен сомнеж во сопствениот патриотизам,

како примерен момент во личното, т.е. своето опстојување. Но што е тоа индикативно во образложението на господинот Глигоров во врска со непотпишувањето на гореспоменатиот закон. На страница 2 стои од самото образложение дека оној што предизвикува национална и верска расна омраза, раздор и нетрпеливост, односно организирање отпор, ќе одговара според член 319, 387 од Кривичниот законик на Република Македонија, според кои се осудени двајцата екс градоначалници на Тетово и Гостивар, вклучително и членот 377 од истиот закон за неизвршување на судски одлуки. Судењето на претходно споменатите во Гостивар под диригенска палка на судијката Јелена Кенери, според мене беше фарсично, како што беше фарса и судењето на Ичо Гаврилов и плукачката како што ја нарекоа медиумите Сребра Тодевска. Можевте на многу посуптилен начин тоа да го направите. Режисерите на судењето беа катастрофални. Дури од авион се гледаше дека работата е сматок. Скопски кажано мучук. Па се чудите господа од СДСМ што Европа Ви забележува Вас дека во државата имате политички затвореници. Иста таа Европа кој вие во минатите седум години цело време ја глорифицирате. Но поентата ми е сосема друга, а тоа е следното. Што значи терминот организирање отпор кој претходно го спомнав во склоп на членот 319 и 387 од Кривичниот закон на Република Македонија. Нели ви се чини дами и господа дека организирање отпор е и отповикување на граѓаните со сите сили и средства што се на располагање да се спречи признавањето на Тајван. Ова го изрече господинот Глигоров во своето емотивно во наводници, но актерско расположение на 31.01.1999 година, на МТВ. Што всушност сакаше да каже господинот претседател. Дека актуелната власт олицетворена во овие три партии дојдена по најлегитимен пат на демократски избори, треба едноставно да се збрише, да се уништи, или ликвидира. Тоа би било и најдобро, ќе немате во иднина проблеми. Затоа што според него се отпадници од сопствениот народ и Македонија ја продале за лични интереси за една рака зелени банкноти. Претседателот си дозволи невидена авантура да повикува на отпор против сопствениот народ кој идеолошки не припаѓа на неговата опција. Си дозволи најдиректно да повикува на граѓанска војна меѓу македонците за жал. Нели ви се чини господа дека сме премалку во сопствената држава, да дозволиме авантури од ваков карактер. Говорам за тие што се македонци.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**
(продолжение)

Нели ви се чини дека не ни е потребна Бартоломејска ноќ, она што се случи во XVI век во Франција. Или, претседателот се поведува по онаа прочуена изрека на Луј XIV кралот на сонцето После мене потоп. Но, која е тежината на јавно изречениот збор од страна на претседателот во контекст на гореспоменатото. Кои се механизмите кои ќе ги санкционираат ваквите заложби на првиот човек во државата. Судството сигурно не, затоа што партиско на Социјалдемократскиот сојуз. Можеби гласот на граѓаните и чувството на истите дека претседателот Глигоров не е еднаков за сите. Впрочем не е и никаква тајна неговата верзија спрема сите оние кои не припаѓаат и не се блиски до Социјалдемократскиот сојуз.

Следствено на страна 2 од истото образложение се констатира дека законот за амнестија е политички договор меѓу партиите на власт и дека тоа е направено без образложение. Една кратка паралела со случајот паравојска. Тогаш господинот Глигоров"негуваше" некои други ставови за сторителите на кривични дела против државата од кои некои се ослободени, дел помилувани, а останатите условени на остаток казна затвор. Зарем случајот паравојска не ви се чини дека е политички дил на тогашните носители на власта, т.е. ваш политички дил?

Лицемерно е да се обвинува некој за нешто, во случајов господинот Глигоров, а претходно тој што обвинува го направил истото или нешто подрастично, како што беше случајот со паравојската.

На страна 4 од образложението на претседателот стои дека "неприфатливо е Законот за амнестија да се носи по итна, односно вонредна постапка". А, што фактички е направено со Законот за амнестија од 1991 година. И тогаш, како и сега Законот беше донесен по итна постапка. Тие што се од првиот состав памтат. Ние сме го гласале. Така што, тврдењата за неприфатиливоста на ваквиот начин на донесување на ваков битен закон воопшто

не држи вода. Но, повеќе од очигледно е дека некој во претседателскиот кабинет ангажиран во пишување на образложениеото има кратко паметење.Заборавил дека Законот за амнестија од 1991 година е донесен по истата постапка како овој од 1998 година. Очигледно е дека текстописецот меморијата му е послаба страна, па пред нас пратениците го испенали, буквално го испенали претседателот ни крив ни должен со низа промашени работи претходно спомнати. Ваквите диверзии не се дозволиви за самата функција претседател на држава, без разлика кој е носител на функцијат а. Но, што е тоа што провејува низ текстот на образложениеото, а интересно е и да се проанализира. Пример, потенцирањето на терминот правна држава. Човек треба да е слеп при очи за да не увиди дека правна држава за време на владеењето на Социјалдемократскиот сојуз не постоела. Партиска, да. Држава на Социјалдемократскиот сојуз како елита во Македонија, а сите останати како второкласни граѓани во истата. Мачкањето очи со терминот правна држава е, што би рекол нашиот народ лук и вода. Примери има безброј. Сметам дека сега е излишно да ги набројувам а и се познати на јавноста.

Во текстот, исто така, се констатира дека амнестијата од 1990 и 1991 година не ги даде позитивните ефекти и дека криминалитетот во државата според податоците е во пораст со елементи на насилство и свирепост, за кој господинот Глигоров неколкупати зборувал во Парламентот. Очигледно се заборава дека тоа беше време на владеење на СДСМ. Значи, беше време на владеење на Социјалдемократскиот сојуз, што значи дека не се направени никакви напори или биле малодушни штом се, дозволило такво ескалирање на состојбите со криминалот. Како тоа поинаку да се свати? Инструментите на правната држава беа во рацете на СДСМ. И, може тешко некој може да ме убеди и увери, доколку се сакало да се разрешат криминалните дејствија дека тоа не можело да се направи. Впрочем, кој е тој поединец или група на луѓе кои можат да се спротивстават на државата и нејзините инструменти. Апсолутно никој, нема теоретски шанси.

Прашањето е дали се имало интерес за да се разрешат состојбите.

Или интересот бил состојбите да ескалираат за поуспешен лов во матно.

Како заклучок стои фактот дека зад непотпишувањето на Законот за амнестија понудено како образложение од страна на претседателот, според мене уште еднаш ќе повторам е од чиста политичка природа. А не како што е презентирано поради низа недоследности кои се наброени во пет страници од самото образложение.

Според тоа, дами и господа, се прашувам, а и вас ве прашувам, каква би била судбината на овој закон, доколку овој закон го понудеше Бранко Црвенковски. Можете слободно да погодувате. Следствено би рекол дека автократијата е мртва и дека заживува демократијата. Но, зошто велам автократија? Затоа што тоа беше стил на работење и севкупното живеење во државата креирана според мене од првиот човек на државата господинот Глигоров. Мотото -кој не е со мене е против мене - беше и сеуште е слоган на таткото на нацијата. Но и самиот, најверојатно, не е свесен дека неговото гореспоменато мото е умрена работа. Благодарам, господа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Александар Флоровски. Збор има господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Драги колеги,

Јас ако дозволи господинот Гошев ќе почнам со една реченица од крајот на неговото излагање. Тој кажа дека е задоволен од денешната седница како се одвива, а се надевам нема погрешно да свати ако кажам дека моето мислење е токму спротивното и дека, верувајте, како што некој кажа овде, среќа или несреќа на некој да седи три години во Парламентот, три мандати. Мислам дека апсолутно колку што мене ме држи паметењето, еве во почетокот на третиот мандат, ова е апсолутно најмачната седница што ја држи македонскиот Парламент. Најмачната е, затоа што имало и порано седници на кои обвинувањата и квалификациите биле сериозни и тешки, меѓутоа, мислам дека никогаш во воздухот мора да признаете, не лебдела ваква атмосфера на поделеност и ваква атмосфера на желба едната страна да се доведе во ситуација на страна, која што не само што нема право да седи во

Пралраментот туку страна што е малтене пред судење.

Ние денес се наоѓаме во една уставна позиција а тоа значи дека кога законот не е со указ потпишан од страна на претседателот Парламентот е должен во рок од шест месеци да го разгледа повторно и да се изјасни. Ако се изјасни со 61 и повеќе пратеници, гласови, Законот по сила на Уставот се потпишува со Указ, а ако не законот паѓа. Меѓутоа, сега мислам дека наместо да се разговара нормално за уставната процедура и по втор пат да се разговара за законот врз основа на тоа што претседателот Глигоров со своето уставно право ни го предочи како негови видувања што се уставна надлежност, мислам дека се влезе во една процедура, ќе простите на зборот, на пресметка токму со уставното право на претседателот Глигоров и мислам дека на тој концепт не се издржа, туку се влезе во пресметка со претседателот Глигоров сам по себе. Наместо да се даде аргументација зошто законот дефакто, треба да влезе во сила во Република Македонија, прво, се обиде да се жигоса правото на претседателот да го потпише Указот затоа што нема легитимитет, или затоа што тоа не смеел да го прави.

Второ, се отвори пресметка од позицијата на Владата сега веќе придружена и со парламентарните групи од коалицијата, која мислам дека оди во насока на рушење на угледот на Владата, заради недостаток на аргументи. Мислам, исто така, дека се има еден обид преку овој закон да се обиде да се дисциплинира почитуваниот претседател Глигоров и да му се малтене одземе правото на размислување дали да потпише указ или не. Со ваква сатанизација и со вакви напади јас мислам дека се прави обид, смислен и политички обид претседателот да се исплаши и да се заплаши дека во иднина своето право да не може да размислува дали ќе го употреби. Се надевам дека тоа нема да се случи, а се надевам дека и Владата за последен пат ќе се обиде преку механизам на сатанизација да се обиде едно уставно право да го одземе. Мислам дека една изјава на претседателот Глигоров во своето обраќање пред јавноста во последниот петок, која нема да ја повторам, беше толку сериозна и до денешниот ден се повторува. Се прави обид Уставот да не се почитува. Ако некој има право да не го потпише Уставот, тоа не значи на некој кој има мнозинство во Владата тоа право му се дава да го оспорува. Наместо аргументи по тој повод, она што денеска го чувме од господинот Камбовски како министер мислам дека беше една незавидна позиција за министер од аспект на предлагач на закон во име на Владата, наместо да ги брани аргументите на законот, се направи обид да се пресмета со една политичка концепција во државава и дури да се пресмета со еден поранешен министер, сегашен колумнист во дневен весник во Република Македонија со увредливи зборови. Тоа немам намера да го коментирам, веројатно колумнистот во колумните ќе даде одговор за тоа.

Мислам дека е сосема нелогично и вон од здравиот разум и од правната логика од министер зад чија партија на изборите застанаа сто и нешто илјади гласови да го одзема легитимитетот на претседател, кој на истите такви избораи доби 700 илјади гласови. Односот на легитимитетот тука е 7:1. И, доколку се обиде некој тој легитимитет да го одземе, само заради тоа што пред неколку месеци, не расправајќи за претсеателски избори смета дека само по себе стотe илјади гласови вредат повеќе од седумсто, мислам дека е на границата на недоволно зрело однесување. Дури, дозволете и тоа да го кажам, некои од партијата Демократска алтернатива со сто илјади гласови нека не глуми на говорницава за својот легитимитет наспроти СДСМ со однос 1:3. На тие исти избори кога добивте сто илјади гласови, ние добивме 280.000 гласови. Тој легитимитет нема да го оспорите.

Мислам дека е веќе сериозна и опасна грешка за Република Македонија како целина, денеска конечно во дискусиите на сите политички партии од коалицијата, она што мене денеска дефинитивно ме разочара е и праифаќањето на концептот од страна на Владата во целина, не само од страна на коалициониот партнер ПДП-НДП дека во Македонија има политички затвореници. Се надевам дека сите што под тој изговор даваат амнестија на овие четири луѓе се свесни дека доколку Парламентот и Владата по тој изговор ја дадат амнестијата и тука застанат, ќе бидат не принципиелни, а дека нивната принципиелност може да се пролонгира длабоко во политичкиот систем во Македонија. Ако има политички

затвореник, тоа значи оној кој бил во истражните органи политички дејствувал, обвинителството, полицијата, основниот суд политички дејствувал. Во оваа постапка беше вмешан и Апелациониот суд во Скопје политички дејствувал, беше вмешан и Врховниот суд, политички дејствувал. Тоа значи залагањето на Владата и на парламентарното мнозинство дека законот амнестира политички затвореници, дава за право на овие исти органи, понатаму врз основа на изгласувањето на Парламентот само да продолжат она што е логично да се допресметаат со сите кои што учествуваат во политичките процеси во Република Македонија и на тој начин да се стигне до највиталните институции на оваа држава.

Сметам дека министерот Камбовски кого не го гледам во салата е должен пред гласањето за кое е сосема јасно како ќе заврши, да каже дека ова е закон за амнестија, а не закон за амнестија на полтички затвореници. Во спротивно повлекува сериозни консеквенци. Мислам дека не само што не се работи за политички затавореници, туку дека од денеска стануваме политички заложници на разни интереси во Република Македонија.

Јас, ако дозволите, со оглед на толку многу читана аргументација од страна на Владата и занемарувањето дека има и контра аргументација, би прочитал еден дел од мислењето на господинот Глигоров овојпат во функција на мое мислење по повод дали постои во Македонија криминал. Верувајте дека внимателно слушајќи јас веќе сум збунет од фактот дали во Република Македонија постои криминал или не постои. Сите говорници говорат дека постои криминал, а сите говорници кои го оправдаат после десет минути од својата дискусија амнестирањето, кажуваат дека криминалот е намален и заради тоа треба да се олесни таа ситуација. Тука јас би сакал да цитирам една реченица: "Институтот амнестија би требало да се користи за корекција на одредени изречени казни по правосилни судски пресуди што се однесуваат на кривични дела, чија општествена опасност е намалена или потполно престанала..." и продолжува "Тоа не е случај со кривичните дела што ги опфаќа овој закон за амнестија". Значи, тоа се контрадикторни оцени. И продолжува "напротив, предложениот закон за амнестија предвидува масовно амнестирање меѓу кое и сторители на тешки кривични дела". Што значи некореспондира коалиционата заложба дека во Македонија криминалот цути со заложбата за амнестирање токму на луѓето кои се осудени за криминал.

Исто така, сметам дека со законот повторно и покрај укажувањето се влегува во процедура, покрај амнестирањето Собранието и да пресудува. Значи, едно е да амнестира, меѓутоа, во овој случај Собранието прави обид како Владата, не само да амнестира, туку и да суди, па да кажува дека една казна се намалува за една година, друга за три месеци, трети сосема се ослободуваат, што значи се претвораме во судница, каде што секој има право да лицитира кој колку ќе биде амнестиран и да ги преиначува судските одлуки. Значи, пратеникот Наќе Стојановски беше во право дека или се врши амнестија на сите подеднакво, доколку влегуваме дискриминаторски во амнестијата. Едни целосно се ослободуваат, едни 10%, 15% итн., значи ние влегуваме во процес дефакто на пресудување на казните и покрај судење на претседателот Глигоров, влегуваме и во пресудување на судските одлуки за кривичните дела во Република Македонија.

Јас и минатиот пат по повод законот говорев за тоа како јас гледам на меѓународната аргументација која се влече по повод законот. Тоа нема да го повторам, затоа што го кажав, меѓутоа, само ќе кажам дека исто така овој пат имаме една малку нелогична ситуација. Имено, најголем дел од својата аргументација Владата и понатаму ја влече од тоа дека организацијата на Обединетите нации повикува на амнестирање. Европската унија преку својот Европарламент повикува на амнестија и дека ние треба да ги почитуваме ставовите на овие меѓународни институции. Македонија, на пример, преку својата Влада денес ставовите на овие меѓународни институции ги почитува вака. Ги почитува и инструкциите на Комисијата за човекови права на Обединетите нации, меѓутоа, едновремено територии кои не се признати од Обединетите нации, не се членки ги признава. Што значи дека ние не ги прифаќаме ставовите на меѓународните ораганизации. Ние не можеме во исто време на Обединетите нации да им кажеме, ние сме толку добри што вашите територии, односно териториите кои не се примени за членки

во Вашата организација ќе ги признаеме наспроти Вашите ставови, а во исто време Вашите ставови за ова ќе ги прифаќаме. Сметам дека е тоа селективен пристап. Исто така, Европската унија, како што знаете, нема воспоставено дипломатски односи со Тајван, меѓутоа ние воспоставивме и не ги почитуваме ставовите, како што имаме намера да ги почитуваме ставовите на една Резолуција која, се разбира, има таков карактер на Резолуција, а напротив, одлуките да ги минимизираме. Што значи дека има селективен пристап.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Исто така би сакал остро да протестирам против ставот на господинот министер за правда кој кажа дека против амнестијата набројувајќи многу категории на граѓани за оваа држава со негативен предзнак, освен оние кои ја поддржале. Меѓу другото кажа и дека противници на амнестијата се оние заведени истомисленицина СДСМ, дали како тој кажа на претходната власт. Само да потсетам дека овие се околу 280 илјади гласачи само на СДСМ и дека терминот заведени истомисленици, веројатно се мисли на нив, е сосема неиздржано и ако е од еден министер е многу. Затоа, нужно е потребно господинот министер да се повлече од таквата констатација затоа што обратното неповлекување значи дека заведените луѓе Владата треба да ги исправи на прав пат, што се разбира повлекува поинакви тоталитаристички тенденции во РМ.

Исто така би сакал да протестирам против споредбата на Македонија денес, па и под ваша власт, со држави од Африка, Јужна Америка и Азија, затоа што со некои постапки во надворешната политиака токму таму се сместивме.

Да кажам едно мое памтење во врска со спорот за Уставниот суд на РМ. Многу добро се сеќавам на една прес конференција во 1997 година кога после неколку месеци од неисполнувањето на одлуката од страна градоначалниците за кои денес се дава амнестија, претседателот на Уставниот суд, ако добро ме служи помнењето во тоа време професорт Милан Нетков, колега на нашиот министер од Правниот факултет, јавно преку прес конференција ја повика Владата да ја спроведе одлуката и во спротивно кажа дека неспроведувањето на оваа одлука од страна на Владата односно терминологијата, веројатно асистирање, значи, дека се руши правната држава во РМ.

Минатиот пат после моето излагање еден лидер на коалициониот партнер овде истапи со некакви теории за водоинсталатерски елементи во куќите кои добиваше аплаузи од страна на коалиционите партнери и кои во немал број на наврати се има искажано за македонскиот народ дека се славомакедонци или дека се митски народ, кој некоренспондира со стварноста, и дека буквално ја краде историјата на соседните држави. Значи, Македонија е територија во која непостои македонски народ и дека е тоа мит. Народот е народ од соседните држави. Ве молам, аплаузите да ги сочуваме.

На крајот за релаксацијата на која толку упорно најголем дел до пратениците на коалицијата се повикуваат дека со донесувањето на Законот за амнестија, па дури и пред негово донесување настанува релаксација на меѓунационалните односи во РМ. Би сакал да упатам на две работи.

Прво, не се обидувајте на СДСМ да му давате инструкции за релаксација на меѓунационалнтие односи. Тоа е концепт на кој работиме долго време и за кој најчесто бевме критикувано жестоко од вас.

Второ, овој пат би сакал да додадам дека можеби со ваквите постапки како што е овој пат закон и уште неколку други во врска со двојазичност, менување на Устав итн., некои ќе ги релаксира меѓунационалнтие односи во РМ, очигледно трасирајќи добар пат за себе.

Исто така би сакал да укажаме дека меѓунационалните односисо загриженост почнуваат да ги следат граѓаните од РМ со македонска националност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Никола Поповски.

Има збор пратеникот Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа.

Можеби како хомонаус нема многу да ви кажам нови работи, но чувствувам потреба да дадам и јас придонес со моето излагање.

Да не правам некакви ретроспективи на она што се случуваше во збиднувањата во нашата држава за овие 8 години, затоа ќе се обидам во најкратки црти да дадам, како што реков свој придонес во расправата.

Сегашната опозиција донесе многу закони, во моментот кога тие беа на власт. Еден од законите во нивните почетоци беше Законот против пушењето на јавните места. Според мене, еден ваков закон во една изнамачена земја беше една утопија, а народот односно младината на РМ ги натераа на игла и на шприцеви. Со закони го променивте и знамето на Македонија, без никаква забелешка од опозицијата. Законите кои го донесувавте и ги спроведувавте и ние верувавме во нив и се надевавме дека со нив ќе донесете и сето ова ќе вроди плод. Но, резултатите од вашите промени и законите кои вие ги донесувавте токму се огласија како последица на овие парламентарни избори.

За разлика од вас коалицијата за промени цени дека со сосема спротивни закони, како што е Законот за антикорупција, кој наиде на отпор, како што е законот за амнестија кој исто така наиде на отпор, напорите за воспоставување на дипломатски односи со некои земји и тој наиде на отпор. А, уште од самиот почеток за работата на Собранието сами изјавивте односно вашиот екс премиер како конструктивна опозиција, гласавте принципиелно против претседателот на Собранието, против замениците претседатели и уште што не. Дури се прашам што е функцијата на оваа конструктивна опозиција. На почетокот и самиот се уверив како конструктивна опозиција ќе сакате да ни помогнете укажувајќи ни на нашите грешки, да не ги правиме истите како вас и да донесуваме правилни закони. Но, како штро одминува времето се помалку и помалку верувам дека имате намера да ни помогнете. Единствена цел, јас сум веќе убеден дека вашата цел е да ја закочите иницијативата и напорите на новата Влада, заживување на нештата што одамна се погребани во РМ. Со тоа несакам да ве отфрлам од учеството на работата на Парламентот, но напротив, сакам да ви укажам и на народот на РМ, дека набљудувајќи ве како опозиција, односно како материја на опозиција, која би можела да биде од корист, од вас кога би можеле да произведеме делови за автомобил, односно за национално возило, од вас можеме да произведеме само гуртни, но не гуртни кои ќе помогнат или ќе послужат како фукција во функција на покренување на нештата за подобра иднина на РМ. Од вас може да се произведат првокласни гуртни за употреба на системот на кочење на националното возило. Но, можеби е тоа наша кривица. Ако ние минатите 6 години не ви помогнавме како конструктивна опозиција, односно ве оставивме сами да ги донесувате законите и да одговарате за нив. Затоа, вие во иднината бидете по доблесни од нас, искористете ја вашата суфистицираност во вашите ораторски способности, и земајте ја оваа говорница баш како конструктивна опозиција. Со тоа не само што ќе ни помогнете на нас, ќе се помогнете на вас, ќе му помогнете на македонскиот народ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Крале Спанчевски.

Процедурално прашање сака да постави Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Во овој мачен говор конечно опозицијата ја наредоа материјата од која што може да се прават гуртни. Можеби подобро ќе приличеше да кажете дека можете од нас да правите сапун.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, за вакви невкусни процедурални работи навистина нема смисла. Сепак, тоа е Парламент. И за едната и за другата страна говорам. Воопшто говорам.

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници.

Еден од мотивите за моето јавување е и локацијата на затворот

Идризово во изборна единица 65 т.е. блиску до Скопје во село Идризово, таму каде што нашиот прв претседател на РМ г-динот Ченто ги помина своите затворски денови и ги градеше становите во кои таму сега луѓето живеат. Тоа колку за ваше потсетување.

Инаку, јас сум техничко лице, не сум човек од политичките и општествените науки и сигурно мојот говор нема да биде така долг како што е говорот на политичарите и на општествените лица.

Ќе се обидам да биде тоа краток и суштински говор.

Со законот за амнестија се амнестираат лица за кои законодавецот мисли длабоко во себе дека тие лица ќе се покајат во себе длабоко, и понатаму нема да ги извршуваат тие дејствија кои ги извршиле и за кои се казнети со тој закон. Овој закон за амнестија во основа амнестира два вида на амнестии, политички и не политички.

Што се однесува до политичката амнестија, знаеме дека тоа се однесува на политичките затвореници. Тоа се градоначалниците на Гостивар и Тетово и нивните советници. Тука ќе спомнам една работа. Кога се амнестира нешто се мисли дека со амнестијата т.е. претходно пред амнестијата се создават услови со кои понатаму луѓето кои ги создале тие дејствија нема да имаат потреба да ги извршуваат истите. Ние знаеме дека во 1996 година г-динот претседател Киро Глигоров ги амнестира членовите од паравојската кои беа членови на ПДП. Меѓутоа, пред таа амнестија воопшто не се разнмислуваше дали по амнестијата ќе се создадат услови за тоа повторно да не повтори. Мегутоа, не испадна така, бидејќи уште при амнестијата се направи договор со ПДП кога СДСМ и ПДП беа во колација, дека понатаму нема да се случуваат такви дејствија на меѓунационална основа. Меѓутоа што се случи. Веќе следната година значи само една година после тоа се случи Гостивар. Пак на меѓунационална основа. Испадна дека амнестијата џабе била дадена т.е. не било добро договорено меѓу политичките партии.

Што се случува сега со оваа амнестија. Сега во овие услови имаме друга коалиција. Тоа е коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, ДА и нашиот коалиционен партнер од албанска страна ДПА. Ние мислиме дека ДПА практично се правите претставници на албанскиот народ, бидејќи тие имаат свои градоначалници и свои советници. До колку ПДП ја контролираше ситуацијата т.е. мегунационалнтие односи во РМ, уште во 1997 година, тие сугурно немаше да дозволат после 1996 година, тоа е после само една година после амнестијата која ја даде претседателот, да се случи тоа што се случи во 1997 година. Затоа мислиме дека со нашата коалиција ќе се контролира нашиот општествен систем во РМ, бидејќи со овие 3 коалициони партнери ќе бидат цеосно опфатени сите области од системот кои треба да се предвидуваат и контролираат, за да не би настанале некои несакани последици.

На крајот мислам дека претседателот греши што не го потпиша указот за амнестијата, бидејќи мислам дека на некој начин било нарушено неговото его, т.е. доколку тој бил прашан и замолен истиот да го предложи, сигурно ќе го предложел, бидејќи нема голема разлика помеѓу амнестијата во 1996 година т.е. помилувањето, а во основа тоа значи, со паравојската, а по мислењето на политичктие затвореници истиот е случај сега.

Што се однесува со другите осуденици, размислувам слично како колегата Коцевски дека не се важни последиците за кои сега ние дискутираме сега многу туку се важни предусловите поради кои се создадени овие дела, т.е. луѓето кои ги создале за да бидат осудени.

Преходната власт државата ја донесе во толку бедна состојба што мораа да ескалираат толку голем број на случаи, за луѓето да бидат осудувани и доведени во затворите.

Жалам што овде го нема господинот екс премиер, Бранко Црвенковски бидејќи како 1995 година кога бев избркан од работа заедно со уште 60-тина високообразовани луѓе, технички лица и инженери од МЗТ, кога кај него како премиер баравме прием да ни образложи зошто од 80-тина високо стручни лица во МЗТ, во ХЕПОС се истераа 60-тина луѓ'е, а во исто време, само месец дека пред тоа, се вработија нови 15 високо стручни приправници, инженери. И не сасмо тоа. Тао е само дел од голготата која што ја понесе македонскиот работник со законите за приватизација и со кои уште не закони со кои владеачката СДСМ ги осиромашуваше нашите фабрики за потоа да ги купува без пари. При тоа, илјадници луѓе кои беа истерани од своите работни места кај нив настанаа индивидуални и семејни трагедии, настанаа психички случаи, голем број на убиства, луѓето се фрлаа под возови. Зарем тоа не беа кривични дела на раководните луѓе на тие фабрики. Сигурно дека беа. Меѓутоа, тоа беа луѓе кои што беа најчесто членови или беа под покровителство на. владеачката партија т.е. тогашната СДСМ како позициона партија, а сега како опозициона партија.

Јас би ве замолил да одите меѓу народот. Мислам дека сеуште не

одите, меѓутоа, ќе одите уште малку ако продолжите вака, да видите, да ги прашате луѓето, дали овие луѓе кои се наоѓаат возатворите и за кои ние сега тука дискутираме, дали тие се правите претстапници во оваа држава. Одете прашајте ги луѓето, жентие кои останаа без своите мажи и осиромашените луѓе кои немаат пари за егзистенција, дали овие кои се во затворот се правите злосторници и правите виновници во оваа држава.

Јас ќе гласам за овој закон за аменстија, меѓудругото што овој закон е еднократен, бидејќи еднаш се донесува и бидејќи понатаму имаме можност повторно за исправка, т.е. ако луѓето продолжат со вакви дејанија, сепак ние сме пак тука како зако-нодавен дом и пак можеме да одлучуваме.

**САМО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Коце Трајановски.

Има уште пријавено еден пратеник за дискусија, госпоѓата Наталија Димова.

Дали г-ѓата Наталија сака да излезе на говорница или се откажува.

(Се откажува)

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по предлогот на законот.

Дали некој бара збор"по текстот и предлогот на законот? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (79)

Дали некој има против? (14)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Според тоа со 79 гласа "за", 14 "против" и 3 "воздржани" пратеници констатирам дека Собранието го донесе Законот за амнестија. (Аплауз)

Почитувани пратеници, пред да ја затворам 9-тата седница, бидејќи дневниот ред е исрцпен, сакам да ги искажам моите импресии од оваа седница.

Мислам дека од денес стекнавме едно огромно искуство, искуство на парламентарна дебата. Но, при тоа, јас би сакал од тоа искуство да извлечеме и една поука, таа поука е следната:

Секогаш кога говориме јас би сакал да се говори за работите, идеите, за предметот на расправата и да не спомнуваат личности, да не спомнуваат особено личности кои што не се присутни овде, кои што не можат да одговорат, а особено .......

(Негодување во салата од страна на опозицијата)

Не е само претседателот во прашање.

Имаше идруги личности кои се спомнуваа, па во таа смисла мислам дека би било коректно тоа да не го правиме.

Констатирам дека дневниот ред е исрцпен и ја заклучувам

Деветтата седница.

Утре во 11,оо часот продолжуваме со работа по Осмата седница на Собранието.

(Седницата заврши во 20,20 часот)